СПОМЕНИ

МОЕТО СЕМЕЈСТВО

Роден сум на вториот ден Велигден - на 16 април, стар стил, 1879 година. Светол празник, но мрачен ден за нашето семејство. Татко ми, поп Андо, беше заточен од проклетите грчки владици далеку, во некој солунски манастир. По моето раѓање мајка ми се разболува и останува со едното око повредено. Јас сум третиот од живите синови во семејството, по Михајле и Тодор. Убавото име на нашето семејство и храброста на татко ми оставиле добри спомени кај ваташани и тие копнееле нивниот духовен водач што поскоро да се врати од заточение. Правеле постапки и поплаки пред турската власт и, по долги маки и страдања, татко ми се вратил уште похрабар. Ваташани го пречекале уште погорди, поцврсти во својот бугарски национален дух. Уште на другиот ден по враќањето тој почнал да ги крштева некрстените деца, им читал молитви на родилките - леунки, кои не сакале друг свештеник да им ја прочита молитвата при раѓањето, а имало и неколку погребани без свештеник, зашто не сакале опелото да го изврши свештеник-гркоман. И нашата куќа по враќањето на татко ми се израдувала.

Моето родно село Ваташа е старо, постоело уште пред завојувањето на Тиквешко од страна на Турците. Ги преживеало сите турски бруталности и маки. Видело и робови испратени во синџири кон Анадолија. Како духовен центар на Тиквешката околија, селото Ваташа од памтивек до нај-

скоро време имало училиште. Во прво време приватни учители или духовни лица ги учеле децата на старобугарски - словенски јазик. Тие учеле за аз, буки, веди, глагол. Потоа ги читале "Наусницата", "Псалтирот", "Светците" и, штом ќе стасаат до "Евангелието", ученикот се сметал за зрел и можел да стане поп. А нашиот род е токму таков по потекло. Прапрадедо ми Аџи Коле, роден околу 1750 година, бил угледен, разумен и народен човек. Се занимавал со кирациство, бил трговец со алкохолни пијачки, вино, ракија, тргувал и со околните градови - Прилеп, Битола, Кичево, Штип, Кочани, Струмица, со Малешевијата. Тој бил искусен, заможен човек, почитуван кај населението, со добро име и - кога ваташани решиле да градат црква во селото, Аџи Коле бил пратен во Цариград за да добие ферман. Пред тоа тој патувал и по подалечни места, заедно со најмалиот син Аџи Јордан заминал во Ерусалим на аџилак. А патувањето на аџилак било со големи подготовки, така што при испраќањето имало и духовни процесии, зашто одењето на аџилак во Тиквешко било голема чест и уште поголема реткост. Со истите почести се вршел и пречекот на аџиите. Аџи Коле и син му Аџи Јордан биле пречекани со големи почести и тие им подариле на пречекувачите разни подароци, донесени од светите места.

Да се гради црква во она време било нешто најтешко. По завојувањето на земјата, Турците разурнале многу цркви и манастири. Среќни биле оние манастири што се зачувале неоштетени. Потоа Турците не дозволувале градба на цркви, особено во села мешани со Турци и Бугари. Едно време почнале да даваат дозволи само за поправки на урнати и уништени цркви и тоа надвор од селата. До изградбата на црквата во Ваташа, ваташани оделе в црква во малото параклисче надвор од селото, кај гробиштата, или во блискиот Полошки манастир. Но ваташани сакале да градат црква, и тоа во селото. Тогаш смислиле дека во селото има црква разурната од Турците, чиешто име било Архангел, за која никој не знаел каде е. Сложна дружина крева планина, сè

наоѓа. И со многу пари поткуп, тие констатирале дека тоа место е токму среде Ваташа, недалеку од реката - во чаршијата - спроти Турското маало, од другата страна на реката. Дошле многу комисии за да ги измерат старите ѕидишта на урнатата црква, колку педи била широка, долга, висока црквата, но парата сето тоа го олеснила и со препорака на видни бегови, Аџи Коле заминува за Цариград (Стамбол) и со уште повеќе пари го добива ферманот, со кој се дозволува да се гради црква среде селото Ваташа, нешто дотогаш невидено и во поголеми градови и околии.

Ваташани веднаш ја почнале градбата, сите притрчале на помош, а во селото имало над 80 мајстори-градители, месни жители. Помаците отспротива веднаш се спротивставиле со изговор дека не може да се гради црква среде село. Муслиманскиот закон не го дозволувал тоа. Не можат муслимани да гледаат пред себе христијански крстови и да бидат окадени со темјан. И почнала ужасна борба. Христијаните градат, помаците уриваат. Најпосле, дошло до спогодба: црквата да не ги надвишува покривите на другите куќи и затоа таа е изградена со осум-десет стапки в земја. Оградена е со висок ѕид, рамен со покривот на црквата. На покривот нема никаков христијански знак - кренат крст. Во 1817 година црквата била завршена и осветена. Аџи Коле бил првиот ктитор и неговиот стол е непосредно од десната страна до самиот владички престол, и овој стол се предавал од поколение на поколение. Поставиле клепало за да ги буди христијаните и да ги кани на божја служба. На помаците и тоа не им се бендисало, па пратиле двајца луѓе со секири да го искршат клепалото. Влегле во црквата од задната страна и штом дедо му на до неодамна живиот Ахмет Кафеџи ја кренал секирата и замавнал на клепалото, останал така вкочанет. Другиот помак избегал. Се кренала цела врева. Фатениот стои со секирата в рака. Не може да оди. Го викнале поп Камче, синот на Аџи Коле, да чита молитви и да го моли Господа Бога на грешниот помак да му го продолжи животот. Итриот свештеник му рекол дека само со молитви

Господ не ги прима молбите. Треба и нешто да се даде жртва. Израдувани дека попот ќе го моли Бога да му прости на грешниот, Турците рекле: "Кажи попе, кажи што да даруваме". - "Ех, на црква се даруваат свеќи, запалени пред иконите, и зејтин за кандилото". И спомнатиот помак во текот на целиот свој живот, секоја година, го исполнувал својот долг - давал зејтин и свеќи.

Благодарение на тоа, црквата никогаш веќе не била напаѓана. И самите помаци со стравопочит минувале покрај неа, како покрај свето место. Се сеќавам, многумина полудени помаци и христијани ги врзуваа во задната просторија на црквата, каде што татко ми им читаше молитви за од пострадаиот да излезат демоните. А такви случаи имаше многу, особено меѓу помаците што се враќаа од долго аскерување - војникување од огромната турска држава, од каде што не се враќале во родното село по 10-15 години, а по враќањето умот им се поместувал. Таков е случајот со Усо Улавиот, Ахмед Чауш - кој, додека беше жив, и откако му се врати умот, на градите секогаш ја носеше ослободителната мазба (сведоштво) од војникувањето, напишано на чист турски јазик и ние многумина зјапавме да го разгледаме тоа турско писмо, од кое не разбиравме ништо. Можеби од тој случај во црквата, или пак тоа останало од прадедовците на помаците, и тие при разни случаи, особено болести, често го викаа татко ми да им очита молитва. Честопати и јас одев со него. Ќе му ја покријат главата на болниот со бело платно, татко ми ќе си го кладе епитрахилот преку главата, на една керамитка ќе запали темјан и ќе му прочита молитва за здравје. Добро го наградуваа. Таа почит кон татко ми можеби се должеше и на фактот дека му беше внук на поп Камче, првиот свештеник во новата црква во Ваташа. Подоцна, по 20-30 години е изградена кавадаречката црква и тоа на периферијата од градот, иако ферманот бил издаден за градење црква врз малиот стар параклис претворен во турска медреса - турско духовно училиште, до самиот конак. А неготинската црква, изградена уште подоцна, е моѓне далеку од се-

лото. А кој не ги видел црквите во селата Марена, Глишиќ, кои се исто така доста далеку од селата? Подоцна, околу 1860 година, ваташани први кренале камбанарија за црквата. Помаците одново се растревожиле, бидејќи таму каде што муезинот му се обрнува на Алаха, не може да звони и камбана, но исплашени од несреќниот случај, ја голтнаа и таа горчина и поминаа преку прашањето без врева...

Од дотука кажаното се гледа дека јас сум фиданка од стар дабов корен. Петто поколение на еден род стар 200 години, сè народни луѓе, кои дале многу жртви за својот народ.

Нашето село е расположено на реката Луда Мара, или, како што ја нарекува Јордан Хаџи Константинов - Џинот - реката Мокла, зашто доаѓала откај селото Моклиште. Куќите во Ваташа се густо изградени, со малку дворови, расположени на стрмнините на три дола, на падините од ридиштата со лозја и потаму кон висорамнината Витачево и Кожуф Планина. Ваташа имаше 400 куќи, од кои 300 бугарски и 100 помачки. Во центарот на селото беа бугарските куќи, а помачките беа насекаде околу трите краја на селото. Таквиот распоред на куќите во последно време им создаваше големи главоболки на четите што влегуваа во селото. Беше потребна голема претпазливост, за да не разберат соседите - помаци. Бугарското население изнесуваше околу 1.500 души, а турското - помачкото околу 400. Бугарите се занимаваа со лозарство. Лозјата ги покриваа сите ридишта и долинки над селото. Правеа добро вино и ракија, кои кирациите од селото ги разнесуваа по другите околии и градови. Голем дел од Бугарите беа мајстори - градители. Речиси секоја втора куќа имаше и мајстор. Имаше шивачи, бакали, двајца берберi, три фурни печеа леб за населението. Многу ваташани имаа работилници во Кавадарци, а мајсторите, освен во Кавадарци, одеа да градат низ целата околија. Помаците се занимаваа исклучиво со ситно земјоделство. Во Ваташа немаше ниту чифлик, ниту чифлигции. Сите беа ситни земјоделци или занаетчии со

малку земјоделство. Од помаците имаше само двајца берберии еден налбат, откако тој го уби својот колега Петре Клинчаров. Помаците имаа една џамија на горниот крај од селото и една помала џамија на долниот крај. Помалата беше блиску до големиот јавор со четири чатали, можеби уште од доаѓањето на Турците во селото. Горе на самиот јавор имаше наредени штици и провизорна кафеана, каде што се собираа на кафе поугледните помаци. Јас никогаш не сум се качил таму. Немав достап. Освен оџата и еден познат помак Мула-паша или Паши-ага, другите беа неписмени. Синот на Мула-паша, Ахмед, беше на моја возраст и го знам како "талебе" - ученик, таков го оставив и така го запаметив со тоа негово име "талебе" - вечен ученик. Писменоста кај ваташани била голема дури и во постаро време. Имало приватни учители, на кои нивните ученици им плаќале по грош или шеесет пари, а во поново време, околу 1810 година, е познат прочуениот Даскал Камче - кој дошол со своите родители од селото Курешница, на левиот брег на Вардар, покрај Демир Капија. Татко му Наќо бил сиромав човек, но синот имал голема желба за учење и често крадешкум го посетувал учителот. Роден е околу 1790 година. Кога потпораснал, станал поредовен ученик и веќе на дваесет години станал помошник на учителот во Ваташа. Имал убав глас и го сакал црковното пеење. Често одел в црква, па почнал и да пее. Ваташани го засакале неговиот пријатен глас, му дале посебен стол покрај црковните певци, кои во Ваташа секогаш ги имало, особено по изградбата на црквата "Успение на Пресвета Богородица". Даскал Камче станал учител, ги собирал децата во приватна куќа и ги учел според старовремската азбука и старовремските книги: "Наусница", "Псалтир", "Светци" и др. Учениците му плаќале по 60 пари, или два гроша месечно и при менувањето на книгите добивал и извесни подароци: облека, обувки. Бил добро примен во семејството на Аџи Коле и поп Камче. Тие биле расадник на просветата во селото. По изградбата на новата црква во 1832 година ваташани забележале дека

не е пристојно децата да им учат во мали зафрлени соби и приватни куќи и решиле на местото каде што стои сегашното големо училиште да изградат ново училиште. Изградиле две соби, една за учителот, а другата за учениците. Ваташани виделе дека на учителот не можат сите да му плаќаат по грош или два гроша месечно и решиле тој да се плаќа од црковната каса. Од тој момент - 1832 година - ваташкото училиште станало општинско. А такви училишта во Македонија имало мошне малку. Повеќето биле приватни или, ако станале општински, тоа било по 1840-1850 година. Во Ваташа редовно имало по неколку свештеници, кои, освен во Ваташа, служеле и по околните села: Марена, Глишиќ, Манастирец, Дабниште, Кошани, Гарниково, Бунарче, Моклиште.

Во Ваташа било и седиштето на претставникот на владиката за целата Тиквешка околија. Ваташа, а некои го изговараат и Ватоша, како што реков, е старо село. Во една грамота од 1370 година на кнезот Константин Велбучки, управител на голем дел од Македонија, според тоа и на Тиквешко, во која на светогорскиот манастир "Св. Пантелејмон" му се даруваат многу села и градот Тиквеш, е спомнато и селото Ваташа, кое исто така му се дарува на спомнатиот манастир сосе сите имоти и целото население. Таму е спомнато дека во Ваташа постоела црква "Св. Архангел", за која не сум слушнал да се зборува помеѓу ваташани. Името на селото е Ваташа, а не Ватоша. Во 1860 година ваташани го изградиле денешното големо училиште на два ката, на повеќе од 800 кв. метри, со голема сала, чардак и убав балкон. На горниот кат има една голема соба долга 20 м, широка 10 м и со 5 м височина, како и други четири соби. Истиот распоред е на долниот кат. Училиштето е изградено во 1860 година со благослов и на грчкиот владика од Струмица, со цел да му служи на владиката и како конак кога доаѓа во Тиквешко. Меѓутоа, уште во истата година ваташани одбиле да го признаат владиката, црковното прашање се заострило и владиката не можел да стапне во училиштето.

Потоа, Даскал Камче, кој е познат со ваташката печатница што во Ваташа ја донесол токму тој од Белград, каде што ја купил во 1837 година со средствата на Аџи Теодосиј Синаитски, Јовко Марковић и други. Печатницата во Ваташа работела тајно. Немала дозвола. Таму останала околу една година, додека Теодосиј Синаитски не го добил решението од солунскиот градски митрополит Милетиј да отвори печатница во Солун, каде што била пренесена ваташката печатница. Печатницата во Ваташа печатела мали поучителни изреки, како: "Плаши се од Бога, не плаши се од никого", "Биди трудољубив, не биди мрзлив". Таму е отпечатена и Првата таблица од Јордан Хаџи Константинов - Цинот, на велешки дијалект. Од таа и нејзе слични таблици во тоа време се учело во нашето училиште. Од таблицата досега се познати два примероци. Едниот уште во 1892 година е најден во Ваташа и му е испратен на Атанас Шопов[1], познат писател и општественик, а објавена е во "Периодическо списание", во Пловдив, во 1896 година. Вториот примерок е најден во 1918 година закачен на ѕидот во Дивотинскиот манастир - Софиско. Оттаму примерокот му е предаден на Етнографскиот музеј во Софија, а во 1924 година Музејот ѝ ја предава драгоцената таблица на Народната библиотека, каде што се наоѓа и сега.

По Даскал Камче во Ваташа бил учителот Даскал Андо, татко на Захари Даскалов, распопен свештеник, кој подоцна станал протестантски проповедник - евангелист, населен во Кавадарци, кој е татко на тиквешкиот војвода Добри Даскалов. По него, од 60-те години натаму, поради интригите на грчкиот владика учителите се менувале речиси секоја година. Меѓу нив се познати отец Алексиј Зографски, Георги Милетич, таткото на угледниот софиски

[1] Атанас Шопов (1855-1922), роден во с. Панаѓуриште, Бугарија, правник, бил секретар на Бугарската егзархија во Цариград и бугарски трговски и генерален конзул во Солун.

професор Љубомир Милетич[2]. Токму во Ваташа малиот Љубомир во 1868 година доживеал да го види својот татко окован во пранги, пратен на заточение во Анадолија.

Во бугарската книжевност често се споменува ваташката печатница и патем се споменува и Првата таблица, меѓутоа досега никој поопстојно не се позанимавал со содржината и значењето на овој прв печатен труд на бугарска земја. Во историјата на бугарската литература за ваташката печатница зборува покојниот професор Бојан Пенев. Покојниот проф. Јордан Иванов во неговата книга "Бугарите во Македонија"[3] го споменува среќното село Ваташа со неговата печатница. Истакнатиот бугарски академик Иван Снегаров во списанието "Македонски преглед" нашироко се занимава со солунската печатница и загатнува за ваташката печатница. Напомнува дека "Таблица первја" ги имала истите букви како печатената книга во Солун "Служение еврејское", меѓутоа тврди дека таа не е печатена во Солун. Од ова произлегува заклучокот дека солунската печатница, пред да биде пренесена во Солун, се наоѓала во Ваташа, каде што тајно печатела, меѓу другото тајно ја отпечатила и "Таблица первја". Се оспорува, зашто Таблицата не носела датум и место на печатењето. Но тоа лесно се објаснува, бидејќи печатницата во Ваташа работела тајно. Солунската печатница претходно била во Ваташа и дека таму работела паметат старите луѓе, учениците на Даскал Камче, како што бил и дедо Јане Бакалот. Постарите луѓе, брат ми Тодор и некои други другари ги наоѓале оловните букви и со нив ги полнеле ашиците за да им тежат

[2] Љубомир Милетич (1863-1937), роден во Штип, професор на Софискиот универзитет, член и претседател на Македонскиот научен институт, претседател на Бугарската академија на науките (1926-1937), автор на научни трудови и на спомени на истакнати дејци во македонското реоволуционерно движење.

[3] Се однесува на книгата "Български старени из Македония", София, 1931.

кога играат. Тоа ми го кажал брат ми Тодор, кој лично ги полнел ашиците со олово.

Ваташа било познато село и по својата работилница за правење сапун, така што до крајот на минатиот век плоштадот пред самата работилница се викаше "Пепелиште", поради пепелта што била изнесувана од подготвувањето на сапунот, чиј сопственик бил еден од синовите на Аџи Коле, подоцна преименувани во Сапунџиеви, каков што беше подоцна и Георги Сапунџиев во Софија.

ЖИВОТОТ НА БУГАРИТЕ СО ТУРЦИТЕ

Во нашето село немаше Турци. Сите беа помаци. Го зборуваа нашиот јазик. Единствените турски зборови беа поздравите: "Акшамар олсун" (Добра вечер), "Сабахлар олсун" (Добро утро), "Мераба", понекогаш и "Селам алејкум" (Те поздравувам во името на Бога) и броењето: бир, ики, ул... - до десет, како и обраќањето кон родителите: ана, баба, наместо мајка и татко, и - кардаш - брат, чоџуклар (деца) или воопшто женскиот пол во куќата. Зборот "жена" било грев да се изговара. Другите зборови беа бугарски, дури и од страна на оние што по 10-15 години биле војници. Турците го имаа бугарскиот обичај да фрлаат камен, да се борат, само не знам од каде понекогаш ноќно време една група луѓе играа пред долната џамија турско оро со клањање и постојано повторување: "Алла-Алах-јаху, Алла-Алах-јаху-" додека устите не им се запенаваат. И турските куќи беа на два ката, како и бугарските, но со високи штичени огради и решетки на прозорците што гледаат кон улицата. Турчинките носеа црни фереџиња и густи бели или црни шамии за забрадување. Кога Бугарин ќе помине покрај нив, тие му свртуваат грб, но ретки беа случаите некој да минува низ Турско маало кога на улицата има кадани (жени). Во Ваташа Турците беа главно сиромашни. Имаше пет-шест семејства што беа поистакнати. Односот на Бугарите со Турците беше поднослив, пријателски, но ретко се случуваа и посети.

Кога Бугарин и Турчин се среќаваа на улица, се поздравуваа пријателски. Секогаш со зборовите "аго" на устата - Мемед-аго, Сали-аго итн. Доста често се случуваше, кога тие вршат обрезување или на свадба, да бидат поканети нивните познати - Бугари, како и спротивното. Рамазаните ги држеа редовно. Дури и во најдолгите летни денови и горештини гладуваа на работа и желно гледаа кон сонцето, очекувајќи поскоро да зајде и да стане 12 часот навечер за да земат ифтар (храна), да стават нешто во устата, она што ќе го најдат околу себе, а цигарата и кибрите уште пред тоа им чекаа во рацете. Тие ги празнуваа и двата бајрама, Рамазам-бајрам и Курбан-бајрам. Првин беше Рамазан-бајрам. Тој почнуваше со првата нова месечина во март. Младата месечина беше знак за празникот. Рамазанот се состоеше во следново: дење постеа од сé, не јадеа, не пиеја и не пушеа. Со нетрпение го очекуваа стемнувањето - 12-тиот час. Тогаш почнуваше јадењето. Најпрвин, ако е можно и ако има, земаат маслинки, се напиваат малку водичка, или што ќе му се најде при рака на човека за да го "скрши" Рамазанот кога нешто ќе касне. Рамазанот траеше 30 дена. Од 12 часот вечерта до утринските мугри турските куќи светеа: јадење, одење на гости, одење во посета - се вршеше само меѓу мажите, во машките дворови, или како што вели селамлијата, но не во харемлакот - женскиот двор. Во Ваташа ги немаа тие удопства и затоа се среќаваа пред портите. По ифтарот почнуваше вечерата, според тоа кој што има: месо, ако нема пилав од ориз, може да биде и бунгур (кршена пченица) или баница. Трпезата треба да биде најбогато наредена, според можностите, дури имаше приказна дека еден Турчин, по работа на нивата, отепал зајак, го однел дома и ѝ рекол на мајка му: "Ана, еве ти зајак, да го испржиш на масло, да го зготвиш ти како што знаеш најубаво" "Синко, рекла мајката, зајак има, ама масло нема" - "Тогаш тури шарлаган" - "Ама нема ни шарлаган" - "Тогаш нели може со солена вода, ана?" - "Може". По вечерата легнуваат да спијат и околу полноќ почнува чукањето на тапанот. Та-

панот го чукаат или двајца Цигани, или двајца Турци, од кои едниот го чука тапанот, а другиот носи торба за подароци и одат од куќа на куќа. Пред портата на секоја куќа, откако неколку пати ќе удрат во тапанот, двајцата почнуваат да пеат: "Калкан, калкан, агалар!" (Станете, станете, господари) "Рамазан дојде. Суфур да јадете. Да поткаснете". Стануваат повторно на јадење, до зазорување пијат од солената вода, пушат цигара и почнува Рамазанот. Тоа трае 30 дена. По 30-от ден, а може и околу 28-29-иот, ако некои забележат дека изгрева месечината или ако стасала наредба дека месечината некаде е видена, почнува Бајрамот, повеќе пати вечерно време. Се случува, додека да стаса веста, веќе да биде пладне и Бајрамот почнува оттогаш. Се враќаат од нивите, доаѓаат в село, се облекуваат во најново, а ги има такви што пред два-три дена си купиле нова облека: потури, чепкени (панталони, ќуркчиња) и бездруго нов фес со пискул, или стар фес, но ставен на калап. Одат в џамија. Таму сите клекнуваат, со тоа што во предворјето си ги остават чевлите или опинците. Влегуваат по чорапи во џамијата, се клањаат, оџата им кажува некои текстови од Коранот, тие често креваат раце кон Алах и во хор велат: "Аах, Алах. Алах јареби" (Ти си Господи). Кога ќе заврши службата, се поздравуваат едни со други со прегрнување од двете страни, а поблиските со поттупкување по грбот. Патем кон дома, или каде и да се сретнат, поздравот им е ист: "Селам алејкум - алејкум селам". Се прегрнуваат. Бајрамот трае три дена. За тоа време од џамијата и од куќите Турците пукаат во воздух со пиштоли или со пушки. По ручекот се собираат на пошироко место, фрлаат камења, се натпреваруваат, а натпреварувачите вториот и третиот ден организираат и борби. Ние, Бугарите, штом ќе сретнеме познат, го поздравуваме со едно темане (поздрав) и со зборовите: "Бајрам мубареколсун" (Честит Бајрам). Тие одговараат: "Иншала, иншала" (Така да биде) и ти го кажуваат името: "Камче, Петре, ефенди". Штом ќе заврши Бајрамот, си ја остават облеката и одново тргаат на работа. По

60 дена, или по 58 дена, со појавата на месечината (млада месечина), почнува Курбан-бајрамот. Според книгите, него го празнуваат четири дена, но повеќето - три дена. Овој Бајрам се вика и "Шеќер-бајрам". За време на Бајрамот, пак облечени и наконтени, во празнични облеки одат во џамија, поздравите се исти како и на претходниот Бајрам, пукањата исто така, се слави дома, тогаш, според можностите, на блиски и познати христијани им праќаат парче од курбанот и нешто благо: баклава или раванија. Во следната година Рамазан-бајрам е 10-12 дена порано, бидејќи и месечината изгрева порано, а таа и го означува почетокот на својот изгрев. На тој начин и едниот и другиот Бајрам во текот на сите годишни времиња се поместуваат наназад.

Турците во Ваташа имаа една кафеана до берберницата, ретко посетувана од Бугарите. Односите на Бугарите со Турците во предреволуционерниот период, до Руско-турската војна, биле добри, а потоа веќе се затегнати. Бугарите, зборувам за Ваташа, при празнување на Велигден, на познати Турци уште на Велика сабота им носеа црвени јајца и парамак (козинак). Тоа многу ги радуваше. За време на Божиќните празници по нашата улица мошне ретко поминуваа Турци, зашто мирисало на свинско месо, а неколкуте семејства, на кои патот им беше низ таа улица, гледаа колку што можат побрзо да поминат. Велигденскиот подарок беше голема радост за Турците, што им се забележуваше во очите. Подароците обично ги носеа деца. Се завиткуваа во крпа, која одеше заедно со подарокот. Децата што ги носеа исто така добиваа голем бакшиш: 20-30 пари или грош.

ДЕТСТВОТО

Како што реков погоре, роден сум на вториот ден Велигден, на 16-ти април ст. ст. 1879 година, во селото Ваташа, Тиквешко. Моите родители се - татко, свештеникот Андо Поп Ангелов Поп Камчев, во тоа време заточен во некој од солунските манастири и мајка Софија Крстева Аш-

кова од селото Глишиќ, недалеку северно од Кавадарци. Јас сум по ред третиот син, по Мијајле и Тодор, по мене ги имаа уште Јованче и сестрата Фроса.

Третата вечер по моето раѓање, макар и при тажно настроение во куќата, роднините се собрале, како за сите новороденчиња така и за мене е извршено "залулувањето", дамнешен обичај. Тој се состоел во следното: новороденчето се клава во таткова кошула и присутните ја фаќаат од четирите краишта со зборовите: "Лу-лу, да растеш, да порастеш со татко и мајка во радост и долголетите, да бидеш добар син на родителите и добар човек за народот". Тогаш му ја нарачувале и среќата на детето - што да биде, при што врз кошулата и врз детето ги поставувале симболите според желбите за детето. Врз мене биле поставени разни попски книги и мастилница со перо за пишување, за да бидам како татко ми и дедо ми - поп. Како мал често сум боледувал, а и болестите можеби биле резултат на моите лудории. Така, мајка ми расправаше дека уште од мал сум посегал од вториот кат низ прозорецот да кинам цвеќиња од сандачињата - саксии. Сум се преметнал со главата надолу и сум останал во несвест со скршена, окрвавена глава. По долго лекување сум оздравел, но и досега формата на главата укажува на ударите, не е рамна. Исто така, при боледување на стомакот ми клавале пијавици. Јас во несвест сум ја тргнал згоената пијавица, чијашто глава останала покрај папокот, каде што и сега имам голема лузна. Кога сум потпораснал, облечен во антеријка, сум почнал да се истакнувам со моите лудории дома, но особено во маалото. Првото што го паметам е паѓањето на ѕвездите во Српско-бугарската војна во 1885 година. Беше есенски ден со јасна месечина. Во дворот откај портата беа собрани многумина и го гледаа паѓањето на ѕвездите зборувајќи: "Паѓаат ѕвездите. Двајца браќа ќе се тепаат". А во истото време долу, во Турското маало, кај малата џамија чукаа тапани, свиреа зурли. Имаше турска свадба. Овој настан ми остана во сеќавањето и во III клас во Скопје, во 1896 година, кога учителот Георги Трајчев на часот

по минералогија во присуство на главниот егзархиски инспектор Васил К'нчев праша: "Кој се сеќава кога паѓаа ѕвездите?" - јас кренав рака и го раскажав горното. Од инспекторот добив едно "браво", а од наставникот шестка.

Како мал, веќе готов за на училиште, бегав од него, се криев во маалото и по лозјата. И денес старите ваташани го паметат моето бегање од училиште. Така еден ден отидов во лозјето каде што копаа аргатите. Ме прашаа: "Ристо, што си дошол?". Велам: "Да берам лозанки" (пресечени суви ластари). Тие почнаа да се смеат и ми велат дека лозанките одамна се собрани и однесени дома, ама ти си избегал од училиштето. "Веднаш да се вратиш назад". Употребував и некои итрини. Наутро заедно со сите и јас одев до училиштето, но по заобиколен пат се враќав. Се криев. Штом ќе го слушнам училишното ѕвонче и врескањето на учениците, кои се враќаат, и јас се враќав дома и велев "Добар ден". Многу добро се сеќавам како мајка ми го замоли мојот братучед Пано Јанев Каменов, гимназист, кој се вратил в село, да ме одведе на училиште. Тој ме грабна преку половината и право кон училиштето, меѓутоа, кога наближивме до училишната зграда, јас ги фрлив чевлите од нозете надевајќи се оти ќе избегам, но тој ги собра и нив и ме одведе во училиштето. Пано Каменов ја заврши гимназијата, замина во Америка, во Њујорк, каде што заврши Медицински факултет и таму стана лекар.

Во училиштето бев многу немирен, закачко, па еден ден учителот Аџи Илија Тошев од Прилеп ми рече: Ристо, ако ти станеш човек, јас мустаќиве во алето ќе ги фрлам". За да ги искаже овие зборови мојот добар учител, веројатно многу сум го натажил. Добро се сеќавам дека веќе во IV одделение го научив наизуст четивото за цар Крум и при добивање на свидетелствата учителот праша кој што ќе рецитира. Јас реков оти ќе рецитирам за царот Крум. Учителот не одобри. На своја рака на самата приредба јас го изрецитирав наученото четиво за царот Крум. Лудориите и тепачките немаа крај. Каснат сум од куче, ме клоцнала

мечка, каснат сум и имам белег од мајмун. Еден Циганин дојде во нашиот двор со мајмун што игра. Ние го заобиколивме мајмунот, а спроти мене забележав една мачка. Летнав да ја фатам мачката и да ја фрлам врз мајмунот. Мајмунот без да сетам ме грабна за нога и се најдов во несвест на земја. Потоа брат ми Михајле го скарал мајмунцијата и го избркал од дома, а јас две-три недели ја лекував раната што ми ја направи мајмунот. Сакав да го јавам нашиот коњ и да галопирам со него низ маалото. Затоа речиси секоја вечер, наместо да му дадам вода од нашиот бунар - јас коњот го терав на најоддалечената селска чешма. При едно такво галопирање не можев да го запрам коњот во дворот и заедно со него влеговме во шталата, пак со раскрвавена глава. Дома ме тераа да леам вода од бунарот. Мајка ми со голема љубов ткаеше разни ќилими (алии) за нејзините мали деца. Ме тераше да навивам цевки, работа што редовно ја вршев без големо задоволство. Најголем празник ми беше Велигден, потоа Свети Кирил и Методиј и денот на училишната завршна свеченост. Особено за Свети Кирил и Методиј почнувавме да се подготвуваме многу отпорано. Два-три дена пред празникот немавме настава, но редовно бевме таму за да го украсуваме училиштето со разни венци и цвеќиња. Големо беше нашето трчање по полето и нивјето за да го набереме потребното зеленило и цвеќињата. Тоа ни беше најголемиот празник и најголемата наша детска и родителска радост. На денот на Свети Кирил и Методиј, уште од рано утро облечени во најубавата руба, измиени и исчешлани, со нови антерии и светнати чевли, со блеснати очи од радост брзавме кон училиштето. Портата веќе е украсена со голем зелен венец, а внатре училиштето, особено големата сала (чардакот) каде што се одржуваше свеченоста, но и другите простории - сè беше украсено со многу венци од врбови, тополови и маслинови гранчиња (дива маслина), разни цвеќиња и китки трендафил. Сите ученици заедно со учителите го очекувавме завршувањето на црковната литургија, од каде што доаѓаа

кај нас во духовна поворка. Поворката ги носеше црковните хоругви (знамиња со ликови на светци) и икони. Се вршеше водосвет, потоа главниот учител држеше говор за двајцата просветители, апостолите Кирил и Методиј, за нивниот живот. Потоа училишниот хор ќе го испееше тропарот за светите Кирил и Методиј и почнуваа рецитации и разни песни. На Свети Кирил и Методиј салата секогаш беше преполна луѓе. Во училиштето празникот завршуваше до пладне, а попладнето сите ученици во строј, придружени и од многу селани одевме на прошетка на југ од Ваташа, по реката - во месноста "Чаирот". Тоа беше сакано место за прошетки не само за учениците и младите, туку честопати во празнични дни таму одеа и старите. Имаше дебели сенки под многу јавори, тополи и врби, убави полјанки со висока трева и полски цвеќиња, место за играње и починка, а згора на тоа имаше и убав извор студена вода. Таму останувавме до доцна навечер и игравме разни ора и детски игри: миженка, игра робје, овчарот и неговото куче, скокање и друго. Играта "робје" се состоеше во следново: се делат две партии со еднаков број ученици и застануваат на 50-100 метри растојание една од друга. Од едната страна трча еден, од другата истрчува друг да го гони и да го фати, дотрчуваат и други и кого ќе фатат - го тераат кон победникот како роб. На околу 10-15 метри од средината на игралиштето го остават робот да го чува еден од групата. Неговите другари напаѓаат за да го ослободат и тогаш го крадат робот или паѓаат и други во ропство и тоа продолжува до целосно изморување.

Играта "Овчарот и неговото куче" се состоеше во следново: одбираме еден овчар, по можост будалест, и двајца за негови кучиња. Кучињата цврсто се врзуваат за неговите нозе. Другите од учениците се стадо овци, а двајца или тројца се волци. По едно време се огласуваат волците со виење. Стадото почнува да бега, кучињата ги креваат ушите, почнуваат да лаат и влечат натаму, наваму, при тоа

тегнење го повлекуваат овчарот, тој паѓа и го влечат по тревата, при што сите громогласно се смеат.

Играта "Скокање" се состоеше во ова: се обележуваше една црта што служеше за почеток и оттаму се праеа три скока напред. Победник беше оној што ќе скокнеше најдалеку.

Весел празник беше и Прочка, која се паѓа осум недели пред Велигден. Тој ден сите си простуваа едни на други за да бидат подготвени за пречек на големиот празник Велигден. Во секоја куќа мораше да има сукана баклава или најмалку кадаиф или гурабии, но овие две блага немаа голем углед. Поради Прочка, мајка ми уште два-три дена пред празникот сукаше баклава за најголемата тепсија. Многу пред тоа таа ги подготвуваше потребните материјали: пресно или топено масло, ореви, нишесте, брашно. Во четвртокот пред неделата таа ги сукаше корите, а ние само се вртевме околу неа. Правеше 60 или 70 кори, тенки како цигарена хартија, и ги редеше во тепсијата, при што од краиштата на корите во помала тепсија правеше друга баклава, таканаречена "сиромашка баклава". Откако ќе се испечеше во фурната, малата баклава ја полеваше со шербет и ни беше дозволено да јадеме, а големата се начнува само во недела, за ручекот. Месо или месни јадења на Прочка не се прават. Се јадат риба и зелник. По вечерната литургија, каде што старите луѓе во црквата си проштеваат меѓу себе, почнува празникот. Куќите секому се отворени. Целата тепсија со баклава е поставена на софрата среде соба и околу неа се наредени леблебија, суво грозје, ракија и чашки за ракијата. Приквечер почнуваат посетите на познати и блиски. Следуваат благослови, добри желби за пречек на големиот ден. Ние децата ги обиколувавме сите познати во маалото и бездруго ја пеевме песната "Трчај, трчај коњу". Имаше и други песни: "Чудно стана по света, да се гонат владици и патрици", песната "До два брата мили Бугари" и поновите песни "Македонијо, мајко мила". Подоцна уште поновите: "Жив е тој, жив е", "Ветер ечи, пла-

нина стенка". Последните мошне често се повторуваа со големо одушевување. До доцна во ноќта песните се слушаа низ сето маало, низ целото село. Најблиските роднини при крајот на вечерата се собираа на едно место и веселбата и јадењето продолжуваа до стемнување, зашто од утре требаше да се држи "тример", т.е. да не се јаде ништо до кај икиндија (до зајдисонце), кога камбаната бие за вечерна. До тоа време ништо не се јадеше ниту се пиеше вода. А имаше и луѓе што држеа тример до средата наутро, кога одеа в црква, се причестуваа и почнуваа да јадат. Овој пост се држеше за здравје, а момите за избор на убаво момче. На Чист понеделник жените, сите до една, миеја сé со пепел и сапун. Циганите уште од рано ги обиколуваа куќите да ги соберат остатоците од јадењето, кое беше изобилно. Во прво време и мајка ми остатокот од баклавата им го даваше на Циганите, но подоцна ја чуваше до Свети Тодор и ние, веќе возрасни, се послужувавме од неа на тој ден. Уште од Чист понеделник почнуваа подготовките за Велигден. "Сите родови" секој од нас требаше да ги знае наизуст, или најмалку да ги запише на лист. Во училиштето во секоја среда и сабота вежбавме во две групи. "Сите родови" е псалм за закопот на Исус Христос, во кој се раскажува за неговиот живот, неговиот закоп и за неговите страдања, како и за страдањата на оние околу него. Псалмот содржи 48 четиристишија. Првата строфа ја почнува едната страна, втората строфа - другата страна. Велигден го чекавме и за да добиеме нови чевли, нова облека, понекогаш и нов фес. На Велика среда, средата пред Велигден, родителите одеа на пазар во Кавадарци или кај чевлар во Ваташа, ни купуваа нови чевли, а терзиите (шивачите) ни шиеја нови антерии, минтанчиња (нешто како елече со ракави). Кај нас во Ваташа и во другите села во околијата Дванаесетте евангелија за закопот на Исус Христос се пееја во петокот, рано изутрината на Велик петок, а закопот на Христос се вршеше рано наутро во саботата. Тие денови дома и во училиштето, иако беше распуст, имавме многу работа. Се

праваа последните подготовки за пеењето, имаше трчање до фурната да ги однесеме месените козинаци, а тие не беа една, две, туку неколку тепсии; трчавме да ги собереме јајцата од нашите кокошки и купувавме уште. На Велика сабота тетин Атанас и тетин Ефрем дотеруваа во Ваташа јагнињa за продавање за Велигден и требаше и таму да трчам, да одберам поубаво јагне. Страсната недела ни создаваше многу работа и во училиштето. Таму ги суредувавме терасите на училишниот двор. Училишниот двор е голем, повеќе од два декари. Едната половина беше рамна, а другата терасеста, на неа имаше четири плоштатки обраснати со убава бујна зелена трева.Овие подготовки се праваа зашто на вториот и на третиот ден Велигден во Ваташа се одржуваше голем собор.

На Велика сабота секоја година останував без нозе. Уште не сум се вратил од една работа, мајка ми вели: "Ристо, занеси го ова на фурната". Сум се вратил од фурната: "Ристо, за козите нема лисје. Ајде, на лозјата по лисје". Уште неодморен: "Ристо, шеќер да купиш, сол да купиш" и кога ќе се стемни: "Ристо, да земеш повеќе ламбени шишиња и две кутии ќибрит. Може да се скршат шишињата и на Велигден да останеме без светлина".

Велигденската служба почнуваше многу рано во недела и првите години в црква се одеше со страв. Гласот дека Турците ќе колат и ќе ја нападнат црквата тогаш најмногу се шириле. За смирување и за претпазување од турски напади, на разни места околу црквата и во подалечните улици се оставаа тајни стражи - похрабрите луѓе да го набљудуваат движењето на Турците. Закопот на Исус Христос во нашата црква се вршеше во тесниот премин покрај црквата помеѓу црковните ѕидишта и високата црковна ограда, растојание што не беше поголемо од метар и пол, па во навалицата црвените јајца во џебовите се кршеа. Честопати на првиот и на вториот ден Велигден татко ни беше на служба во селата Глишиќ и Марена. Уште при првиот звук на камбаната ние, сите разбудени со очите кон новата про-

мена и новите облеки, се замивавме на брза рака, се облекувавме и готови за црква излегувавме сите заедно од нашиот двор. Чичковци и братучеди, повеќе од 50 души, одевме в црква, додека младите жени, невестите и момите остануваа дома. Нивниот ред за в црква е третиот ден Велигден. Со вапцани јајца во џебовите, одевме в црква и со нетрпение чекавме да се запее "Христос воскресе" за да можеме ние, децата, да се испробаме чие јајце е најјако.

Во Ваташа секогаш имало редовна црковна служба со добри пејачи и добри свештеници, но меѓу свештениците имаше еден поп Манчо, чиј глас не се слушаше подалеку од неговиот нос. Човекот мрмори и литургијата ќе заврши. Затоа ретко го оставаа тој да пее. Во нашата црква секогаш имало пцалтици, од нејзиното основање наваму. Даскал Камче, даскал Андо, учителот Арсениј Констенцев[4] - беа добри пејачи. Пееја по "Псалтирот". Дури, имаше еден пејач кој при пеењето ги гасеше свеќите наоколу. За тој случај со еден напис во весникот "Право" во Цариград од 1869 година од Ваташа соопштуваа: Па така и самиот уредник се чуди и вели: "Немаше ли нешто поважно да ни соопштат од Ваташа, отколку за гласот на тој пцалтик?". Подоцна, како добри, дури одлични пејачи со "Псалтирот" в рака пееја поп Коцо и Пано Толов, кој подоцна стана монах под името Пахомиј, обајцата од Ваташа. Татко ми не го знаеше "Псалтирот", меѓутоа имаше пријатен мелодичен глас и пеењето му беше многу пријатно, особено на некои од црковните песни, како "На гората Елисејска".

Уште по темно се враќаме од црквата, а ручекот за Велигден е приготвен многу, многу порано - ручаме, откако пред тоа ни даваат да каснеме по едно парче од црниот дроб на јагнето. Ручаме, а очите ни гледаат надвор, на улица. Другарите чекаат "да се к'цкаме" (да се чукаме со јај-

[4] Арсениј Костенцев (1842-1921), роден во Ново Село, Штипско, учител, културно-просветен и револуционерен деец, учесник во Кресненското востание.

цата) и заради тоа к'цкање еден Велигден рано-рано изедов убав ќотек од мајка ми. За да го одберам најцврстото јајце, во килерот влегов со фес, таму беше кошницата со црвените јајца. Наведнат над кошницата, во едната рака држев свеќа и јајце, а со другата земав за да видам кое ќе биде најјакото јајце. Така продолжував некое време, додека во собата соседна на килерот, полна со гости, почувствувале мириз-ба на нешто што гори, нешто запалено. Веднаш дотрчуваат во килерот, ме наоѓаат наведнат над кошницата со запален пискул од фесот и со повеќе скршени јајца.Некои деца беа итри и откако ќе го испразнат јајцето низ едно дупче, го полнеа со восок, или пак наоѓаа вештачки направено дрвено јајце. Здравото јајце ја имаше привилегијата да ги заработи сите скршени јајца, па често, за да се фалиме, дома ги носевме скршените јајца, а крадешкум земавме здрави. Веднаш по раниот ручек ние помладите одевме да им го честитаме Христовото воскресение на најблиските роднини - чичковците, повозрасните братучеди и кумовите. Попладнето се служеше Второто воскресение, "Евангелието" се читаше на бугарски, словенски, грчки, француски и на турски јазик. Татко ми често читаше на француски, напишано со бугарски букви. А каков изговор имал, којзнае дали и самиот помислил на тоа... Со татко ми често одевме в црква рано-рано и право во олтарот. Таму имаше и стол за седење. Еднаш бев заспал на столот, литургијата завршила, сите излегле и клисарот ја затворил црквата. Ме бараат дома - ме нема. Ги прашуваат роднините наоколу: "Не, не сме го виделе". Татко ми вели : "Ристо дојде в црква со мене. Да видиме да не е таму, да не се успал, да не се исплаши". Набрзина ја отвораат црквата и ме наоѓаат сé уште заспан на столот, па сите се задоволни дека не сум се разбудил сам во црквата. На Велигден, попладнето, прикве-чер, започнуваат визитите на блиски роднини и пријатели. На вториот ден црквата пак е полна, службата е свечена и потоа почнуваат редум визитите. Честење со јатма-шеќер (шеќерни бонбони), ракија, а поблиските заседнуваат по-

веќе и - кафе. Тоа продолжува до пладнето. По ручекот сите се упатуваат кон училиштето, мажи и жени, сите. Грабнале по некое ќилимче или постилка, се наредуваат на плоштатките, по терасите. Секој со своите роднини. Почнуваат гајдациите. Во Ваташа имаше прочуени гајдации: браќата и синовите Баснарковци, стариот Ило Баснарков свиреше многу убаво на гајда, со сите оние извивања на тонската скала и мелодично. Брат му Димо, со друга гајда, му држеше "втор глас". Големиот син Коле, според мелодијата на свирката, ги следеше со дајрето. Истото го правеше и помалиот брат Цандо, со второто дајре. Сите ора: "Ситното", "Касапското", "Тиквешкото", "Кавадарката", "Пајдушкото" - ги свиреа прекрасно. Песните беа придружувани и со пеење на двајцата синови. Почнуваа ората. Машките ора беа одделни и женските одделни. Овие собори беа голема радост и за мало и за големо. Алвациите шетаа наоколу со сандачиња алва и стомни боза, обиколуваа од група до група. Училиштето и дворот се исполнуваа со многу надојдени гости од Кавадарци. Кутрото Кавадарци немаше каде да се собере. Природното собирно место за нив беа црковниот двор и гробиштата, па не им беше удобно ниту за пеење, ниту за играње. На еден Велигден целиот собор се крена на нозе за да гледа како се игра "Пајдушкото оро". Лазо Берберот се фати на орото, ги засука ракавите и со бела крпа во десната рака, го води. До него се наредија Тодор Поп Антов и уште неколкумина други. Орото и тактот предизвикуваат чудење кај сите и се слушаат коментари: "Гледајте, гледајте, колку убаво Тодор го игра "Пајдушкото!". Третиот ден Велигден е ден за жените: жени, моми и невести одат в црква, а дома остануваат повеќето мажи. Оттаму, по црквата, жените до пладне прават визити, а дома ги пречекуваат мажите, се случувало и никој да нема дома. Гостите влегуваат, се почестуваат самите и си излегуваат. Попладнето соборот продолжува. На патерицата, четвртиот ден, пак не се работи и се одржува мал собор горе на гробиштата; одат повеќето млади луѓе, но таму се и гајда-

циите. Често се одржуваа натпревари во борење. Колку што ние христијаните им се радувавме на велигденските празници, уште повеќе им се радуваа нашите помаци и отвораа четири радосни очи, очекувајќи да добијат по некое црвено јајце. Имаше многу помаци, кои имаа блиски врски со христијаните, добиваа црвени јајца и по парче козинак, а во замена и тие на своите блиски познати христијани им испраќаа слатка баклава и парче од курбанот за Бајрам.

Како што кажав погоре, гајдаџиите беа прочуени со нивната убава, мелодична свирка. Ги имам слушано и шкотските гајдации. Тие беа многу понакитени, но свирењето, мелодијата им беше многу поназад од оваа на ваташките гајдации. На еден Свети Кирил и Методиј, Јованче Мишев Делов од Кавадарци, трговец во Солун, ги одвел ваташките гајдации во Солун. Нивната свирка во Бех-чинар, во Солун, на Свети Кирил и Методиј, каде што тој ден го празнуваат сите Бугари, предизвикала овации. За време на српскиот режим по 1920 година биле викнати во Белград, таму одржале концерт и свириле во кралскиот дворец, каде што самиот крал Александар ги наградил. Нивното свирење било снимено на грамофонски плочи. Одамна им напишав на познати Тиквешани да најдат и да ми пратат од тие грамофонски плочи, но сé уште ги немам добиено.

По гроздоберот во 1887 година, другиот ден по Крстовден, рано-рано мајка ми ми ја измиј главата, ме облече во нова облека и со благослови да бидам мирен и послушен во училиштето, татко ми ме одведе на училиште. Учителите и пред тоа ми беа познати. Често доаѓаа во посета кај татко ми. Во училиштето имав двајца учители: Димитар Мирчев, подоцна - познатиот писател од Прилеп и Христо Бакалов од нашето село. Ме сместија меѓу најмалите. Учениците беа распределени во четири одделенија, во две соби - во секоја по две одделенија. Уште со влегувањето на учителот, другите стануваат на нозе, со нив и јас. Еден повозрасен ученик ја кажа молитвата "Оче наш". Се прекрс-

тивме и седнавме. Учителот ги запиша незапишаните во тефтерот. Рече неколку зборови и нè пушти во дворот. По извесно време и другите ученици беа пуштени во дворот. По доста трчање и умор, звончето чукна и ние се втурнавме по скалите угоре. Ние, првото и второто одделение, бевме во големата училишна соба. Во неа имаше училишни клупи, на кои седевме по четворица во една клупа. Јас бев меѓу последните. Бев доста висок. Учителот ни кажа дека треба мирно да одиме по патот, да не се вртиме угоре-удолу, да не фрламе камења и штом ќе си дојдеме дома, да ги поздравиме домашните со "Добар ден". Учителот почна да ја пее песничката "Трчај, трчај коњче". "Ајде сега - вели - потпевнувајте и вие". По неколку такви вежби, ја поднаучивме песната и со врева излеговме од училиштето. Попладнето повторно отидов на училиште и се повтори истото: песничката што ја пеевме веќе ни беше позната и ни кажа да ја научиме молитвата "Свети Боже, свети крепки, свети бесмертни, помилуј нас". По долгиот одмор пак се собравме во училницата, ја повторивме песничката, гласно ја кажувавме молитвата "Свети Боже" и нè пуштија. Додека учителот беше во нашето одделение и работеше со нас, другото, второто одделение стоеше мирно и учениците препишуваа нешто од таблата во своите таблички. Кога заврши и вториот час, попладнето ја испеавме молитвата, потоа научената песна и со помалку врева слеговме по скалите за да си одиме дома. Во почетокот добро тргнав со училиштето, но, од каде ми дојде во умот да бегам од училиште - не знам. Не беше од страв од учителот. Тој ми беше познат. Учителите постојано беа кај нас. Тоа бегање од училиште продолжи две-три години. Бев нередовен ученик, но при крајот од учебната година го посетував училиштето и минував во погорното одделение. Во 1892 година го завршив IV одделение во Ваташа, а во 1892/93 година извесно време учев во Кавадарци, во I клас.

Како што реков, за време на моето школување во Ваташа учители ми беа Димитар Мирчев и Христо Бакалов. Потоа Христо Бакалов го замени Лазо Поп Атанасов од Кавадарци. Во 1890/91 година главен учител беше Михаил Наумов, кој завршил Педагошко училиште во Солун - тој беше од Екши-Су (Кисела Вода) - и учителката Фанија Тошева од Прилеп. Во 1891/92 година главен учител беше Аџи Илија Тошев од Прилеп и ланската учителка.

Главниот учител го плаќаше Егзархијата, а другиот - Црковната училишна каса. Назначувањето на учителите се вршеше на еден општоселски собир во училиштето. Таму ги определуваа, а на собирот присуствуваа епитропите и црковно-училишните одборници. За претседател на Црковно-училишниот одбор низа години беше избиран татко ми, поп Андо. На собирот секој можеше да присуствува и да зборува. Најнапред определуваа кој колку пари може да даде. Платата обично се движеше 10-12 турски лири годишно. Изворот за учители во Ваташа беше градот Прилеп. Оттаму речиси секоја година доаѓаа дополнителните учители. Обично, тие беа учителки што завршиле IV клас во Битолското четирикласно женско училиште. Кога имаше повеќе барања за учителки, собирот го задолжуваше кирациjата Ѓоре Мечкарот од Ваташа да оди кај некои од нив и да ги доведе, а кога немаше такви пријави, исто нему му ја доверуваа задачата да најде учителка и да ја доведе. Подоцна бројот на учителите се зголеми на три. Општината плаќаше двајца учители. Издршката на учителите се обезбедуваше од приходот на црквата - од продавањето свеќи, од наемот на црковните дуќани. Црквата имаше два свои дуќани во чаршијата - кај реката. Освен тоа, црковната каса се пополнуваше и со таксите од крштевање, венчање и закопи, од продаденото вино собрано на Водици (Богојавление) при наддавањето на весели групи кого тој ден да го фрлат во реката. Беше обичај по црковната служба групи застанати над реката да се наддаваат со ведра вино кого да го фрлат во водата. Ако одбраниот бил потопен во во-

дата, ги собираа ветените ведра вино и пари од оној што ги ветил. Празникот Богојавление се празнуваше доста свечено. По црковната служба, со црковните знамиња и свештениците во црковни одежди, се одеше во училишниот двор. Таму, во еден казан ја осветуваа водата и по водосветот се одржуваше попрскувањето и целивањето на крстот. Секој се натпреваруваше да си црпне во својот сад од таа светена вода. Од таму, дома, откако сите членови на семејството ќе пивнат, водата ја истураа во бочвите со вино и ракија. Не беше само таа, светената вода, ами во бочвите налеваа и поголеми количества несветена вода. Зимно време реката обично немаше многу вода, но таа беше доволна за да се натопи човек, иако крстот не се фрлаше в река. Тоа се гледаше од протестот на помаците што живееја од другата страна на реката. Во замена на тоа, мали групи весело настроени помлади луѓе се упатуваа кон реката со зборовите: "Ако го фрлите во вода тој и тој, јас давам две ведра вино". Секое ведро беше од по 15 оки. Другиот што требало да го фрлат одговара: "Јас давам четири ведра него да го фрлите во вода". Ако замолкне овој, го фаќаат и го фрлаат во водата, сосе облека. Од таму наводенетиот заедно со другарите оди во неговиот дом на визита. Таму тој се преоблекува, другите пијат и пеат и потоа заедно одат да ги соберат парите од наддавачите, кои веднаш се внесуваат во црковната каса. Не се пееја црковни песни, туку народни. Почесто беа фрлани скржавците, на кои уште пред тоа некои им се заканувале. Денот што му претходеше на големиот празник Богојавление се викаше "нејатка", т.е. ден на строг пост. Тогаш свештениците ги обиколуваа куќите во својата енорија да им светат вода со песната "Во Јордане крштајушчисја тебе Господи". На тој ден, според еден чуден обичај, свештеникот беше придружен и од коњ што го водеа децата на попот. На коњот беа префрлени разни торби и дисаги. Откако коњот го воделе моите поголеми двајца браќа, Михајле и Тодор, дојде редот и на мене. Од порта на порта, татко ми со котле в рака и "Во Јордане"

в уста се качуваше по скалите и влегуваше во собата, светеше вода и при целивањето на крстот некој можеше да се излаже да пушти некој чакмак (20 пари) во котлето. Во замена на тоа, јас чекам долу и домаќинката донесува брашно или жито, или што ќе се најде, некој друг прехранбен производ, а според тоа што се носи беа определени и торбите: одделно за чисто брашно, одделно за пченкарно, а пак оние што хранеле и свиња - даваа и по некое парче "кубаси" (колбаси). Истото се повторуваше и на Крстовден, на 15 септември по стар стил. Тогаш често даруваа и разно суво овошје: костени, ореви, повеќето вино. Тоа се даваше зашто свештениците немаа одредена плата. Воопшто не примаа плата. По другите села, обично помалите, како плата на свештеникот по жетвата му даваа по еден бучук (околу 20 кг) јачмен, 'рж и поретко пченица. Тоа служеше наместо парична награда. Како што кажав погоре, во нашето село имаше пет свештеници, кои според нивниот ред служеа во Ваташа, а некои имаа и енории по селата. Освен Ваташа, во еноријата на татко ми припаѓаа и селата Глишиќ, Марена и Манастирец. За секоја одделна потреба се плаќаше по желба. Немаше определена такса. При раѓањето веднаш доаѓаат дома со шише вода за татко ми да ја освети водата, со која се мие леунката. На четириесеттиот ден леунката заедно со детето и свекрвата или со постара жена оди в црква да ѝ читаат молитва за здравје и од тој ден таа веќе е слободна да оди насекаде. На секој именден во семејството домашните подготвуваат најмалку две проскури (леб со крстови на горната кора). На самиот именден свештеникот оди во куќата, го осветува лебот - проскурата, едната ја остава за куќата, а другата ја зема свештеникот. Во таков случај ретко некој му дава и некоја пара на свештеникот. Истото се правеше и при разните служби на светци што луѓето ги почитуваа, на пример: Свети Никола, Свети Димитар (Митровден), Света Петка итн. Службите (славите) беа празнувани од целиот род. Ние, како и целото наше пошироко семејство, го славевме Свети Никола. Са-

кам да ја појаснам оваа мисла: секое семејство и род имаше за патрон еден светец, и во квечерината на празникот и на самиот празничен ден свештеникот го читаше тропарот на тој светец над подготвената проскура, која му остануваше на домаќинот, а втората, како и за именденот, ја добиваше свештеникот. Истото се правеше и на гробиштата за време на задушниците, кои беа: во петокот пред месопосната недела, околу една недела пред Прочка, потоа Дуовденската задушница по Велигден и Големата задушница пред празникот Свети Архангел Михаил. Тогаш татко ми собираше многу проскури и со денови јадевме од нив. При венчавање свештениците исто така беа наградувани и тоа побогато, половина бела меџидија, 10 или 20 гроша. При бакнувањето на венците и честитањето на младенците кумот обично беше доста дарежлив и посебно даваше 10-20 гроша, а исто така и сите свадбари при целивање на крстот, пред да им честитаат на младоженците, даваа кој колку сака: 20 пари, 30 пари, грош. Тогаш паѓаа повеќе пари и тоа беше најголемиот дел од приходот на свештеникот. Но каде се свадбите? Свештеникот добиваше помала сума и на закоп, како и на парастосите (панахидите), деветтиот ден по закопот, четириесеттиот ден, на три месеци и на година. Друга важна работа што ја вршеа свештениците и за која не добиваа никаква награда, а имаа голема одговорност пред власта, беше нивната должност да го регистрираат населението. Свештениците ги држеа регистрите на населението и секоја година пред март одеа во "уќуматот" и таму ги предаваа списоците на родените и умрените во текот на изминатата година. Се сеќавам, ќе дојде ли март, татко ми ги земаше тефтерите, мастилницата и перото и одеше во "уќуматот" - Градската управа, да му ги предаде тие податоци на "нуфуз мехмурот" - чиновникот задолжен за регистратурата. Бидејќи со раѓањето на дете од машки пол селото веднаш се задолжувало со таксата "бедел параси" - војнички данок за новороденчето, свештениците обично одбегнуваа веднаш да ги запишат машките деца, а женските

ги запишуваа поредовно. Честопати машките долги години останууваа незапишани. Се случуваше, раскажуваше татко ми, момчето да пораснало, станува младоженец и дури тогаш го запишуваат во тефтерите. Не било ретко, кога по машкото се раѓаат девојчиња, девојчињата се запишуваат, а момчето уште не. Според семејните регистри и "нофуз тескерето" во личните карти, ние секогаш сме биле помлади од својата вистинска возраст.

Ѓоре Мечкарот примаше определена годишна плата, а беше задолжен да наоѓа учители и да ги доведува. Тие отседнуваа кај нас недела-две, додека да си најдат стан. Обично учителите беа бекари, неженети. Учителките во повеќето случаи беа советувани да се хранат таму каде што живеат. За прехрана и наем обично плаќаа околу 30-35 гроша месечно, кога лирата изнесуваше 100 гроша. Учителите често беа поканувани на ручек и вечера кај ваташани во разни случаи: на гости, свадба, крштевање, именден, слава итн. Главниот учител, испратен и платен од Егзархијата, обично добиваше двојно, тројно поголема плата. Нормата беше 36 златни лири за учители и учителки со гимназиско образование и педагошко училиште, кои ги плаќаше Егзархијата. Многу пати се случуваше главниот учител да му е соученик на неговиот општински колега и тој добиваше 36 лири, а неговиот колега 10-12 лири. Не се забележуваше завист во тој поглед. Луѓето беа оддадени со сето срце и своите службени обврски ги извршуваа совесно, без каква и да е омраза кон колегата со високата плата.

Претседателот на Црковно-училишниот одбор секоја година во училиштето свикуваше општоселски собир. Присуството не беше задолжително за сите. Секој може да присуствува и да си го каже своето мислење. На тој собир беа избирани двајца епитропи во црквата, кои беа и благајници. Покрај нив, се избираа и тројца за Црковно-училишниот одбор. Нивната должност беше да го одржуваат училиштето во целосна исправност: поправка на училиштето, изработка на училишни клупи и масички или нивна

поправка, како и назначување на еден прислужник, кој обично беше и клисар во црквата. Преку зимата и студените есенски и пролетни денови ние, учениците, секое утро донесувавме по едно дрво за горење на печката. Прислужникот рано наутро ги потпалуваше печките и ги чистеше училишните простории, но честопати се случуваше да нема прислужник, па некои од учениците мораа по ред да останат по наставата, да ги исчистат училишните простории и наутро порано да дојдат да ги запалат печките.

Наставата обично траеше два часа претпладне и два часа попладне, со исклучок на средата и саботата попладне, кога немаше настава. Обично часовите почнуваа во осум, траеја два часа, при што секој час траеше 45 минути. Меѓу нив имаше одмор од 15 минути. Кон 10 или 11 часот учениците во строј го напуштаа училиштето. Попладнето часовите се држеа од 2 до 4 часот. Секое почнување на часот се означуваше со молитвата "Свети Боже" и "Оче наш", а часовите завршуваа со песнички, како претпладне, така и попладне. Честопати одморите беа продолжени со разни игри: трчање, скокање, миженка, робје и др. Во Ваташа често одевме заедно со учителите на прошетка во месноста "Чаирот". Многупати прошетката траеше од утро до зајдисонце. Сите одевме построени и пеевме разни ученички песни. Тоа предизвикуваше голема радост во чаршијата и чудење на помаците, зашто нивните деца во џамијата од утро до вечер само креваа врева, се нишаа повторувајќи: "Елиф-ба, елиф-ба" и се клањаа и во текот на долги години не можеа да ја научат азбуката и да читаат на турски. Турското училиште беше во џамијата. Обично учител беше оџата. Кога и да се поминеше покрај нивното училиште - џамијата и во присуство на самиот учител вревата беше голема.

Учебната година почнуваше по гроздоберот (нашата учебна година), околу 14-15 септември ст.ст. За време на големите празници не се учеше. Божиќниот распуст обично траеше од 20 декември ст.ст. до 8 јануари - по Свети Јован. Велигденскиот распуст траеше од Велики чет-

врток до Томина недела. Учебната година во Ваташа и во околијата обично завршуваше кон крајот на мај. Ова зависеше од созревањето на афионите, во чие режење и берење на катранот земаа учество речиси сите, со исклучок на децата помали од 7-8 години и немоќните старци. Учебната година завршуваше со свеченост што обично се одржуваше во неделен ден претпладне. Училиштето, како и за Свети Кирил и Методиј, беше украсено и подготвено за свечен пречек на гости.

МОЕТО УЧЕЊЕ ВО СКОПЈЕ (1893-1899)

Во август 1893 година татко ми, преку Кавадаречката општина, даде барање до Егзархијата да бидам примен како стипендист во Духовната семинарија во Цариград. Кон средината на септември, при заминувањето на брат ми Тодор за шести клас во Солунската гимназија, татко ми ме испрати и мене во Солун за да ја посетувам истата гимназија. Не помина многу време, во Солун добив писмо од татко ми дека Егзархијата ми доделила стипендија да учам во Скопското училиште и од Солун повторно се враќам во Ваташа. По некој ден, заедно со тетин Ѓоре Грозданов од Кавадарци заминав во Скопје. Тоа беше при крајот на септември истата година. Моето враќање во Ваташа, поради моите детски немирлаци, одново ги растревожи многуте мајки и тие почнаа да зборуваат: "Ете, знаеме оти Ристо е многу закачко, затоа не го примиле да учи". При заминувањето за Скопје се повтори истиот начин на испраќање - маалските жени поттураа камења и проклетства да не се вратам веќе. Тоа многу ја нажали мајка ми и таа постојано ми велеше: "Леле Ристо, колку лош си бил, па сите добри комшии те испраќаат со клетви, а не со благослови". На испраќање ми даде и едно јазле (врзалче) со 40 чакмаци, еднакви на 20 тиквешки гроша. Во Глишиќ наминавме кај тетките Цана и Мара, сестрите на мајка ми. Ме испратија со големи благослови, а тетка Цана при целивање рака ми даде еден

черек - четврт бела мацидија, пет гроша здрави пари (турската лира изнесува сто гроша). Овие појаснувања ги давам зашто паричниот систем во Турција беше различен за различни области: во Тиквешко турската лира беше 190 гроша, во Скопје, Велес - 154 гроша, во Прилеп - 108 гроша. На станицата Криволак тетин Ѓоре извади билети за Скопје и со штотуку пристигнатиот воз од Солун, отпатувавме. Во Скопје со еден пајтон отидовме во "Вакуф-ан", чиј сопственик му беше познат на тетин Ѓоре. Тетинот во Скопје тргуваше со шарлаган. Од анот тој ме одведе кај неговите познати, трговците Димче и Панко Здравеви. Тие ми станаа еден вид старатели. Со еден нивни човек отидов во пансионот на Четирикласното бугарско училиште. Го покажав писмото од Егзархијата, но и пансионската управа ја имала истата наредба и веднаш бев примен во пансионот. Јас бев единствениот од нашата околија во Скопскиот пансион и училиштето. Ме сместија на спиење во собата на кратовци, кои исто така дошле во пансионот. Пансионските соби беа подредени за спиење според градовите, од кои беа учениците: Велес, Штип, Кочани, Кратово, Куманово, Тетово, Гостивар и др., главно од Скопскиот вилает. Попаднав меѓу кратовците, деца облечени во панталони и палта - кога ме видоа облечен во антерија долга до глуждовите и згора палтенце, почнаа да ме задеваат, да ме тргаат за антеријата, а јас, за да се одбранам од тие закачки, често им давав ореви што ги донесов од дома. Овој случај при секоја подоцнежна средба со Михаил Монев[5], мој соученик, кратовец, повторно си го раскажувавме. Ме запишаа за ученик во I клас. Мојата облека го привлекуваше вниманието на сите ученици, додека најпосле навикнаа и престанаа да ме задеваат. Уште истата вечер во трпезаријата влеговме во строј, по читањето на молитвата - вечеравме. Се прибравме во собите, секој на своето легло и јас, според наредбата на Егзар-

[5] Михаил Монев (1881-1944), роден во Кратово, учител, раководител во македонското револуционерно движење.

хијата, од дома си носев душек, два чаршафи за него, јорган, два чаршафи за јорганот, две перници со две навлаки за нив и едно ќилимче. За себе носев два чифта гаќи, кошула, антеријката и едно палто, четири чифта чорапи, четири крпи за нос и две крпи за лице. Уште на следниот ден, заедно со новите другари, нè прошетаа по Скопје и од покриената чаршија си купив сапун, четка за заби, огледало, чешел и станав вистински ученик. По два-три дена, при крајот на септември, почна и редовната настава. Како повозрасен, во I клас ме седнаа во последната клупа, а до мене беше мојот соученик Павле Поцев Шатев. Учители ни беа директорот Самарџиев и учителите: Иван Златков, зоолог од Кратово, Пере Тошев од Прилеп, ни предаваше бугарски јазик, Димитар Павлов од Штип, предаваше француски и црковно пеење, Асан Хоџа - скопски Турчин - турски јазик итн. Надзорници во пансионот беа: Иван Златков и Пере Тошев. На пансионот брзо се навикнав. Најважната ролја во него ја имаше ѕвоното. Наутро слугата Мицко, мошне висок, крупен и силен, со ѕвонецот в рака одеше од соба во соба и нè будеше. По миењето ѕвонецот нè прибираше на учење, кое траеше околу еден час. Ѕвоното ни соопштуваше да престанеме со учењето и да одиме во трпезаријата на појадок. По појадокот ѕвоното ни соопштуваше да се построиме за на училиште и сите во строј, по двајца, една голема група од околу 200 души на чело со гавазот Анте и надзорниците покрај нас, одевме на училиште. Пансионот се наоѓаше на десниот брег на Вардар, по текот на реката, до самата река, во новиот реон, новото маало. Заземаше големо место од неколку декари. Во дворот беа изградени две големи згради. Едната, вистинскиот пансион, каде што ни беа спалните, имаше два ката со по многу соби. Некои од собите беа поголеми, во нив имаше по 8-10 легла, а други помали беа со 3-4 легла. На горниот кат беше и собата за надзорниците. Зградата беше нова, неодамна изградена. До неа имаше друга, изградена истата година, во која јас дојдов во пансионот. Таа се состоеше од една голема сала, која ни

беше и занимална, и зад неа - на приземјето беа умивалните и чешмите за миење. Околу еден декар место пред пансионот на учениците им служеше за играње, а имаше и гимнастички справи: два разбоја и вратило. Таму ги изведувавме гимнастичките вежби, а често застанувавме да ги гледаме игрите на некои искусни вежбачи, како што беа Стојан Блажев од Горно Водно, Игнат Аникин од Велес, ученик во IV клас, Спиридон Крстев од Тетово од II клас и други. Тие мајсторски се вртеа на вратилата и разбојот и правеа севозможни фигури. Од двете страни на дворот кон Вардар имаше два јаболкови овоштарници, засадени со млади дрвца тетовски јаболка, а на самата улица беше трпезаријата - едноставна зграда со голема сала, одделна кујна и магацин за прехранбени артикли. Од пансионот излегувавме во строј, ја пресечувавме улицата и по мостот помеѓу пансионот и училиштето од другата страна на градот, кој беше дрвен, се упатувавме кон училиштето. Тоа, пак, се наоѓаше на спротивниот лев брег на Вардар, во еден голем двор на црквата "Св. Богородица". Десно од црквата беше Четирикласното училиште на два ката. На вториот кат беа училниците, учителската и директорската соба. Дворот и таму беше мошне голем, а на одморите се исполнуваше со нашата голема врева. Едни трчаа, други двајца-тројца ја повторуваа лекцијата, или одделни осамени ученици со книгата в раце сами се шетаа и си ги повторуваа лекциите. Се сеќавам како на часот по бугарски јазик нешто се засмеавме со Павел Шатев и Пере Тошев писна со неговиот тенок глас: "Поп Антов, ако те фатам за антеријата, ќе ја сметам училницата и од прозорецот ќе те фрлам врз црковната штала". Крвта ми замрзна. Велам црковната штала, зашто таму под една стреа се наоѓаше пајтонот на владиката, заедно со коњите. Пере Тошев беше многу строг. На еден одмор во пансионот шетавме по ходниците и бевме гласни, некои пееја, други беа занесени во разговори, а големдел го вежбаа пеењето на "Псалтирот", разните црковни песни. Мојот соученик Петар Иванов од Скопје, без

да забележи дека Тошев наближува, продолжуваше да пее некои црковни песни од "Псалтирот". Пере Тошев се наднесе над него и со неговиот силен глас писна: "Што е тоа - па па па, га га га...". Изненаден, ученикот летна да бега. Пере по него, на скалите го стаса и го смачка од тепање. Ученикот го прекина учењето додека му заздравеа нанесените рани. Димитар Павлов, учител на 50 и повеќе години, силен, стамен и убав маж со очила, секогаш добро облечен, реков дека ми предаваше француски јазик и веронаука. Тој често нè советуваше да го учиме францускиот јазик, кој во животот ќе ни биде многу корисен. Француски учебници ни беа Олендорфовата методика и Плоц. Големо внимание обрнуваше на изговорот на француските зборови, а за нас тоа беше голема тешкотија, особено изговорот на "ен" и "ин" за машки и женски род. Два часа неделно кај него имавме и црковно пеење - псалтикија. "Па ву га ди ка зо ни па". Исто така, големо внимание ни обрнуваше и на црковното пеење, што ќе ни било од голема корист, како учители по селата и градовите. Покрај учителството, учителот што знае и црковно пеење ќе има и дополнителен приход како пејач во црквата. Димитар Павлов особено внимание ни обрнуваше кога одевме на прошетка во "Тафталиџе" - месност надвор од градот. Доаѓаше и тој со жена му, маженатa ќерка со зетот и малиот син Тодорчо, кој го водеа за рака. Тодорчо беше 5-6-годишно момче. Од францускиот јазик доста научувавме, но по турски не научив ништо. Шест години учев турски јазик и не можев да напишам шест збора, едно затоа што бев од Тиквешијата, место каде што и Турците (помаците) зборуваа бугарски, но и Асан-ефенди, учителот, ништо не ни влеа во главата. Тој повеќе беше политичко лице за претпазување на училиштето од секакви ненадејни проверки и ревизии од страна на власта. Во класот често ни се случуваа смешни работи. Наум Османков, ученик од нашиот клас, а и други ученици, го прашуваа учителот: "Како се поврзуваат турските букви?". Асан-ефенди, малку изнервиран, вели: "Седни бе, магаре, земи јаже

и врзи ги буквите". Друго. Го прашуваат: "Колку пари перцето (метално перце) оџа? - "Пет пари перцето" - вели тој. - "Оти, оџа ефенди?" - "Така рече Мишко" - одговара Асан-ефенди. Мишко е Мишко Картовалиев, книжар во Скопје. Асан-ефенди чекаше да чукне ѕвончето за излегување, а нам уште повеќе ни се брзаше да излеземе од незгодата. Во ноември ни зедоа мера за униформата, палто и панталони, како и за чевли. Во декември, по пробата, ја добивме облеката и првпат се облеков а ла франга - во пансионската униформа. Многу денови се вртев пред огледалото да се видам јас ли сум, или не сум јас. И мислев оти сите мене ме гледаат. Потешко навикнав на стегнатиот врат, а требаше да си ставам и бела јака, а во она време имаше и каучукови бели јаки и повеќето земавме од нив, за да заштедиме. Јаката на палтото беше со црвени ширити, а и панталоните имаа црвена тенка лента како гајтан. Ни дадоа и шинели со војнички копчиња - светли. Така стегнати, сите во иста униформа, одевме на училиште, на прошетка и друго. Мене ме сметаа за еден од силните ученици. Учев редовно и сакав со другарите да ги раскажувам лекциите. И по турски јазик, иако не знаев ништо, сепак добивав средни оценки. Секој празничен ден наутро во строј нé водеа в црква и таму првпат видов бугарски владика. Распустите беа - Божиќниот од 20 декември ст.ст. до 7 јануари идната година, а Велигденскиот од Велики четврток до Томина недела. Летниот распуст почнуваше од Петровден и траеше до 15 септември. Учебната година завршуваше со завршна свеченост, по која ни се даваа свидетелствата за годишниот успех. Цела недела пред тоа им пишав на домашните оти ќе си дојдам тој и тој ден. Со возот од Скопје во насока Велес-Штип со мене патуваа и многу велешани - ученици, како и други. Доцна квечерината возот пристигна на станицата Криволак. Уште од прозорецот на вагонот го забележав татко ми, кој радосно ме очекуваше и мавташе со рака. Слегов од вагонот и го пренесов багажот во чекалната, од каде што, по кратка проверка од двајца заптии, стражари на станицата,

тргнавме со татко ми за селото. Тераше два коња - нашиот и уште еден друг. Јавнавме и со брзо одење, на стемнување поминавме низ Неготино. Патем ги поминавме Марена, Глишиќ, Кавадарци, преку Маџирското маало стасавме доста доцна во Ваташа. Таму со голема радост нè пречекаа сите домашни, а и комшиите сиркаа, зашто "Ристо си доаѓа на распуст". Утредента многу од роднините беа дошле на "добредојде", тие беа почестени со бонбони и локум што ги донесов од Скопје. Не задоцнија и некои од селаните од љубопитство да ме распрашаат што има во Скопје и да го видат моето свидетелство - како сум учел. За сето време јас останав дома. Моите поранешни другари од разни страни се вртеа за да ме видат, да ми напомнат дека тие се таму и ме чекаат да играме заедно. Се чудеа дека Ристо не излегува да игра со нив. Уште на вториот ден вечерта татко ми со нетрпение чекаше да ме види да го истерам коњот од шталата, да го јавнам и да го терам до најдалечната чешма во селото да пие вода, како што правев порано, пред години, и да галопирам со коњот. По некој ден мајка ми ме потсети и рече: "Ристо, те чекаат твоите другари да си играте". - "Не ми се игра, мајко" - ѝ одговорив. Уште кај десеттиот ден и нашите и комшиите разбраа дека Ристо не е истиот оној, пред да оди во Скопје. Многу се изменил. Не сака да ги види старите другари, не сака да игра. Стрина Димовица седнала до мајка ми и зборува: "Мори попадие, нели ти викав јас оти Ристо ептен се измени откако отиде да проба туѓ леб, многу поумен стана, ги заборави поранешните лудории. Ете не сака да игра и со мојата Сута" (моја братучетка на моја возраст). Штом почнаа да зреат овошките по лозјата, честопати придружен од помалиот брат Јованче, често одев пеш или на коњ, со кошници да берам sensepи (кајсии), булурми (бели, јадри сливи) и круши, а како што зрееше грозјето, спроти Преображение, заедно со нашите роднини од дворот одевме да набереме грозје за "Преображен" (Преображение). Ноќта спроти Преображение ми се чинеше многу долга, зашто сакавме да зобеме

(јадеме) грозје, но тоа не можеше пред да му се очита молитвата во црквата. На самиот ден Преображение, по слаткиот ручек од риба, се забравме со моите братучеди и отидовме на грозје. Нашите лозја во Нерин Дол беа блиску до селото и едно до друго со лозјата на нашите роднини. Оттогаш почнуваше и секојдневната наша прошетка до лозјата по грозје, кога на Нерин Дол, кога на Бабин Дол, а понекогаш и во Лаката, или на Нерезино во месноста Трски. Престојаното грозје не ми се чинеше слатко, па требаше секој ден да се носи полна кошница од лозјето. Не стасуваше зобењето до наситка во самото лозје, туку требаше патем со кошницата на рамо да носам грозје и во крпата, за по пат до дома. Честопати од утро до вечер го придружував татко ми на лозјето, кој одеше во месноста Лаката, половина час јужно од селото, за да ја залива малата бавча зеленчук, да го пасе коњот, да набере овошје и да исплете една или две кошници и вечерта, полни грозје и со тревата за коњот што јас ја собирав, низ селото се враќавме дома. Брат ми Тодор, ученик во последните класови на гимназијата во Солун, опкружен од интелектуалци-ваташани, со смеа нè пресретнуваше кај кафеаната, а јас го запирав коњот, им давав грозје од кошниците, а откако ќе се оддалечевме од нив, често наслушнував како со смеа раскажуваат: "Еј, Ристо речиси ги заборави лудориите". Дома, а и во селото, луѓето навикнале да ме гледаат облечен во ученичка уиформа, и, бидејќи веќе низа години се носеше таква униформа, не им правеше повеќе впечаток.

Во септември, по гроздоберот во селото, на 15-ти - 16-ти септември стар стил пансионот и училиштето во Скопје почнуваа со настава и јас заминав. Испраќањето беше порадосно и помалку тажно и кај мајка ми и кај другите роднини, зашто веќе одев во познато место. Сепак, мајка ми ме испраќаше надвор од селото и по бакнувањето на раката секогаш ми даваше по едно мало врзалче пари за да ми се најдат. Често ме испраќаа до Криволак - татко ми или постариот брат Михајле. Возот од Солун на стани-

цата доаѓаше околу пладне. Во Скопје стасувавме околу икиндија (три часа пред стемнување) - девет часот по европски. Од станицата со амалче што ми го носеше куферот одев право во пансионот, каде што веќе беа дојдени моите другари.

Продолжив во втори клас и годината помина како и првата, во учење, подготовка на лекциите, игри во пансионот, речиси секојнеделни прошетки по градот и надвор од него. Учителите ни беа истите, со мали исклучоци.

Јас не сакав да играм со моите другари од селото, зашто не сакав да лудувам.

Во трети клас на часот по минералогија учителот Георги Трајчев, во присуство на главниот училишен инспектор Васил К'нчев, за време на предавањето за метеоритите - ѕвездите што паѓаат, главниот инспектор нѐ праша: "Кој од вас се сеќава кога паѓаа ѕвездите?". Јас кренав рака и реков "Јас видов кога паѓаа ѕвездите" - и му раскажав дека беше есенски ден, јасна месечина, нашите роднини собрани на портата, заедно со други, гледајќи го паѓањето на ѕвездите рекоа дека сега двајца браќа се тепаат и тоа е Божји знак. Тоа се однесуваше на Српско-бугарската војна. Јас тогаш бев шестгодишен и настанот ми остави голем впечаток. А за одговорот добив едно "браво" и шестка. Во 1895/96 учебна година Скопското четирикласно училиште се трансформираше во Скопско педагошко училиште со педагошка насока што се учеше три години: во IV, V и VI клас. Во 1896/97 година јас се запишав на I година на Педагошката насока. Прописите не предизвикаа никаква промена во пансионот. Голем дел од моите соученици од трети клас заминаа да го учат IV клас во Солунската гимназија, каков што е случајот со моите сокласници: Павел Шатев, Александар Христофоров од Радовиш, Иван Ингилизов од Пехчево[6], Георги Иванов од Крива Па-

[6] Иван Ингилизов (1882-1944), роден во Пехчево, учител, војвода во македонската револуционерна организација, по Првата светска војна член на македонската парламентарна група во Народното собрание во Бугарија.

ланка и др. На прва година (педагошка насока) дојдоа ученици од Прилеп, Ресен и др.

Со тоа во првата година бројот на учениците порасна на 54 души од разни градови и села од Македонија, дури имаше по неколку ученици од Солунско, Неврокопско и Костурско. Во пансионот учениците формираа дувачки оркестар, кој секоја сабота навечер свиреше во пансионскиот двор и со песни и игри поминувавме до доцна во ноќта, а понекогаш, особено зимно време, се учевме да танцуваме на мразот во дворот. Меѓу нас имаше доста искусни и во хорското пеење. По долги проби оркестарот почна да ги посетува и граѓаните на големите празници: Коледе, Нова година, Христово воскресение. Во Скопје особено свечено беше празнувањето на Богојавление, Погребението на Исус Христос на Велика сабота и Второто воскресение, на првиот ден Велигден околу пладне. На Богојавление целото граѓанство и многу од селаните, заедно со нас, учениците, по црковната служба во црквата Св. Богородица, во поворка, на чело со владиката Максим, подоцнежниот пловдиски владика, бугарскиот трговски агент Димитар Ризов[7] и нашиот оркестар - сите заедно ги обиколувавме скопските улици и блиску до Камениот мост, од левата страна, се вршеше Водосветот и фрлањето на крстот во Вардар. Имаше толку многу народ, што сите улици наоколу беа преполни со Бугари дојдени од сите маала на Скопје и од селата. Истото се случуваше и на Погребението на Исус Христос на Велика сабота рано изутрината. Ми правеше впечаток дека пред секоја куќа по улиците имаше запалени свеќи и гореше темјан и сите куќи беа осветлени, а на Велигден, на Второ воскресение, целата маса собрана во големиот црковно-училишен двор тргнува по улицата паралелна со Вардар, ја минува реката Серава до Камениот мост и оттаму по левиот брег на Вардар се собира во црквата

[7] Димитар Ризов (1862-1918), роден во Битола, новинар и дипломат.

Св. Богородица, каде што почнуваше црковната служба на бугарски јазик. Таму "Евангелието" се читаше на разни јазици - бугарски, црковнословенски, грчки, турски, француски и др. Ми направи впечаток дека на овие свечености скопското население, мажи, жени и деца, масовно присуствуваше на црковната процесија, со црковни знамиња, владиката беше облечен во најскапа црковна одежда и со круна на главата, придружен од многубројни свештеници во светла црковна облека - филони. Многумина странци застануваа, ја гледаа таа маса народ, правеа севозможни фотографии и овие свеченост често беа опишувани во француски и германски весници. Свети Кирил и Методиј секоја година најсвечено се празнуваше во училиштето, но и кај граѓаните. Во училишниот двор се одржуваше Водосвет, по што директорот на Педагошкото училиште држеше пригодна реч за Светите браќа. Потоа уште оттаму почнуваше празнувањето. Ние учениците, построени одевме во месноста Тафталице, надвор, северно од Скопје, во една убава пошумена полјана засенета од брестови и други дрвја, каде што ручавме и бевме почестени со по едно канче пиво. Набргу целата ливада се исполнуваше со граѓани од Скопје, празнично облечени, кои заедно со нас до доцна вечерта играа под звуците на нашиот дувачки оркестар. Честопати, за да нѐ предизвикаат, таму беа доведувани на прошетка и српските пансионци (ученици во Српскиот пансион), но ги доведуваа не поради прошетката, туку заради создавање непријатности и предизвици. Често доаѓаше до тепачки помеѓу нас, учениците, и српските ученици. Особено се истакнуваа српските гавази - Арнаутите, на кои Србите богато им плаќаа. Оттаму, заедно со целиот народ, со песни се враќавме во пансионот. Минувавме покрај реката Вардар, по десниот брег, пеевме една од песните "Жив е тој, жив е", "Крај Босфора шум се дига", "По Сливница Драгоман" и др. Утредента немавме училиште.

Во 1897 година многу од нашите другари-ученици од Кратово, Штип, Кочани и др., излегуваа од пансионот за

да се видат со своите родители затворени во Куршумли-ан и раскажуваа ужасни работи за масакрите што Турците ги извршиле во нивните градови и села. Мојот другар Иван Даскалов од Кратово со солзи во очите ми раскажуваше како неговиот брат Јосиф Даскалов[8], учител во Кратово, раководител на Револуционерната организација, по долго тепање од страна на Турците, ги повел своите мачители да им покаже каде се закопани пушките над еден стрмен дол во Кратово. И откако стасал таму, во нивно присуство, се фрлил од карпата надолу. Претепан до смрт, во несвест, бил доведен во Скопје и бил лекуван во болничкото одделение во Куршумли-ан. Вознемиреноста во Скопје од таа афера - Виничката афера во 1897 година - правеше ужасен впечаток. Стотици претепани Бугари лежеа по турските зандани. Имињата на мачениците - јунаци, Јосиф Даскалов, Мише Развигоров од Штип, Тодор Лазаров, исто од Штип, кои одвај ги надживеаја смртно нанесените рани во затворот - тие имиња беа во устата на секој Бугарин, додека имињата на мачителите Дервиш-ефенди и валијата Хаваз-паша беа проколнувани од секоја бугарска уста. Оттогаш остана прекарот за Бугарите, како најголема навреда од Хаваз-паша "пис милет" (нечист народ). Во тоа време во пансионот почна да се зборува и за ученички револуционерни кружоци. Повозрасните ученици земаа учество во разнесувањето разни писма. Тогаш прочитав и некои револуционерни весници, како и хектографирани билтени, а некои го прочитаа и "Под игото" од Иван Вазов, кое јас веќе го имав прочитано во Ваташа. При крајот на ноември 1897 година се разболев од ревматизам во зглобовите. Доктор Димитров - училишниот лекар - ме тераше да седнам на стаклено столче и сакаше со струја да ми ги раздвижи фатените нозе. Во тоа време Вардар почна да надоаѓа. Јас на постелата не можев да ја поместам едната

[8] Јосиф Даскалов (1868-1909), роден во Кратово, учител, раководител на кратовскиот револуционерен реон.

нога врз другата. Ноќта се слушаа топовски истрели, сигнал дека Вардар надоаѓа, за да се преземат неопходните мерки за евакуирање на куќите што беа покрај Вардар. Нашиот пансион беше до брегот на реката и ноќта водата го поплави дворот речиси еден метар високо и визбите се наполнија. Многу од околните куќи почнаа да се уриваат со голема бучава и пансионците трчаа од едната страна на другата кај прозорците да видат која зграда паднала. Надзорниците со голема вознемиреност ги предупредуваа да не трчаат, да не ја тресат и така поплавената зграда. На осамнување учителот Атанас Михајлов прегази преку водата, наближи до пансионот и нѐ смируваше дека набргу ќе дојдат надворешни луѓе да нѐ извлечат од него. И навистина, луѓето од урнатите куќи за пансионот утрото дојдоа и секој што имаше бунар, веќе поплавен, застанаа да нѐ упатуваат да не газиме натаму. Заедно со другите пансионци и јас го заборавив мојот ревматизам и, со малкуто облека во раце над глава, газевме низ водата која ни стасуваше до појас. Така минавме околу двесте метри кон турските гробишта - кон селското маало. Оттаму, во строј, наводенети нѐ одведоа во Пиварницата "Турати" кај Железничката станица. Таму во затоплена сала пиевме чај и откако се потстопливме и се одморивме, нѐ разместија по бугарските куќи во маалата од левата страна на Вардар, кои не беа поплавени. Јас и идниот географ, починатиот Трајко Благоев, со уште четворица други бевме сместени во богатото семејство Х. Бошкови, на плоштадот кај Митрополијата, на левиот брег на реката Серава. Таму ручавме и вечеравме. Убав впечаток ми остави дека секое утро, заедно со чајот, ни даваа и симитчиња. Таму останавме околу една недела. Откако водата се повлече од пансионскиот двор и од улицата и се врати во коритото на реката, и ние се вративме во пансионот. Само визбите од зградата беа поплавени. Оттогаш досега не сум почувствувал никаков ревматизам. Од студената вода, или од страв, заедно со другите пансионци и јас минав преку водата. При крајот на учебната година

отидов на гости кај мојот соученик Георги Такев од с. Ново Село, Скопско, што се наоѓа на левиот брег на Вардар - спроти станицата Зелениково, на железничката пруга Скопје-Велес. Со него отидовме во минералната Катлановска Бања кај Пчиња. Останав таму три дена, направив три-четири бањи и пеш се вративме во Скопје. Тоа ми беше лекувањето од ревматизмот.

Во 1897/8 година многумина од штипјаните во пансионот ја донесоа болеста - шуга. Речиси сите ученици од пансионот бевме заразени. Ужасна болест. Неподнослив јадеж. Многумина од учениците, речиси сите, за месец-два се отселија. Само јас, Климент Паунчев од Охрид и уште двајца-тројца други ја носевме болеста со месеци. Во почетокот на 1898 година скопските училишта беа затворени во знак на протест против решението на турската власт и Грчката патријаршија за устоличување на српскиот владика Фирмилијан во Скопје. Во февруари 1898 година заминав за Ваташа да си ја лекувам ногата. Болеста беше запрела на десната нога, на бедрото. Останав дома повеќе од месец и кога училиштето се отвори на крајот на март истата година, се вратив во Пансионот уште неизлекуван. По завршувањето на учебната година, по совет и препораките на д-р Руменов[9], училишниот лекар во Скопје и бугарскиот трговски агент Димитар Ризов, дојдов во Александровската болница во Софија и управникот, врз основа на препораките, веднаш ме прими на Кожното одделение. Таму останав 18 дена и бев совршено излекуван. Кожното одделение на болницата, чинам, и сега е на истото место и од болницата до трамвајската станица беше полјана-ливада. Само покрај трамвајската станица имаше киоск, каде што одевме да си купиме по нешто за каснување. Лекари на Одделот беа д-р Ст. Ватев и д-р Мишајков. Во Софија останав тричетири дена кај Георги Сапунџиев на ул. "Софрони". Ку-

[9] Владимир Руменов (1870-1939), роден во Крушево, лекар, дец на ВМРО, од 1923 година член на македонската парламентарна група во Народното собрание на Бугарија.

пив некои подароци и три калпаци за моите мали внучиња, синовите на брат ми Михаиле. Кога одев за Софија, од Скопје тргнав со пансионците Петар Курдов и Рафаел Симонов. Преспавме во Ниш и оттаму кон пладне стасавме во Софија, во хотелот "Средна Гора", кој се наоѓаше некаде на ул. "Ангел К'нчев", кај Плоштадот "Славејков". Оттаму зад хотелот имаше уште неколку куќи, потоа почнуваше една полјана на која офицери обучуваа војска и потоа почнуваше Александровската болница.

Во 1898/9 година бев на трета година педагогија. Во есента 98-та една група мајстори од Ваташа беа дошле кај еден бег во Скопје да градат куќа. Секој неделен ден доаѓаа кај мене во пансионот за да ги прошетам по Скопје. Еден наш сосед од селото, Димитрија Митревски, ми вели: "Ристе, да не одведеш кај нашиот конзул, Димитар Ризов. Знаеш ли оти тој е од Ваташа?" Неговите родители за кратко време беа доселени во Кавадарци и татко му Ризо Бонџов пак се пресели во Битола, каде што разви голема трговска дејност. Отидовме сите заедно да го посетиме нашиот конзул. Чуварот нè пречека на вратата и откако му кажав каква е работата, дека е наш познат, тој го праша и Ризов нè прими. Нè распраша што има во Тиквешко, како и за некои познати и, по малку, си излеговме. При една прошетка на пансионците до Тафталице, каде што по нас дојдоа и српските ученици, од збор на збор се крена голема ѓурултија. Некои од учениците и од едната и од другата страна беа со скршена глава и утредента нашите надзорници Тодор Паскалев и јеромонахот Неофит, идниот скопски владика, беа затворени и задржани во затворот околу еден месец. Голема беше омразата помеѓу Србите и Бугарите. На десниот брег на Вардар имаше една крчма со фирма "Код Питко", посрбен Бугарин, чијшто син Тома Питков во 1900 година беше затворен во Цариград и оттаму однесен во Бурса поради говорот што го одржал во Скопје на закопот на убиениот скопски војвода Васил Аџаларски[10].

[10] Васил Аџиларски (1880-1909), роден во с. Аџилари - Скопско, скопски војвода на Македонската револуционерна организација.

Покрај самата крчма имаше еден бојаџија-Србин и при бојадисувањето на ѕидот со четката шлапнал дамка. Тој збор, "шлапач" (цап!) подоцна стана официјална навреда за секој Србин. Поводот се случил пред самата бојаџилница - се скарале едно бугарско и едно српско момче, српското му рекло на бугарското "бугараш", а бугарското му вратило на Србинот со "шлапач-Србин". Тој прекар се пренесол на сите Срби. Штом ќе сретнат некој Србин, му велат "шлапач" или "шлапачот - Србин". Навредени од прекарот, Србите ѝ се поплакале на власта и се поведуваат низа српски дела поради тој, инаку безначаен збор. Србите во Скопје не можеа глава да кренат од тој збор и тоа беше најмодерната навреда во текот на целата 98/99 година.

Во пансионот живеев шест години и спомените за него до денес не можам да ги заборавам. Со ѕвоно стануваме и со ѕвоно легнуваме. Вечерно време по легнувањето поминуваше пансионскиот надзорник, светилките беа гасени, сите молчевме, меѓутоа по неговото заминување се случуваа убави забави. И сега го паметам мојот другар Кочо Иванов, уште е жив во Софија, се преоблекуваше како оца со антерија и чалма на главата и како турски муезин му пееше на Алах да ни даде добар сон и добар успех во утрешниот ден. А утредента уште од рано прислужникот Мицко со ѕвоното в рака трча од соба во соба и ги буди пансионците, но често беше потплашуван со зборовите: "Чичко Мицко, еве глушец, глушец!" - и тој трепереше и бегаше надвор. Многу се плашеше од глувци.

Како што кажав, во средите и во саботите попладнето не одевме на училиште. Тие две попладнија ни беа определени за местење на постелите, за промена на чаршафите на јорганите и за крпење на скинатите и распарани облеки. Оттогаш ми остана обичајот секогаш и досега да имам игла и конец во паричникот. Во саботите попладне обично нѐ пуштаа во групи по неколку души в град за да си купиме разни тоалетни и училишни потреби, а често уште од саботата ни даваа дозвола да одиме на гости кај наши

другари-скопјани во нивните домови. Посетите на пансионците на скопските другари беа речиси редовни, особено за Божиќните и Велигденските празници. Во групи посетувавме познати патриотски семејства во бугарските маала Чаир и Топаана. Во тие две маала, кои беа најоддалечени во Скопје, живееја исклучително Бугари и од таму имавме многу другари-пансионци, како Андреј Кожухаров, Спиро Стефанов и мојот незаборавен другар Димче Цветанов, кој загина како револуционер на Скопската чета во 1903 година. Нашите посети на бугарските куќи секогаш беа придружувани со патриотски песни како "Жив е тој, жив е", "Не жали мајко, не плачи", "Не сакаме богатство, не сакаме пари" и најновата песна од нашиот учител и директор Христо Матов "Виши се, виши, Витошо мила", напишана како одглас на Виничката афера. Во пансионот формиравме ученичко друштво за набавка и читање патриотска литература, во што ни помогнаа и некои од учителите-надзорници. Патриотски книги беа: "Под игото" од Иван Вазов, "Бај Гањо", од Ал. Константинов, "Бугарска историја". Понекогаш до нас стасуваше и весникот "Реформи". По неколку пати во годината во големата сала - занимална, организиравме ученички вечеринки со програма: песни, рецитирање и некои хуморески. При една претстава, мојот соученик Нестор Попов, Господ да го прости, од с. Гари, Дебарско, силно, убаво момче, се јави да ја рецитира песната од Вазов "Дивни Крали Марко, сесловенска славо": трипати кажа "Дивни Крали Марко, сесловенска славо", се закашла и не можеше да продолжи, па му остана прекарот "Дивни Крали Марко" - па дури и кога дојде во Лозана да студира право, кое го заврши во Женева во 1907 година, и кога отиде во Цариград да го учи турскиот јазик и турското право во 1910 година - си го носеше прекарот "Дивни Крали Марко". Во училиштето дадовме и неколку претстави, како "Ревизор" од Гоголь, "Присилна женидба", "По неволја доктор" и "Геновева". Сите ролји ги игравме ние, учениците, дури и женските. Нашите претстави ги по-

сетуваа по покана и високи турски чиновници во Скопје. На една од претставите присуствуваше и валијата Афуз-паша, човекот кој најмногу ги мразеше Бугарите. Често и самите ученици читаа свои состави на теми со географски описи и историја на градовите од кои беа. Јас прочитав два состави, едниот за Тиквешко, а другиот за Скопје, за учителствувањето на Јордан Х. Константинов во Скопје. Материјалот за Скопје ни беше собран од страна на стариот скопјанец Георги, економ во пансионот, од учителот по историја Владимир Бојациев и од учителот Јордан Крапчев, историчар. Имавме и Ученичко-револуционерно здружение, каде што се читаа тајни револуционерни информации. Многумина од учениците служеа како курири помеѓу Скопје и градовите, од кои беа дошле, и многумина од нас бевме подготвени за револуционерна дејност уште како ученици - како незаборавните Христо Бабамов од Струмица, Тодор Оровчанов од Велес, Јованче Поп Андов од Ваташа, Тиквешко и многу други.

Во мај 1899 година ние, учениците од трета година, бевме распуштени за да се подготвиме за матурата. Отпрвин, заедно со мојот другар Димитар Икономов од с. Ловча, Неврокопско, одбивме да ја полагаме матурата, сметајќи дека не ни е неопходна, бидејќи ќе бидеме револуционери. Неколку дена така се вртквме со кренати глави и од високо гледавме како послабите од нас го "бубаат" материјалот за матурата. Но по едно време си рековме: "Зошто и ние да не ја положиме матурата?" - за што нѐ посоветуваа и учителите Димитар Павлов и Велко Думев[11]. Се зафативме со подготовките. Другарот Димитар Икономов читаше, а јас го раскажував прочитаното и така со успех ја завршивме матурата. Се сеќавам дека бевме останале назад по хемија и секој одделно почна да чита. Занесен во

[11] Велко Думев (1869-1945), роден во Воден, учител, раководител на Одринскиот окружен комитет и член на Битолскиот револуционерен комитет, редактор на весниците "Илинден", "Македонија" и "Независна Македонија".

читањето, јас спроти денот на матура за испитот по хемија читав целата ноќ. Кога утрото си ги измив рацете, ми се наполнија со влакна од косата. Паднав во несвест и испитот го дадов по два дена. По турски јазик сите шест години имав одлична оценка од Асан-ефенди, зашто тој оценките ги даваше не според знаењето, туку според однесувањето на ученикот. Тие што седеа мирно и тие што беа најнемирни - имаа пофални оценки, а оние што беа "орта-будала" имаа слаби и средни оценки. Јас бев меѓу мирните и имав одлична оценка, но испитната комисија не обрнуваше многу внимание на турскиот јазик. На писмениот испит напишаа на таблата неколку реченици на турски за да ги преведеме на бугарски и неколку реченици на бугарски за да ги преведеме на турски. Ни дадоа и турско-бугарски речници, да се послужиме со нив. Јас првпат фатив речник и не можев да се служам со него. Не можев ни правилно да ги препишам турските реченици од таблата, а за преведувањето многу не се погрижив. Комисијата гледа, гледа, па туку реши: Христо Поп Антов е од Тиквешко и Турците таму зборуваат бугарски, а бидејќи е силен по другите предмети, ми дадоа тројка. Тројка имав уште по француски и краснопис. По другите предмети бев одличен. На Петровден таа година, на завршната свеченост присуствуваше и валијата и тој ни ги раздели училишните свидетелства, без да обрне внимание дека по турски имам тројка. Нашиот клас беше втора генерација на Педагошкото училиште. Првата генерација при завршувањето во минатата година се фотографираше со девизата: "Сè за народ, ништо за нас". Ние решивме да се фотографираме. Задолживме една комисија да обиколи и некои фотографи, како и да изработи девиза, но поради недоразбирање во самата комисија - не се фотографиравме.

Со дипломи во рацете, радосни се вративме во родните места.

Во текот на шесте години во Скопје наставници ми беа речиси до крај - учителот Христо Матов од Струга, Велко Думев од Воден, Димитар Павлов од Штип, Сребрен

Поп Петров од Екши-Су[12], Леринско, Тодор Паскалов од Старчишта, Неврокопско, Коста Николов од Ресен, Павел Ковачев од Мустафа-паша (Свиленград), Хасан-ефенди од Скопје.

СТУДЕНТ ВО ШВАЈЦАРИЈА

Во почетокот на октомври 1904 година еден пазарен ден, среда, во Кавадарци дојде кај мене курир од селото Чичево, Велешко, и ми предаде писмо од велешкиот војвода Георги Попов, родум од Ресава, Тиквешко. Во писмото тој бараше и настојуваше да дојде како војвода во Тиквешко. Во одговор на писмото, по истиот човек му напишав дека Тиквешката околија има свои војводи. Минувајќи низ Ораовец за Чичево, курирот го пресретнало одделение турска војска, се посомневале во него, го фатиле и по кусо тепање тој открил дека носи писмо. Подложен на тепање, тој кажал и кој му го дал писмото. Така тоа писмо беше фатено. Од Мрзен-Ораовец ме известија за слученото откривање. Веднаш решив: подобро да бегам, отколку да ме фатат. Го свикав Околиското раководно тело и донесовме решение да ме замени учителот во Кавадарци Кузман Поп Данаилов, додека сите други членови си остануваат. И го соопштив тоа на четата. Неколку дена се криев во Ваташа. По неколку дена отидов во Неготино, на пазар. Таму со еден од пазарџиите, наши луѓе, го подготвивме моето заминување за селото Липа, Радовишко. Преоблечен како селанец, доцна вечерта пристигнав во Липа и оттаму по канал, по една недела, стасав во Кочариново, Дупничко и оттаму во Софија.

Уште првиот ден отседнав кај Георги Сапунциев и се замислив што да правам. Наумив да студирам право, иако

[12] Сребрен Поп Петров (1869-1950), роден во с. Врбени, Леринско, учител, учесник во македонското револуционерно движење, од 1924 година член на македонската парламентарна група во Народното собрание на Бугарија.

знаев дека педагозите не ги примаат, па отидов кај деканот на Правниот факултет, проф. Јосиф Фаденхехт. Му кажав дека сум педагог и сакам да студирам право. Веднаш ми одговори дека нема да бидам примен. "Ќе те примиме како слушател, при што во рок од две години ќе се подготвиш да положиш гимназиска матура и третата година ќе можеш да положиш и универзитетски испити од изминатите семестри". Израдуван, решив да останам во Софија и почнав да барам стан. Сапунџиевци ми препорачаа да појдам кај г-ѓата Миска (не сум сигурен) Иван Поп Пандова, ваташанка од семејството Поп Пандови од Неготино. Отидов. Ме прими мошне љубезно и ми рече:" Мојот Методи, ученик од четврти за петти клас, е многу непостојан. Со тебе ќе се посуреди. Еве, ви ја давам оваа убава соба, ќе седите заедно со него" - и ми го подготви леглото. Договоривме скромна кирија и останав десетина дена. Го сретнав полковникот Јосиф Шишков од Ваташа, кај кој живееше Јованче Минчев. Јосиф ми вели: "Слушај, Ристо, јас имам еден пријател, подначалник во Министерството за просвета, г. Увалиев. Оди кај него, поздрави го од мое име и прашај го што е подобро да направиш. Тој е љубезен човек и ќе ти објасни". Отидов кај г-н Увалиев. Му ја раскажав болката и тој ми вели: "Не ти советувам тука да се запишеш како слушател, зашто многу ќе се намачиш, а и самата материја од правото треба да ја учиш по матурата, а тоа е најмалку четири години. Ќе одиш во Швајцарија, во Берн. Животот не е многу скап. Ем ќе научиш јазик, ем за три години ќе завршиш историја". Оваа идеја веднаш ми се виде полесна, ја прифатив. По ден-два го сретнав Петар Андов од Велес, мој познат уште како ученик во Софија. Го прашав: "А, бе, Петре, каде ќе одиш?" - "По пет дена, вели, одам да студирм за аптекар во Лозана и тогаш треба да се сретнеме со Милан Крепиев, студен по аптекарство во Лозана. Ќе се најдеме на нишката железничка станица. Јас одовде, а тој од Велес - право за Белград". "Е, добро, му велам, и јас ќе заминам со вас. Ќе одам во Берн". Речено-сторено. Пра-

тив телеграма в село да ми испратат пари. Околу 20 лири имав за земање од мојата трговија со афионово семе од Спиро Ризов од Солун, трговија правена со посредништво врз заеднички договор помеѓу мене, Јордан Нетков и Ило Ампата. Првиот од Кавадарци, а вториот од Ваташа. Ми јавија дека парите ги праќаат преку тетин Ѓоре Грозданов, извезувач на грозје во Ниш. Отидов во Ниш, откако пред тоа извадив пасош за Швајцарија. Процедурата за добивање пасош беше следна: дадов молба до градоначалникот и со двајца сведоци, Георги Чејков и Георги Сапунциев го потврдив мојот идентитет, бидејќи при бегањето од Македонија останав без документи, и пасошот веднаш ми го дадоа. Отидов за Ниш. Границата помеѓу Србија и Бугарија во тоа време беше отворена. Се минуваше без пасош. Во Ниш најдов доста кавадарчани, извозници на грозје од Тиквешијата. Го најдов и тетин Ѓоре. Му кажав за што сум дошол и каде ќе одам. Тој ми рече: "Добро, добро си намислил. И да не го добиев писмото од домашните, ќе ти дадев 20 лири, меѓутоа добив писмо од синовите во Кавадарци дека Јордан Нетков им избројал 20 турски лири за тебе". Останав уште два дена, го разгледав Ниш, винарските визби и на станицата полните вагони грозје што доаѓаа од Тиквеш. Стаса скопскиот воз и со него очекуваните студенти. Со Петар Андов се качивме во нивниот воз. Тој ме запозна со Крепиев и уште двајца други, меѓу кои беше и Рајна Алексиева од Битола, студентка по аптекарство на Универзитетот во Лозана, по потекло од Кавадарци. Татко ѝ бил од родот на Ковевци, блиски роднини на Крсто Ашов, татко на мајка ми, па излеговме и роднини. Минавме со возот низ Белград, преку Унгарија, вечерта стасавме во Будимпешта, вечеравме во градското бифе и по вечерата Андов ми рече: "Убаво, вкусно беше јадењето, ама месото како да беше магарешко". Уште истата вечер заминавме за Виена. Изутрината стасавме на станицата Ост Банкоф во Виена и оттаму со омнибус, или беше друга слична кола, минавме преку градот кон Вест Банкоф - западната станица.

Оттаму преку градовите Инсбрук, Линц, дојдовме на австриско-швајцарската граница кај Бук. Таму влеговме во Швајцарија. Минавме низ убавите Швајцарски Алпи, покрај Циришкото Езеро и стасавме во Цирих. Таму во нашето купе се качи еден Русин, студент на Бернскиот универзитет. Патем од Крепиев и Рајна Алексиева дознав дека Андреј Кожухаров, мој соученик од Скопје, студира во Берн, и ми ја кажаа неговата адреса. Русинот рече: "Утре јас ќе те одведам на таа адреса". Стасавме во Берн. Ме одведе во еден хотел. Јорганите таму немаа двојна навлака. Без да знам како се покрива со таквите јоргани, ја распетлав навлаката и се вовлеков во јорганот. Кога станав изутрината, се најдов облепен како кокошка со пердуви. Русинот почна да ми се смее, но и јас во себе си се смеев. Се подзачистив, појадовме. "Е, ајде, вели, ќе те водам на адресата на Андреј Кожухаров". Не талкавме многу, ја најдовме адресата. Праша на германски - тука ли е Кожухаров, бидејќи јас го барам, и газдарицата одговори дека е тука. Се видовме со Кожухаров. Се зарадува и тој, но јас повеќе. Му кажав зошто сум дошол и ми одговори: "Многу убаво си сторил". Тој беше заминал девет месеци пред мене, се запишал како студент по историја. - "Утре-задутре, вели, ќе те запишам и тебе. Додека да ти најдеме соба, овде ќе ми бидеш гостин. Да појдеме да си го платиш хотелот". Отидовме тројцата. Платив и се разделив од Русинот. Во Берн останав три дена. Ме прошета по попознатите места. Меѓу другото, ми предложи и отидовме да ги видиме мечките, кои се белег на Бернскиот кантон. Слушам Кожухаров со газдарицата разговара на германски. Јас не можам ниту еден збор да разберам. Не само што не разбирам, туку ни зборовите не можам да ги одделам еден од друг. Му реков: "А, бе, Андреј, многу е тежок германскиот јазик" - А, вели, и јас не го знаев, а ете гледаш дека ломотам". Во разговорот, Кожухаров ми рече дека е студент по право во Лозана со Дионисиј Кандиларов, поранешен учител во основно во Скопје. Му реков дека и јас ќе одам во Лозана. Францускиот

јазик не го знаев, но сепак ми се чинеше полесен. Човекот ме кандисуваше подолго време да останам кај него, но многу ме исплаши германскиот јазик. "Не, велам, ќе одам во Лозана, францускиот ми се гледа полесен." Кандиларов ми ја даде адресата во Лозана: ул. "Мопа" бр.20 и ме испрати на станицата. По два часа слегов на станицата во Лозана со листот на кој ја имав запишано адресата на Кандиларов, го прашувам секој сретнат, кој ми одговара и со движење на раката ми посочува на која страна да се упатам. Стасав до ул. "Мопа" и се загледав по броевите на куќите. Штом го најдов бр. 20, влегов во куќата, прочитав на вратата "Д. Кандиларов". Чукнав, излезе самиот тој. "О, Поп Антов, што те довело ваму?" - Ем му ја кажувам мојата мака, ем желбата да студирам. Влеговме во собата и по разговорот ми рече дека пред неколку дена дошол да студира и Иван Машаров од Скопје". "Вчера го запишав на Правниот факултет. - "А мене, ќе ме запишат ли?" - "Има соопштение од Софискиот универзитет - вели тој - студентите што Софискиот универзитет не ги примаат на извесни дисциплини, да не бидат примени ни на Лозанскиот универзитет. Но ние се снаоѓаме, велејќи дека не сме од Бугарија. Ние сме од Турција. Наш претпоставен за просвета е Егзархијата со седиште во Константинопол. Има ли оттаму соопштение за неприфаќање?" - "Нема". "Втора пречка е незнаењето на латинскиот јазик", ми рече тој. "Но и неа ја надминуваме. Даваме писмена изјава дека ќе го учиме латинскиот јазик. Кога луѓето се јавуваат на испит, никој не се сеќава да праша дали знаеш латински, бидејќи правните термини на латински си ги научил механички и ги знаеш подобро од одличните класичари". Вечерта останав кај него. Тој беше веќе цела година таму и ја почнуваше втората. На следниот ден го сретнавме Машаров и тројцата отидовме на Универзитетот, каде што бев запишан. Потоа најдовме стан за мене, на улицата "Авени де Колож" вила "Аралија", бр. 12. Се договорив за собата 20 франци месечно и пансион 55 франци. Тогаш немавме разлика помеѓу бу-

гарскиот лев и франкот. Јас имав вкупно околу 20 лири, или околу 450 лева. Пансионот ми беше полн: појадок, ручек и вечера. Во истата вила беше на стан и Ангел Гарчев (1884-1967), нов студент по инженерство од Бела Црква во Бугарија, штотуку матуриран во Трновската гимназија. Бидејќи не знаев француски, зашто она што го учев во Педагошкото училиште во Скопје го имав заборавено, на појадок, ручек и вечера бевме повикувани со звонче. Се храневме со нивното семејство, кое се состоеше од маж, жена и син, банкарски чиновник, поголемиот син - градинар, и една ќерка. Утринскиот појадок се состоеше од млеко со какао, леб, масло и џем. Ручекот - супа, месо со гарнир од компири, зелка и сос, како десерт даваа јаболка, понекогаш круши или костени. Навечер компири, костени, масло и млеко. Леб даваа многу малку. Таму останав три месеци. Бидејќи не даваа леб, ги напуштив станот и пансионот. Таму ми беше добро, зашто сите зборуваа француски и почнав да ги разликувам зборовите. Уште во првите дни се случи една непријатност, која предизвика голема смеа. Ненавикнат на нивните клозети, хартиите ги пуштав во шолјата. По некој ден клозетот се затна и почнаа да викаат и да ме обвинуваат мене. Јас си признав и затоа, откако ја извршија поправката, овој случај ни послужи повеќе за смеа. Уште следниот ден почнав самиот да учам француски според Олендорфовиот метод. Ги учев зборовите со запишување и постојано повторување. Наставата редовно ја посетував - од лекциите не разбирав ништо. По извесно време почнав да ги одделувам зборовите и некои ми се покажуваа познати, но додека во умот си ги преведам на бугарски, професорот отишол многу напред и така, постапно, од синџирот зборови почнав пополека да усвојувам сé повеќе и го скинав синџирот. Зборовите ги разделував, содржината не им ја знаев. Веднаш по враќањето во станот, почнував да читам и да пишувам зборови, повторувајќи ги гласно. По час-два, кога ќе се уморев, излегував, шетав околу половина час и пак се враќав. Пак пишување и читање. Тоа се повторуваше речиси

секој ден. Уморот ми беше голем. Почнав редовно да купувам "Ла газет де Лозан", каде што почнав да ги читам кратките огласи и, бидејќи тие се блиски, речиси еднакви, почнав и да ги преведувам. Постепено почнав да читам и други статии од весниците. Кај Божиќ веќе разбирав извесен број зборови. За Божиќните празници Македонското друштво во Женева требаше да приреди вечерна забава. Бевме поканети и ние, македонските студенти од Лозана. Отидовме во Женева. Забавата беше добро подготвена. Претседателот на Одринско-македонската забава, Коста Георгиев од Одринско, студент по математика, во преполната сала поканети граѓани прочита убав напис за состојбата во Македонија и Одринско, спомнувајќи го и Востанието во 1903 година, големото јунаштво и многуте жртви. Утредента во операта ја слушавме "Ромео и Јулија". Откако претходно го разгледавме градот, по операта заминавме и за еден час со брз воз се вративме во Лозана, бидејќи растојанието е 60 км. Женева е убав град, расположен од двете страни на Женевското Езеро. Помеѓу другите споменици е и еден на Жан Жак Русо. Во Женева имаше многу бугарски студенти. Колку што паметам, имаше и бугарска кафеана и гостилница што готвеше по бугарски вкус. Лозана е поубав град од Женева. Расположен е амфитеатрално над Лак де Леман, како што се наречува Женевското Езеро. Има убави вили што се наоѓаат во големи паркови. Во градот циркулираа електрични трамваи во разни насоки. Во стариот дел на градот се наоѓа Универзитетот - стара зграда до која се стасува преку повеќе од 50-60 скалила по една улица. Тогаш се завршуваше и новиот Универзитет, граден со средствата на угледен руски гроф или кнез, Де Румини. Универзитетот го носеше неговото име, како и улицата на која беше изграден Универзитетот.

Во февруари 1905 година се преместив на стан на ул. "Ла Понте", не се сеќавам на бројот, каде што порано живеел Тодор К. Павлов од Скопје[13], соученик на брат ми То-

[13] Тодор Павлов, роден 1878 година во Скопје, учител, прав-

дор. Тука само живеев, а се хранев во друг пансион, заедно со Петар Мрмев[14], студент по социјални науки од Прилеп и Панајот Томов од Нови Пазар (веројатно), Северна Бугарија, студент по медицина. Во пансионот имаше и доста други Французи и Италијанци. Храната беше речиси истата, со повеќе леб. Околу шестиот месец веќе и јас почнав да зборувам француски, најмногу во кујната со мојата газдарица или во пансионот. Едно време се најдов во пансион, каде што меѓу многуте Французи имаше и два-тројца Полјаци, кои не знаеја француски. Бевме решиле за време на јадење сите да зборуваме само на француски. Кој ќе проговори на друг јазик, да плати казна и од собраната сума пари да се купи пиво. Полјаците често излегуваа на балконот и таму разговараа полски, а во врска со казните одговараа: "Ние не сме на масата за јадење. Вие треба да платите казна, зашто седите на трпезата и слушате туѓ јазик". Во Лозана бевме три-четиринаесет студенти од Македонија. Повеќето се познававме уште од Македонија. Секој ден попладнето или по вечерата излегувавме на прошетка по Гран-Понт, главната улица во Лозана. И таму ќе сретневме познат Бугарин, или речиси на секој чекор ќе се слушнеше разговор на бугарски. Таму имаше повеќе од 60 бугарски студенти, покрај Македонците. Штом ќе се соберевме, зборувавме на бугарски и се прашувавме кој што научил на француски. Меѓу Бугарите од Бугарија имаше два-тројца кои се држеа на страна, како Никола Бурмов, денес адвокат во Пловдив, Теодоси К'нчев од Трново, угледен адвокат и во Трново и во Софија, загина во 1944 година при бомбардирањето на Софија. Тие се тргаа на страна од разговорите со Бугарите, за полесно да го учат францускиот јазик.

ник, учесник во Илинденското востание, пратеник од Скопскиот санџак во Турскиот парламент во Цариград (1908-1912), дипломат.

[14] Петар Мрмев (1884-1945), роден во Прилеп, учител, учесник во македонското револуционерно движење, редактор на весникот "Независна Македонија" и на списанието "Илустрација Илинден".

Ние, Македонците, речиси секоја недела попладне одевме на прошетка во околината на Лозана. Околу Лозана има многу убави места за прошетка до околните села било пеш, било со трамвај и со жичарница. Разговорите ни беа обично - кој што научил и како го научил францускиот, што чита на француски, за убавините на Македонија во споредба со Швајцарија. Често пати ги обиколувавме брегобите на Лак де Леман и Тома Спространов од Охрид, кој студираше право во Женева, подоцнежен адвокат во Пловдив, починат во 1955 година, кога правеше споредба со Охридското Езеро, извикуваше: "Ова езеро е разубавено од природата и најмногу од човечката рака, а Охридското по природа е поубаво, меѓутоа, човечката рака расипала многу од убавините на Езерото". Кога времето беше лошо, неделните попладнија ги поминувавме во градот или в кафеана, во игра на табла. Многу од Бугарите ни завидуваа дека толку другарски и убаво си живееме и порачуваа, кога одиме на прошетка, да ги викнеме и нив. Во Лозана имавме бугарско студентско друштво именувано "Братство". На големите бугарски празници како Св. Кирил и Методи, Божиќ, Нова година, Велигден, се собиравме и си поминувавме во пријатни разговори и разни хуморески, често придружувани со бугарски песни. Си живеевме многу добро. Во тоа време Лозана беше град од околу 60.000 жители. Стариот дел во центарот на градот е со стари двокатни куќи, повеќето со многу стрмни покриви и тесни улици, а другиот дел околу него е распослан по широки полјани и не многу стрмни ридишта, пошумено со многу дрвја, со убава трева и прекрасни цвеќиња. На една висока полјана наречена Монт Бено, која претставува голема цветна градина, е изградена палатата "Пале Федерал". Таму се наоѓа Федералниот суд на Швајцарската конфедерација, чиешто седиште е во Берн, а на судиите седиштето им е во Лозана. Често ја посетувавме "Пале Федерал", кога имаше разни политички судски процеси.

Најголемите празници во Лозана се Божиќните празници, кои се слават со новогодишните, кои се и карневалски празници, - и Велигден. Но највесело се празнуваа карневалските денови во текот на Нова година. Целото население Нова година ја пречекува на Гран Понт, каде што точно во 12 часот камбаните од високата црква ја објавуваат Новата година и тогаш, кој до кого ќе се најде - се бакнуваат. Тогаш многу од крчмите, пивниците, им даваат бесплатно вино на посетителите. Карневалите се весели празници. Често ќе видиш татко со децата, си ставиле маски на лицата и се шетаат, или пак моми и жени и момчиња во различни костуми и маски се бркаат и се шетаат. Лулките се преполни со посетители. Во тоа време и пансионите ја засилуваат и служат поубава храна, по стара цена. Не земаат дополнителни пари. Во јуни 1905 година го напуштив станот во Ла Понтез и зедов стан на улицата "Ру де Шодефон", во една вила чиешто име сега не го паметам. Таму поминав до крајот на годината. Домаќините се преместија во соседната вила "Кармен", каде што и јас се преместив заедно со нив и тоа ми беше последниот стан до денот кога отпатував од Лозана. Станодавец ми беше Алфонс Куше, учител во основно со жена и три мали девојчиња. Тој убаво свиреше на виолина, а жена му пееше. Често, заедно со нив, одев во театар. Таму тогаш ја гледав Сара Бернар, ги слушав оперите "Кармен", "Трубадур", "Аида", "Тоска", "Фауст", "Травијата" и др. Секојпат при одење в театар доаѓаше до караници помеѓу Куше и жена му Софија. "Ајде, м-сје Антон, ние да одиме в театар, Софија не е готова". Речиси на секоја претстава таа отсуствуваше на првиот чин, зафатена со успивање на децата, а децата не им беа толку мали. Големата Маргарита имаше околу 13 години, средната Бланш - девет години, а малечката Роз - шест/седум години, меѓутоа при секое враќање дома, Куше ќе засвиреше и жена му ќе му се придружеше и ќе ги испеат сите слушани арии. Обајцата напамет знаеја цели опери. Откако ќе се напиевме чај и вторпат ќе ги поминевме опе-

рите, тогаш си легнувавме. Газдите ми беа многу добри луѓе. Иако бев на пансион во друго место, често ме канеа на вечера. Понекогаш и јас одделував по некој франк, купував билети и ги водев в театар. Понекогаш во неделите заедно излегувавме на прошетка до блиските села. Често одевме во едно село од каде што беше и жена му и каде што тој порано бил учител и таму се вљубил во Софија и се венчале. Неделните денови тој обично ги определуваше за домашен одмор. Меѓу другото, не му се излегувало, бидејќи ќе сретнел многу познати, па требало да симнува шапка и да ги поздравува.

Швајцарецот напамет ја знае својата земја. Децата уште од мали ја изучуваат околината на градот и толку добро ја познаваат, што јас им се восхитував и често си повторував дека јас и денес не ја знам едната половина на Ваташа. Швајцарецот ја сака Швајцарија и ја сака парата. Куше често ми велеше: "Стави му на умрен Швајцарец една монета од 5 франка, тој веднаш ќе си ја стисне раката, за да не ја испушти парата". Еднаш на лотарија, пишуваа весниците, му паднале еден милион франци на некој Швајцарец. Од истата лотарија имаше тикет и мојот газда. Го прашувам: "Што добивте?" - Ништо, м-сје Антов. Ама доби еден Швајцарец еден милион и јас се радувам", - "Го познавате ли?" - "Не. Но се радувам дека парите ги добил еден Швајцарец".

Еднаш малата Роз ја заболе грло. Ја отвора устата и гледам бело околу грлото. Мајка ѝ почна да плаче. Му велам на Куше: "Фати го девојчето добро со двете раце, а јас со чепкалка навиткана со памук ќе го истријам белото со тинктура од јод". Го повторив тоа два-три пати и девојчето оздраве. По оздравувањето дојде нивен познат лекар и тие му раскажаа за моите медицински услуги и за храброста на г. Куше дека можел девојчето да го задржи во рацете. Докторот рече: "Убава храброст, ама нели е опасно од јодовата тинктура да отече грлото?". Оттогаш се откажав од таквите услуги и за најмало боледување тие повикуваа лекар.

Универзитетските такси не беа многу големи. Ја завршив првата година и запишав втора. Испитите на Универзитетот во Лозана се одржуваат по втората и по третата година, кога и се завршува правото. Почнав редовно да ги посетувам предавањата и веќе можев да ги следам лекциите на професорите. Професори ми беа: по политичка економија - многупознатиот професор Вилфердо Парето, италијански емигрант. Тој бил поканет за професор и на Парискиот универзитет, меѓутоа, бидејќи поканата од Лозанскиот била прва, не сакал да ја напушти Лозана. Имаше два тома негова "Политичка економија" и тој беше многу познат меѓу економистите. Полагав испит кај него. Ми се падна прашањето: Малтусовата теорија за пренаселеноста, односно населението расте обратно пропорционално во однос на производството во земјата и оттаму доаѓа пренаселеноста. Ми рече: "Точна ли е, што се однесува до аритметичкото зголемување на населението?". Велам дека теоријата е лажна, а за пренаселеноста не е точна. Едната лажна, а другата не е точна. Тој се поднасмеа и вели: "Зошто правите разлика помеѓу лажна теорија и неточна теорија?". Му одговорив дека така ги разграничив, за да ми биде појасно, да ги запаметам. "Браво" - ми рече - и не ме праша понатаму.

Професор по Римско право ми беше Николај Херцен, син на прочуениот руски емигрант - демократ Александар Херцен. Тој многу ги сакаше Бугарите, исто и Македонците. Во текот на годината еднаш до двапати ги покануваше студентите дома на чај и сакаше да разговара за нашите работи и за Русија, а во тоа време ние, од своја страна, ја имавме можноста да разговараме со него и да му кажеме за нашите маки во Македонија.

Професор по Кривично право ми беше Андре Месие, кој ни беше и доајен, декан на факултетот. Обично доаѓаше во придружба на две кучиња, еднакви по големина и со тесни глави. Штом ќе наближеше крајот на предавањето, кучињата веднаш почнуваа да гребат на вратата, и,

ако подзадоцнел со лекцијата, се вцрвуваше додека да заврши, а кучињата постојано гребеа.

Професор по Меѓународно право ни беше м-сје Роген - личното име му го заборавив, не можам да си го спомнам, беше познат професор по меѓународните прашања и често го викаа на советување во Меѓународниот суд во Хаг. Ми остави силен впечаток еднаш, кога уште од вратата почна да зборува: "Тоа ли е Франција, тоа ли е прочуеното француско правосудство? Претседател на Окружниот суд да му се поплаче на претседателот на Владата дека се откажува од партијата, зашто неговиот син бил исклучен од гимназија!".

Кога седна, единствената студентка, Швајцарка, која ние ја викавме Ленка, го праша професорот на што се однесува неговата лутина и тој објасни дека читал во весник, во кој пишувало дека претседателот на марсејскиот Окружен суд му напишал писмо на претседателот на Владата - или да го примат во гимназијата неговиот исклучен син (поради нередовниот живот), или тој се откажува од партијата. И заклучува: "Да бев јас претседателот на Владата, веднаш ќе го фатев за уво и ќе го исфрлев од службата, а не пак да му ја прифатам молбата синот одново да му биде запишан во гимназијата".

Професор по Граѓанско право беше м-сје Де Туртулов. По Трговско право Де Симоне, млад, со гола глава, итн.

Швајцарската конфедерација ја сочинуваат 22 кантони. Секој кантон има независна управа и одделно законодавство. Дури во тоа време беше изработен Општиот граѓански закон за сите кантони. Поголемиот дел од кантоните се со германско потекло. Германскиот беше говорен јазик. Пет од кантоните, со население од латинско потекло, го имаат за говорен јазик францускиот, и, ако не се лажам, три кантони од италијанско потекло - италијанскиот јазик. Федеративната управа, на чело со претседателот на конфедерацијата, се избира за една година. Престолнина

на Швајцарската конфедерација е Берн, а во Лозана, како што веќе реков, се наоѓа Федеративната судска палата, Пале Федерал. Најголем град е Цирих, се наоѓа на Циришкото Езеро и е познат, меѓу другото, и со својот Технички универзитет. Женева се наоѓа на Лак де Леман и е средиште на дипломатскиот свет. Речиси во секој кантонален град има и универзитет. Почетокот на федерацијата е некаде уште во XII век. Во почетокот во федерацијата влегле три кантони, но постапно се присоединувале и другите и стасале до вкупно 22 кантони. Дури и нешто повеќе - Кантон Де Базел се раздели на Кантон Вил и на Селски кантон. Прочуен јунак на швајцарската конфедерација е Вилхелм Тел. Цела Швајцарија се наоѓа во Алпите, но има и големи долини, со доста ниви, лозја и др.

Во април 1906 година ние, групата македонски студенти во Лозана, направивме една заедничка фотографија, на која од лево на десно се гледаат: 1. Петар Мрмев, студент по соц. науки од Прилеп; 2. Стојан Филипов од Неврокопско, студент по право[15]; 3. Георги Чкатров од Прилеп, заврши медицина; 4. Стојан Симеонов од Велес, заврши социјални науки; 5. Иван Машаров од Скопје, заврши право; 6. Дионисиј Кандиларов од Кукуш, исто заврши право; 7. Петар Ѓаков од Велес, заврши социјални науки и 8. Христо П. Антов од Ваташа, Тиквешко, заврши право.

Животот меѓу студентите беше другарски. Се случуваше наш другар да задоцни да добие пари, другарите му помагаа. Како што реков и погоре, секоја недела одевме на прошетки. Бидејќи секој од нас сме биле учители, кој селски, кој градски, и речиси сите бевме во немилост кај турската држава, па бевме емигранти, секој го знаеше тешкиот живот, си ги знаевме скромните средства што ги имавме и што ќе ги добиеме, па живеевме мошне скромно.

[15] Стојан Филипов (1877-1944), роден во с. Старчиште, Драмско, војвода, учесник во Илинденското востание, по Првата светска војна бил во раководството на ВМРО и член на македонската парламентарна група во Народното собрание на Бугарија.

Како денес се сеќавам на Стојан Симеонов: на празникот Вознесение Христово во 1906 година рече: "Ајде, да одиме и ние да се почестиме како луѓе, а ако може и да се опиеме, да видиме какво е тоа чувство - пијанството". Влеговме во една пивница - се напивме по едно пиво, зедовме и второ и Стојан се огласува: "Јас се опив, држ'те ме да не паднам". И другите покрај него станаа пијани, само и само да не порачаат уште едно пиво. И така бевме пијани од две чаши пиво. Едно време се појави Димитар Влахов од Кукуш, поранешен учител во Солунската гимназија, се нашол во беспарица. Ние студентите меѓу нас собравме извесна сума за да може да стаса до Бугарија. Секој од нас се трудеше истовремено со истекувањето на семестрите да ги положи испитите и поскоро да се врати во родниот крај. Нема да заборавам како една вечер шетавме со Мрмев и Машаров и нѐ сретна д-р Чкатров, држејќи си ја устата со рака. Веднаш тројцата го прашавме: "Што е, докторе?" - Тој се насмеа и си ја турна раката: "Еве каков сум". Си ги избричил мустаќите, невообичаено за тоа време. Бричењето на мустаќите тогаш не беше во мода и се сметаше за нешто недолично. А Чкатров тоа го сторил за да си седни дома и да учи, да си ги положи испитите навреме, за побрзо да се врати дома. Макар и скромни, ние сепак се трудевме да ги искористиме културните придобивки на времето. Секоја година во Народниот театар се даваа популарни претстави по намалени цени. Некој од нас уште од рано ќе фати ред пред Театарот за да земе два билети, колку што даваа најмногу, за себе и за својот другар, кој другпат ќе го стори истото за него, или пак обично купувавме билети за галеријата, горе, од каде што можевме сите да гледаме и да слушаме. Меѓу нас имаше и еден учител во основно училиште. Често го гледавме на галеријата со нас. Го прашавме: "Нели добиваш убава плата?" - "Јас, вели, добивам". Тој беше Швајцарец. "Тогаш зошто се мачиш на галеријава, заедно со нас?" - "А, вели, во случај на пожар одовде најлесно се бега".

Еден неделен ден во мај (1906), кога во францускиот град Евијан, кој се наоѓа на спротивниот брег на Езерото, се одбележуваше "Фет де нарцис" (Празник на цвеќето), бидејќи имаше бродска врска помеѓу Лозана и Елијан, групно се качивме на бродот и присуствувавме на оригиналниот Празник на цвеќињата. Во облеки од стари времиња, како што беа облечени, група млади мажи и жени, костимирани, а овде-онде и стари баби, беа качени во старински кочии, минуваа со знамиња од она време по главните улици и пееја старински песни. И колите и луѓето беа искитени со многу цвеќе. Набљудувачите фрлаа на нив цвеќиња, а и тие оттаму ги опсипуваа нив со цвеќиња. Поворката траеше неколку часа. Ми направи впечаток разликата во чистотата надвор од улицата, по која што мина свечената поворка и на другите улици. Макар и во празнично настроение, чистотата во градот беше многу полоша отколку во Лозана.

По завршувањето на првиот испит при крајот на јуни 1906 година се охрабрив и си дадов малку одмор. Во тоа време, поради убиството на брат ми Јованче, обземен од голема тага, го оставив учењето за речиси еден месец. Во август 1906 година целата група македонски студенти еден саботен ден отидовме на големиот празник за Швајцарците, Фет де Винјерон - Празник на лозарите, што на секои 15 години се празнува во градот Веве, оддалечен од Лозана околу 30 километри кон Монтре. И таму празникот го одбележуваат мошне оригинално. Пак старите костуми и старите садови, соодветни на епохата. Такви им беа и песните. Во поворката се разликуваа една епоха од друга според носиите, бочвите и колите и песните. Личеше на голем панаѓур и мошне голем собор. Таму најдовме и наши Македонци, алвации од Унгарија, кои дошле на празникот да продаваат алва и шеќерни изработки. Празникот трае цели три дена, придружен со естрадни концерти, модерна музика, а на други места старовремски инструменти и музика. По тој повод разговаравме меѓу нас - кога и ние во Ма-

кедонија ќе можеме да ги празнуваме разните епохи од животот на Македонија!

Во долината, од Лозана до Монтре и по околните ридишта, сè беше засадено со лозја и овоштарници. Грозјето одвај дозрева. Го нема она благо грозје што ти ги лепи прстите. Но ни ние, македонските студенти не се лишивме од туризмот во Швајцарија. Еден саботен ден во август се качивме на воз и се упативме за Монтре, на околу 50-60 км растојание, за таму да се качиме на врвот Роше ди Нај на Алпите, висок околу 2.500 мети, за да го видиме изгревот на сонцето. Со нас имаше и други студенти од Бугарија, туристички екипирани. Носеа разни јажиња, дебели стапови и туристички чевли за да можат да се искачат на врвот. Кога нè видоа нас, со обична облека и обувки, без никаква торба на грбот, особено дека не носиме и јажиња - почнаа да ни се смеат дека ќе го видиме изгревот не од Роше ди Нај, туку од близината на Шилјонскиот затвор на брегот на Езерото. Со подбивот особено се истакнуваше доктор Антонов, идниот Ѓачкин од Ќустендил. "Без јажиња, вели, како ќе се извлечете горе? Божем сте македонски револуционери, ама не се разбирате од туризам!". Вечерта стасавме во Монтре. Од Монтре до Роше ди Нај има жичарница. Се разбира, ние и не помислувавме да патуваме со жичарницата. Не зашто не сакавме, туку зашто немавме пари. Штом излеговме од Монтре угоре, времето се расипа, но продолживме. Почна да роси. Стојан Филипов вели: "Да се вратиме. Каде ќе одиме по ова дождливо време?". Одевме. Тој влече назад, ние напред и тој по нас. Стасавме до големиот хотел "Де Кох", се наоѓаше во еден голем парк на патот кон Роше ди Нај. Штом стасавме до хотелот, дождот се засили. Го прашуваме портирот има ли празно место во хотелот и колку лева чини. Тој ни одговори - по 20 франци на човек. Се погледнавме и си рековме - ова не е за нас. Го прашавме каде да се засолниме од овој дожд. Вели - "Ене ви отспротива, има една крчма". Ја забележавме светлината и го најдовме влезот во крчмата. Во неа имаше и други како нас. Фили-

пов злобно се налути: "Сите порачувате чај". Наводенет до под јазикот, тој нарача пиво. Кон полноќ, со намера да го продолжиме престојот во крчмата, сопственикот вели: "Во 12 затворам, не можам да ви приготвам чај". - "А каде ние да преноќеваме на овој дожд?" - "Ене ви, отспротива има плевна, на вратата има електрично осветление". - Стојан Симеонов прв отрча и се мушна да се пикне во сеното. Во истиот момент свика: "А, бе, овде имало и други луѓе!". Како и да е, влеговме во сеното, кој грб со грб, кој со повеќе сено околу себе. Филипов фучи и пцуе и стои кај вратата. Кога виде оти сè стивна, и тој се довлечка, дотолку повеќе што, како поранешен војвода во Неврокоп во 1903 година, ги знаеше убавините на спиењето во плевните. Изутрината излегуваме налепени со сено и велиме: "Сега не се оди на Роше ди Нej, бидејќи нема изгрев на сонцето. Ќе дојдеме пак идната недела". Се вративме. Следната сабота дојдовме пак. Од Монтре го фативме патот нагоре. Времето беше убаво и со шеги и песни стасавме до хотелот "Де Кох". Портирот нè предупреди дека е време за спиење и не се пее по патот. Ние замолкнавме и продолживме угоре. Натаму патот навистина е тежок, но не видовме никаква потреба од јажиња и од потковани туристички чевли. Кон три и пол часот стасавме на самиот врв. Во подножјето на врвот имаше голем луксузен хотел, а на самата височинка на врвот беа поставени разни клупи за да можат туристите седејќи или стоејќи да го пречекаат изгревот на сонцето. Изморени од долгиот пат, ние седнавме спроти изгревот и чекавме да се појави сонцето, а над нас застанале Англичани и Англичанки и го чекаат истото. Едно време слушнавме како луѓето над нас се смеат. Еден од нас ја крена главата да види зошто се смеат. А тие се кикотат и покажуваат со прст на Петар Ѓаков, човекот легнал и заспал. Го поттурнавме: "Стани, бе, не гледаш ли оти ти се смеат? Си дошол да го видиш изгревот на сонцето". Тој, занесен во сонот вели: "Остави ги тие шеги, од наша Цуцка во Велес колку пати сум го гледал". Навистина, изгревот на сонцето

претставува волшебна слика. Оттаму се гледаа и многуте врвови на Алпите, огреани од златестите зраци на сонцето. Надалеку се забележуваа многу планински езера. Појадовме таму од она што го носевме и тргнавме назад. По тие далечни патишта речиси насекаде во Швајцарија има крчми, не толку поради алкохолните пијалаци, колку поради млекото и прехранбените продукти. Вторпат каснавме во една од нив и се вративме во Монтре. Градот стои на брегот на Женевското Езеро - Лак де Леман. Тоа е малечок, но убав град. На едниот крај на градот во Езерото е изграден прочуениот Шилјонски затвор. Го поразгледавме и се вративме во градот. Оттаму веднаш фативме воз за Лозана.

Реков дека не пропуштивме и нешто од културните придобивки - било поради учење на францускиот јазик, било за да слушнеме некои познати политички дејци. Често ја посетувавме Општествената зграда "Мезон де Пепл", Народен клуб, каде што покрај обичните предавачи по разни теми, најмногу предавања на ораторите беа од областа на социјалистичкото и работничкото движење. Честопати и за марксизмот. Таму ги видов и ги слушнав прочуените социјалистички дејци: Георги Плеханов, Жан Жорес од Париз, Емил Вандервелд од Брисел. Особен впечаток ми оставија тројцата. Особено последните двајца. Зборовите им извираа од устата како поток и на подиумот постојано се движеа од место на место. Таму често го слушав и проф. Август Форел, Швајцарец од Морж. Еден ден објавија дека Форел ќе зборува на тема: "Како при зачнувањето може да се препознае полот - дали ќе биде машко или женско?" Влезот беше со билети. Беше претрупано. Улиците пред зградата и малиот плоштад беа, исто така, полни со разновиден свет. Форел го немаше. Дојде определениот час за почеток на предавањето. Вратата на Домот остана затворена. Луѓето почнаа гласно да негодуваат. Зошто уште го нема Форел? Тој секогаш бил точен и зар е можно сега да се подигрува со луѓето". По некое време излегува прет-

ставник на Домот и вели дека предавањето на господин Август Форел нема да се одржи. Забрането е од страна на полицијата. Утре секој да намине да си ги земе назад парите...

На пазарот што се одржува секој петок на Плас де ла Рипон, селаните обично носат разни производи за продавање. Плоштадот се наоѓа ниско под стариот универзитет. Уште оддалеку мириса на мувлосано сирење, на испотени нозе. Таму се продаваат разни видови швајцарско сирење, по некои од нив се гледа како лазат и црви. Од друга страна селаните продаваат гајби јаболка и круши. Особено има крупни, сочни круши, мошне големи. Четири-пет изнесуваат еден килограм. Прашувам една селанка колку пари се крушите и покажувам кои круши. "Педесет сантими". "А колку е една?" - "Пет сантими". И велам: "Дај ми еден килограм". - "Не, вели, килограм ќе биде 60 сантими". Тогаш си одбрав 10 круши по 5 сантими, ѝги дадов парите и таа беше задоволна дека не сум зел килограм, во кој ќе има само 5 круши.

Млекото во Швајцарија го има во изобилство. Швајцарските крави се познати по својата млечност. Тоа е најважниот вид храна за Швајцарецот и затоа млекото е под контрола на општинската власт. Се сеќавам каков голем спор се појави помеѓу Градската општина и селаните, кои сакаа да ја покачат цената на млекото од 30 на 35 сантими. Борбата траеше долго време и таа повеќе се изрази низ усни расправи и протести во весниците, но млекото редовно се носеше по старата цена, додека на крајот таа и му остана. Прашањето беше покренато поради слабиот род, но вештите лица, разни агрономи - констатираа дека немало жетва што би дала основа за покачување на цената на млекото.

Извесно време се хранев во пансион со Мрмев, Стојан Симеонов и новодојдените Георги Томов и другите. Пансионот имал обичај двапати во годината, во пролет и во лето, да послужува храна надвор од градот. Утрото појадовме во пансионот и околу 10-12 души со трамвај, за сметка на пансионот, излеговме од градот и покрај едно

село се расположивме на убава полјанка. По овој повод газдарицата беше зела и звонец. Не помина многу време откако стасавме, таа заѕвони: ајде на ужина. Тоа беше околу 10 часот. За ручек нѐ послужи со богато јадење. Околу 4 часот попладнето - исто. Пред да тргнеме "Ајде, вели, да не се мачите во пансионот, да вечераме овде". Целиот ден ни помина во играње, трчање и во јадење. Тие се стиснати, но во извесни случаи знаат да им направат задоволство на своите пансионци.

Не знам која година беше кога се храневме во ист пансион со д-р Иван Робев од Лозенград, мислам дека денес тој се наоѓа во Америка. Ден пред Коледе во пансионот дојде еден Русин и газдарицата ни го претстави дека бил студент по медицина и свршеник на нејзината ќерка. По тој повод на свршувачката присуствувавме и ние. Кога почнавме од вечерта до полноќ траеја севозможни јадења. На ручекот исто. Следната вечер и три дена натаму потрошивме толку, колку што плаќавме за цел месец. Едно време свршеничката почна да се поплакува дека ја боли заб. "Ха, рече свршеникот, па јас имам лек за тоа". Си ја зеде шапката и излезе. Се врати со три шишиња коњак. "Еве, вели, од ова ќе се напиеш и ќе ти помине". Доктор Робев рече дека и него го боли заб. Му даде и нему. Јас прашав дали може и против инфекција, докторот вели дека може. Ајде и мене. Утредента пак донесе коњак, донесе и добро вино. Газдарицата, за да му угоди на зетот, постојано готви од убаво поубаво, а тој донесува шишиња вино. Едно време му реков на д-р Робев: "Слушај, провери на Универзитетот дали е запишан овој човек". Провери, но такво име на студент немало. И кажува на газдарицата: "Вие знаете дека јас сум студент по медицина, на Универзитетот не сум го видел. Проверив во канцеларијата - такво име не најдов. Проверете и вие за него. Да не настрада ќерка ви". Провериле и тие, одделно, се покажало дека тој бил прислужник во некоја винарска визба. Оттаму ги носел виното и коњакот. Го избркаа.

Во септември почнав да поткашлувам во горниот дел од грлото, потоа подлабоко и колку повеќе кашлав, гласот ми стануваше сè позасипнат. Отидов во Кантоналната болница, ми рекоа дека имам мало воспаление на грлото. Ми дадоа лекарства, но не ми поминуваше. Одев секоја недела по еднаш и постојано кашлав. Ми препорачаа да земам "Пастил Валда". Грлото малку ми помина, но не и дефинитивно. Асистентот во болницата ми даде белешка да одам да ме прегледа доцентот по туберкулоза. Ме прегледа. Вели - немаш. "Пред сè, ти не си предрасположен за туберкулоза. Градите ти се тесни, не можеш длабоко да дишеш. Да не имаш проблеми со стомакот и кашлањето да е последица на тоа?". Ме испратија кај познатиот професор Демиевил, експерт за внатрешни болести. Се запишав и ми закажаа да дојдам по една недела. Кај него секогаш имаше многу пациенти. Ме прегледа, но веќе беше април 1907 година. Ми кажа: "Имаш мали стомачни проблеми, имаш песок во бубрезите, но не треба да се плашиш од тоа. Песокот не се формира како камче туку колку пченично зрно и при мочање ќе чувствуваш болка. Преку лето да си појдеш на село. Месо малку да јадеш. Не треба да јадеш краставици и домати, особено не само нив. На село ќе јадеш повеќе супа од овесни никулци". Му велам: "Господине професоре, сега најзасилено учам. Во октомври треба да ги дадам последните испити". Се насмеа и ми рече: "Јас бев полошо од тебе. Имам само еден бубрег и требаше да полагам тешки испити и со таква супа, каква што ти препорачувам, се хранев и зедов одлична диплома. Не плаши се и имај верба во себе". Оттогаш кашлањето ми помина, но точно еден месец пред испитите почувствував болки при мочањето. Ужасни болки. Ме боли и учам. Се преметкам во постелата, додека најпосле не исфрлив неколку песочни камчиња големи колку зрно пченица. Токму како што ми објаснуваше професорот.

Откако доајенот проф. Андре Мерсие ја провери книшката и констатира дека сум ги завршил семестрите, ми дозволи да се јавам на последниот, втор испит по право, при

што по телефон му соопшти на секретарот дека ми е дозволено и да ја прими таксата за испитите. Му се јавив на секретарот, господинот Бонсон, и му соопштив дека ми е дозволено да ја внесам определената такса. Тој ми одговори:" Доајенот не ми јави ништо ". Му реков дека пред мене му јави по телефон. Тогаш тој се сети дека имало нешто по телефон, некое бучење, ама не разбрал јасно. Треба да кажам дека секретарот Бонсон имаше речиси 80 години и дослушнуваше толку колку што јас сега дослушнувам. Си ги платив таксите и се јавив на испитите. Имавме два писмени испита, по граѓанско право и по римско право. По другите предмети испитите беа усни. Сите испити не можеа да се распределат на разни сесии - требаше да се полагаат во една сесија. Затоа, иако по некои предмети бев готов да се јавам уште во јунската сесија, сите предмети ги полагав во октомвриската. Првиот испит беше писмен - по граѓанско право. Се пријавивме само двајца: јас и една Полјачка. Во целиот аудиториум - на две клупи по еден човек. Набљудуваше самиот професор Туртулон - стар човек, околу седумдесетгодишен и малку болешлив. Го завршивме испитот и излеговме. Тогаш се запознавме со колешката Елена Пацевич, Полјачка. На следниот ден имавме писмен испит по римско право, во слушалната на стариот универзитет бевме само двајцата кандидати и проф. Николај Херцен. Тој ни ја даде темата и кога почнавме да пишуваме, ѝ се обрна на госпоѓицата и ја праша: "Нели ви е студено". Таа малку ги свитка рамениците, од што професорот разбра дека има потреба од затоплување. Слезе долу да ја побара послугата, да донесат дрва и да ја запалат печката, во што поминаа повеќе од 20 минути. Колешката веднаш ме праша дали ми е јасна темата и можам ли да ѝ помогнам. И велам: "Прашањето ми е многу јасно, имавме семинар за него и земав живо учество во дискусијата". И го кажав основното што треба да се напише. Таа набрзина запиша што ѝ реков и потоа почнавме секој да си пишува - ни лук јал, ни лук мирисал. Проф. Херцен се врати, поседе некое време, па туку ја

праша на руски колешката: "Смеам ли да пушам?". Таа му одговори исто на руски. Тој запуши. По два-три часа, без да проговориме збор, тројцата ја завршивме работата. Првин излезе таа, по малку и јас завршив и го дадов напишаното. Излегов. Во дворот ме чекаше колешката. Ми раскажа што напишала и јас ѝ раскажав што сум напишал. Направивме споредба и излезе речиси истото. Тогаш таа ми рече: "Господине Поп Антов, многу сум Ви благодарна и на мама многу ќе ѝ биде пријатно да нè посетите. Ќе Ве чекаме во нашата вила" тогаш и тогаш и ми ја даде нивната адреса. Отидов попладнето. Ме пречекаа мајката и ќерката, се запознав. Тие беа на стан и пансион во околината на Лозана. Мајката почна да ми зборува дека ќерка ѝ била многу задоволна од помошта што сум ѝ ја укажал. Рече дека биле полски католици, мажот ѝ бил доктор - генерал во руската армија и кога разбра дека сум Бугарин, рече дека нивниот кум Каулбарс (генерал), кој ги венчал, бил во Бугарија и дали сум слушнал за него. Реков оти не сум слушнал, зашто сум од Македонија. Тогаш до неа се доближи едно мало девојче, 12-13-годишно и почна нешто да ја прашува во врска со некоја молитва. Таа почна да му објаснува некои молитви од католичкиот обред. Јас се замешав во разговорот и реков: "Нели е тешко малото дете да ги разбере тие речиси надживеани догми?". Кога го слушна зборот "надживеани", таа застана како попарена и почна да ми објаснува дека таа е социјал-демократ. Тогаш ѝ реков дека моето мислење оти тоа се надживеани догми уште повеќе се потврдува. - "Не, вели, господине Поп Антов, ние треба да ги воспитаме децата во католичката религија не од омраза кон православието, туку од омраза кон руското натрапништво. Благодарение на верата, ние сме останале непорусени и самостојни". По честењето, колешката рече:" Господине Поп Антов, ако сакате заедно да ги преповториме и да ги утврдиме предметите што ќе ги полагаме". И одговорив дека по некои предмети сум подготвен и немам потреба од утврдување, а по други треба да учам. "Ех, вели, по тие предмети по кои

имате потреба да ги утврдите, можеме да работиме заедно". Така и стана.

По завршувањето на испитите го замолив секретарот дипломата да ми биде подготвена поскоро, зашто морам да си заминам. Му дадов пет франка на консиержот (вратарот) да го потсетува секретарот да ја напише дипломата. По една недела веќе бев готов. Отпатував во Женева да си го визирам пасошот кај бугарскиот конзул.

Треба да додадам дека кога ние, Македонците, и големдел од Бугарите, се јавивме на првиот испит, немаше речиси ниту еден од нашите колеги- Швајцарци, а кога се јавив на вториот испит, тогаш моите колеги-Швајцарци се јавуваа на првиот испит, дури мојата колешка, Швајцарка, која ја викавме Ленка, ме праша: "Ама господине Поп Антов, Вие завршувате? Нели е многу брзо?" - "Да, реков, завршувам и треба да си заминам". Тамошните студенти се деца на богати родители. Обично по прогимназијата и ретко по гимназијата, според можностите на родителите, децата веднаш почнуваат да учат разни занаети. Само богатите студираат високо образование, при што првите семестри ги поминуваат во весел студентски живот. Дури потоа почнуваат со подготвувањето за испитите. Студентите се делат во разни друштва, со разни униформи и со различна боја на капите. Речиси секое друштво во некоја од пивниците си има резервирано одделни маси или одделни сепареа. Се сеќавам, Стојан Симеонов, студент по социјални науки, имаше другар еден Швајцарец - м-сје Пајо - син на сопственик на голема книгоиздавачка компанија и кога Стојан ги заврши студиите, Пајо во еден разговор во мое присуство му рече: "Господине Симеонов, Вие многу брзате, јас уште не сум помислил на каков и да е испит, а Вие веќе дипломирате". Стојан му одговори: "Јас завршувам, зашто и парите ми завршија". Тогаш оној му рече: "Ама зарем Вие не студирате заради самата наука?" Стојан му одговори дека студира за науката да му стане занает, да си го заработува лебот со дипломата и колку побрзо ќе заврши, толку

ќе биде посит. Тогаш оној, пак малку разгалено, му рече: "Ех, јас студирам заради науката. Откако ќе поживеам на млади години, ќе влезам зрел во претпријатието на татко ми".

На трети ноември 1907 година стар стил, околу пладне, ја напуштив Лозана, градот во кој поминав точно три години. На станицата ме испратија газдите со сите домашни, колешката Пацевич со мајка ѝ и сестричката. Се качив на возот што оди преку Италија, за да минам низ тунелот "Симплон", да ја видам Италија, а не преку Австрија, по која веќе поминав еднаш. Патот преку Италија беше малку поевтин. Во квечерината ја минавме швајцарската граница, тунелот "Симплон", ако не се лажам, е долг 10-15 километри - и излеговме на италијанска територија кај станицата Домодосола. Кај 8-9 часот стасав на станицата Милано. Имаше многу луѓе што пречекуваа и се натпреваруваа фалејќи го својот хотел, кажувајќи ја цената за да ги привлечат патниците. Јас преспав во еден, му го заборавив името. Изутрината платив двојно повеќе. Таква била таксата. Прошетав по Милано. Го видов театарот "Скала", кој ми остави силен впечаток со раскошните надворешни украси. Не влегов внатре. Видов еден трамвај како гори и толпа собрана околу него. Го фатив возот за Венеција. Миланската периферија ми остави грд впечаток, речиси во секоја куќа, на прозорците и терасите, имаше закачени алишта за сушење. Но сега не се чудам на тоа, зашто завчера, кога бев кај син ми Веселин Антов, кој живее на Бул. "Дондуков" во новоизградена зграда, отспротива на исто така нови, големи згради, видов како по прозорците висат секакви алишта. Го искажав моето чудење, а снаата Капка ми одговори: "Не чуди се, и по нашите прозорци има закачено долна облека за сушење, зашто нема каде на друго место да ги сушиме алиштата".

Од Милано за Венеција се патува по долината на реката По - по Ломбардиската Рамнина. На многу места оваа долина ми напомнуваше на долината по текот на Вардар од Скопје до Солун. Истите ниви, орачи, слабиот добиток. Во

купето бевме петмина. Една двојка младоженци - Германци, кои не знаеја италијански, јас и уште двајца други. На една станица младоженецот излезе. Возот тргна и тој остана на станицата. Дојде кондуктерот да ги провери билетите. Му го давам мојот билет и тој го побара билетот од невестата. Таа, збркана, не може да му објасни. Јас на француско-италијански му објаснувам дека со неа имаше човек, слезе на претходната станица и го испушти возот. "Ќе ја симнам" - вели. Ја прашувам каде патува. "Венис, Венис" - вели (за Венеција). Му велам на кондуктерот: "Нека патува до Венеција. Таму задржете ја. Ќе дојде мажот ѝ да си ја земе и ќе плати". Откако помисли малку, рече: "Ха, вели, - па да, од Верона доаѓа брз воз. Сигурно ќе го фати него и патем ќе нѐ стигне на таа и таа станица" (ѝ го заборавив името). И навистина, тој пристигна на таа станица. Невестата му зборуваше нешто на германски, тој стана, застана пред мене и ми се поклони и ми благодари, се разбира на германски, за услугата што сум ѝ ја сторил на жена му. Јас седев на едната страна до прозорецот. Тие дојдоа на другата страна и постојано двајцата ми се насмевнуваа, извадија разни закуски и ме поканија да им се придружам. Стасувајќи во Венеција, забележавме дека водата е од сите страни. Преку мост влеговме во станицата на Венеција - беше голем плоштад заобиколен со вода. Си го зедов багажот и прашав кој брод оди кон пристаништето "Сан Марко". Ми покажаа. Мали бротчиња циркулираа насекаде. Се качив на брод со мојот куфер и ќилимчето, ги разгледувам зградите наоколу, внимавајќи да не зјапам како провинцијалец, но и за да ги избегнам услугите на разните чичерони, кои бараат жртва од наивни луѓе. Меѓутоа, пресметките не ми излегоа како што сакав. Ми се доближи еден маж на средна возраст и почна да ми раскажува без да го прашам: "Ова е поштата, она е црквата "Аве Марија", тоа таму е црквичето "Амбруцио" и ми ги реди зградите. Му реков оти ги знам тие работи, дека не сум првпат овде. По "Канал Гранде" стасав до пристаништето на плоштадот кај црквата "Сан Марко". Слегов и чичеронето по мене.

"Ех, рече, кога ќе се одморите, јас ќе дојдам". Му реков дека го знам градот, но тој упорно ме уверуваше - зар не сакам заедно да го прошетаме градот? Му реков да не се мачи, јас овде ќе останам неколку дена и имам своја работа. А тој стои. "Ќе дојдам" - вели. Ги однесовме куферите во хотелот, му дадов еден франк и си отиде. Се виде дека тоа го чекаше - го грабна франкот и го снема. Се сместив во хотелот. Прашав кога има брод за Фјумо[16]. Ми рекоа - вечер. Излегов, ручав во едно ресторанче и тргнав да ја разгледам Венеција.

Венеција ја викаат Регина дел Маре. Плоштадот "Сан Марко" е преполн со гулаби, толку спитомени што не бегаат од луѓето, а понекогаш и им слетуваат на раменицте. Влегувам во црквата "Сан Марко", иако беше пладне, видов богомолки на коленици, послале крпа под колената, клечат и се молат. Влегов како удрен по глава, ја разгледувам величествената црква. До мене еден друг исто ја разгледува и ми вели на италијански: "Големо нешто" и почна да ми зборува. Го прашав "Првпат ли ја гледате црквата?" - "Да, вели, јас сум од Сицилија". Откако ја прошетавме црквата, излеговме на тротоарот покрај "Каналот Гранде", се испречи пред нашите очи огромна зграда од бел мермер - Палатата на Дуждовите. Запревме пред вратата. Ни дадоа еден проспект на Палатата. Влеговме и обајцата се чудиме на нејзината грандиозност - големи соби украсени sидови и тавани со разни слики на прочуени италијански живописци. Се доближи еден и ни вели: "Не чудете се многу, ова се копии од сликите, а оригиналите пред повеќе од сто години ги однел Наполеон". На долниот кат го видовме и некогашниот затвор со големи sидови, мали ќелии, потопени повеќе од еден метар во вода, со високи оддалечени прозорчиња што пропуштаат одвај по некој зрак.

Таму се задржавме околу два часа. На излегување од зградата се разделив од новиот познат. На плоштадот сто-

[16] Се однесува на Риека во Р. Хрватска.

еше споменик на поранешниот италијански крал. Ја продолжив прошетката и при силно дување на ветрот влегов во една градина - парк, доста голем, каде што стоеше споменикот на Гарибалди, малку потаму од него - на Мацини. Запрев пред нив, прочитав што пишува, ги разгледав и ме фати страв да продолжам сам низ паркот, да не си навлечам некоја белја па да останам без парите што ми останаа. Се вратив и тргнав по други канали. Градот Венеција е изграден во морето. Малите тротоари и зградите се на суво, а среде улиците тече морската вода. Пред многу куќи има и мали мостови од еден тротоар до друг. Се слушаат само сирените на бротчињата и подвикнувањето на луѓето. Трамвај нема. До кај 4-5 часот градот е многу тих. Овде-онде ќе забележиш луѓе. Меѓутоа, потоа почнува едно големо раздвижување. Продавниците се отвораат преполни со стока. Имаше волшебни скулптурни производи од сребро и злато, разни ѓердани и севозможни женски украси. Не сакајќи си помислив, ако се оженам, жената нема да ја доведам ваму додека не спечалам пари. Забележав нешто што не сум го видел на друго место. Сервираат кафе од нога, така како што сервираат лимонада, и тоа турско кафе во мали филџани. Купив билет за брод и на стемнување си го платив хотелот во кој не спиев, влегов во една гондола да ме одведе до бродот. Во неа имаше и други луѓе. Морето беше доста разбранувано. Отпрвин почувствував голем страв да не се преврти гондолата, но од смирените лица на другите патници разбрав дека нема причина да се плашам. Се качив во бродот, во салонот на втора класа. Ноќта силната бура го разбранува морето и бродот почна да се ниша. Сите, исполегнати по канабеата, чекавме да помине. Многу од патниците почнаа да повраќаат. Одвај на зазорување почнав и јас да повраќам, но брзо се соседов. Во Фјумо стасавме на изгрејсонце. Сменив франци за австриски круни. Го поразгледав градот околу пристаништето, многу ме потсети на Солун со пристаништето.

Фатив воз за Белград. Околу пладне пристигнавме на железничката станица во Загреб, каде што возот стоеше повеќе од два часа. Ручав во станичното бифе. Јадењето ми се виде многу раскошно и евтино, платив, во споредба со ручекот плаќањето ми се виде многу малку. Потоа излегов да се прошетам по градот. Непосредно од станицата до Плоштадот "Јелачиќ" познат хрватски патриот, кај што има и еден убав негов споменик - од станицата до Плоштадот имаше прекрасни згради - државни установи. Градот ми се стори многу чист и убав, како од Загреб натаму, на запад, да почнува Европа. Се вратив на станицата и возот тргна. Хрватите се мошне дружељубиви луѓе, весели и постојано со песни. На многу станици видов толпи луѓе што чекаа возови да заминат кон некои од европските пристаништа и да се качат на бродовите за Америка. Беа луѓе работници, преку разни посредници си ги платиле патните трошоци и големиот процент на агенциите, со намера да заминат во Америка. Приквечер стасав во Белград. Се сместив во хотел и веднаш отидов на поштата да му телеграфирам на Тодор во с. Габер, Белославинско, каде што беше учител, телеграфски да ми испрати пари, зашто немав доволно за да си купам билет за возот дури до Софија. Таму го најдов познатиот Георги Мончев од Солун, кој ме запозна со неговиот шеф Наум Христов од Леринско, агент на американски компании за испраќање работници од Македонија и Бугарија за Америка - Соединетите Држави, кои ги видов на станиците од Загреб до Белград. Тогаш разбрав каде патуваат тие луѓе. Со Георги Мончев го прошетав Белград по главните улици, ја видов старата турска тврдина "Калемегдан" претворена во парк. По својата местоположба, Белград е убав град на десниот брег на Сава, на нејзиниот влив во Дунав, од левата страна. Изгледаше како Дунав да се влева во Сава. Од левиот брег на Сава се гледа убава, голема рамница по која патував за Белград и отспротива недалеку се гледа австрискиот град Земун. Белград е изграден на височинка со многу тесни улици послани со камења

- калдрми. Вториот ден добив пари и заминав со воз за Софија.

На станицата во Лозана дојдоа моите другари од студентските години, Машаров, Ѓаков и други.

За време на трите години студирање во Лозана потрошив околу 150 турски лири, кои редовно ми ги праќаа Тодор и постариот брат Михајле, па ниту еднаш не останав без пари, освен во Белград. Еднаш добив пари адресирани: "Христо Поп Антов, студент, Швајцарија". Беа испратени од Солун од Михајле, преку браќата Кондови. По долго распрашување ме најдоа, откако ме барале во речиси сите универзитети во Швајцарија. Со парите ги плаќав станот, пансионот и си оставав по неколку франци за ситен трошок. Тоа ми беа сите расходи.

На Лозанскиот универзитет, по дипломирањето, правниците се градираат со две титули: лисансје по право и доктор по право. Лисансјето на личноста што го завршила тој степен на правото ѝ дава можност да биде адвокат, судија, се разбира - по положен државен испит. Титулата доктор по право му се дава откако кандидатот ќе подготви и ќе одбрани дисератација што си ја избрал по некое правно прашање. Одбраната се одржува пред јавен собир пред специјална комисија од професори што ги избрал административниот совет. Правата за правник со титулата што му овозможува адвокатура или судиска дејност се еднакви со титулата лисансје по право. Разликата е дека доктор по право е титула од научен карактер. Разлика во однос на правата, според законот, нема. Доктор по право е научна титула.

УЧИТЕЛ ВО МАШКАТА ГИМНАЗИЈА ВО ПАЗАРЏИК

На 10 ноември 1907 година пристигнав во Софија и по дводневно испитување во која установа најбрзо може да бидам назначен на работа, пријателите и познатите ме посоветуваа дека најлесно ќе бидам назначен за наставник во некоја гимназија. И навистина, во таа беспарица овие пре-

пораки најмногу ми одговараа. Подадов молба во Министерството за просвета и по една недела бев назначен за привремен наставник во Машката гимназија во Пазарџик со месечна плата од 172 лева.

Не се вратив во родното место да барам служба од Егзархијата, зашто бев осуден од турската власт на седумгодишен затвор во отсуство. Во Софија овојпат не се сретнавме со Тодор.

Штом пристигнав во Пазарџик, му се јавив на директорот на Машката гимназија. По решение на Наставничкиот совет ми дадоа да ги предавам предметите француски јазик и историја во први клас, зашто тие останале непополнети. Први клас имаше четири паралелки, во кои предавав француски и историја и бев определен за класен раководител на една од паралелките. Како наставник го најдов мојот соученик од Скопското педагошко училиште, Трајчо Благоев, како географ. Со него, но и со други колеги-наставници, веднаш најдов стан, за кој плаќав 20 лева. Се хранев во ресторанот на хотелот "Тракија", каде што се хранеше и адвокатот Михаил Такев, идниот министер за внатрешни работи. Живеев добро и не верувам дека за покривање на сите мои потреби трошев повеќе од 100-120-130 лева месечно. Тогаш сè се мереше со стотинки. Ручекот не беше поскап од 1 лев. Другите пари ги штедев. Платата до Нова година ни ја исплаќаше општинската каса, а по Нова година - државата.

Со наставниците често одевме на островот што го оформи реката Марица и правевме прошетки до железничката станица за да ги пречекуваме и испраќаме возовите. Во слободното време најчесто свртaлиште ни беше читалиштето "Виделина". На првиот ден Божиќ ме поканија кај наставникот Крсто Стојчев, местен жител. Потоа, бидејќи имавме божиќен распуст до Свети Јован, дојдов на неколку дена во Софија. Се сретнав со Христо и Александар Михајлеви, кои имаа слаткарски дуќан на улицата "Клементина", сегашната "Ал. Стамболиски" и "Лавеле". Од нив

разбрав дека Лазо Берберот, таткото на Дончо Лазаров од Ваташа[17], бил надзорник во едно училиште во с. Панчарево. И, со Христо Михајлев, кој беше од Кавадарци, еден ден отидовме да го посетиме. Преспавме и поразговаравме за разни минати настани. Тој - Лазо одвај се спасил да не го убијат. Имаше и други пребегнати од Кавадарци: Цандо Мишев, брат на Лазар Мишев[18], Цандо Шкартов, брат на Мишо Шкартов[19] и други. Во Панчарево Лазо нè одведе во посета на тамошниот учител. Учителот завршил во Софиската гимназија, меѓутоа, според неговата опстановка, храната и однесувањето - по ништо не се разликуваше од другите соселани. Беше ја закачил дипломата во една собичка, преградена од заедничката куќа, во која во едната половина беа собрани добитокот, воловите и коњите, на средината оџакот, а од него почнуваше просторијата на луѓето. Дипломата му беше поцрнета и исплукана од муви.

Кога се вратив во Пазарџик, им го раскажав случајот на моите колеги. Колегата Пенев, класен раководител на петти клас, ми рече: "Ние сме должни да ги посетуваме куќите на учениците, особено таму каде што имаме ученици од селата. Ти го имаш првиот клас, јас го имам петтиот клас (на овој клас беше класен наставникот). "Ќе ги обиколиме - вели - и таму ќе видиш иста состојба каква што си видел во Панчарево кај тамошниот учител". При оваа обиколка дојдовме во еден стан каде што живееја двајца браќа-ученици од I и V клас, чиј татко е народен пратеник. Не им ги паме-

[17] Дончо Лазаров-Соитариев (1878-1950), роден во с. Ваташа, Кавадаречко, учител, тиквешки војвода, раководител во Тиквешкото востание 1913 година.

[18] Лазар Мишев-Боцев (1881-1951), роден во Кавадарци, учител, раководител на Тиквешкиот околиски комитет.

[19] Мишо Шкартов (1884-1936), роден во Кавадарци, војвода, припадник на серската група, по Првата светска војна член на Привременото претставништво на бившата обединета ВМРО, окружен војвода и раководител на Солунскиот револуционерен комитет, приврзаник на ВМРО Протогеровистичка и член на раководството на ВМРО (Обединета).

там имињата. Ги прашав: "Каде се храните?"- "Дома, господин учителе. Не ни се допаѓаат гостилниците. Во пазарен ден од село ни носат сирење, свинско месо, грав и сами си готвиме". - "Каде ви се креветите?" - "Ами, на земја" - велат, тука спијат. "Каде ви е чаршафот за врз душекот?" - "Немаме". - "Каде ви е јорганот?" - Го покажуваат јорганот и веднаш со насмевка велат: "Господин учителе, имаме и чаршаф, ама не го зашиваме сега". - Ги прашувам кога. - "Кога ќе поцрни јорганот како ќе го исперете? - Нели за тоа се чаршафите?".

Пенев ме одведе во маалото Чик салам, каде што не оделе ни старите учители, зашто маалото било познато по насилници.

Уште во Лозана присуствував и слушав како студентите од Бугарија се расправаат за разни партиски прашања. Меѓу нив имаше социјалисти, народници, демократи. Најмногу се истакнуваа социјалистите. Тие се расправаа меѓу себе околу предностите на разните видови управа и секој се застапуваше за своето мислење во однос на економските прашања, кој систем е подобар - буржоаско-демократскиот или социјалистичкиот со разните разграноци на кооперативните здруженија. Во својата "Политичка економија" нашиот проф. Вилфредо Парето ја разгледуваше и теоријата на Маркс-Енгелс и главното дело на Маркс "Капитал". За прашањето на вишокот на вредноста и ние активно учествувавме во споровите, но не бевме толку страсни привржаници на која и да е од двете теории. Ние само ги проучувавме разните политички системи. Нас - македонските студенти, нé интересираше прашањето за автономна Македонија и тогашната појава на грчки и српски чети во Македонија, особено грчките со нивните злосторства во Костурско, каде што низа села беа опожарени.

Во Пазарџик не ми беа новина разните струи во управувањето на Бугарија. Демократите дојдоа на власт во јануари 1908 година. За демократи во Пазарџик се сметаа адвокатот Георги Коприноров, аптекарот Василев и уште малкумина други. Со доаѓањето на Михаил Такев за министер за

внатрешни работи, неговото мало биро од неколку души се зголеми и сите што во тоа време влегуваа во партијата ги нарекуваа "јануарчиња", т.е. регрути во партијата, за разлика од неколкутемина стари борци. Михаил Такев, најактивниот агитатор на Демократската партија, постојано ги обиколуваше блиските градови и околијата. Се зборуваше дека кога се појавувал како агитатор да одржи говор во некое село носел опинци на нозете, и веќе беше станало за подбив дека во едно село рекол "Ќе ви направиме мост преку реката", и кога некој од селаните рекол дека нема река, Такев им рекол оти ќе им доведат и река.

Пред изборите имаше големи гонења помеѓу "стамболистите" и "цанковистите". Таму биле запазени опфатите на маалата на двете партии. Посакав на денот на изборите да излезам од станот, но сопственичката ми вели: "Господине Поп Антов, не излегувај, страшно е. Нема никој во чаршијата. Портите на куќите се затворени. Само пијани банди шетаат и ги влечат луѓето на гласачките места". И покрај тоа јас излегов, прошетав, сретнав и некои други учители, немаше таков страв. На изборите во Пазарџик победи Демократската партија, при што изборите се спроведуваа според мнозинскиот систем.

Често присуствував на разни учителски конференции, независно со какви тенденции беа тие.

За Велигден отидов во Пловдив на гости кај Георги Сапунџиев, кој веќе беше преселен од Софија во Пловдив. Пловдив ми се виде убав град со неговите ридови. Среде градот имаше добро уреден убав парк.

При крајот на јуни, по завршувањето на испитите, заминав во Софија. Во тоа време и Тодор ја завршил работата во училиштето во селото Габара, Белослатинско, па се сретнавме, братски се избакнавме и си поплакавме за загубениот Јованче и нашите родители. Најдовме под наем една соба меѓу улицата "Позитано" и "Три уши", во една од попречните улици, на пазарот за овошје. Таа куќа стои и сега. Тука

останавме до нашето заминување во Македонија околу 20 јули 1908 година, по прогласувањето на турскиот Устав.

ПРОГЛАСУВАЊЕТО НА УСТАВОТ ВО ТУРЦИЈА, 11 ЈУЛИ 1908 Г.

Прогласувањето на турскиот Устав на 11 јули 1908 година брат ми Тодор и мене нѐ затече во Скопје. Јас и Тодор ги искористивме објавувањето на Уставот и општата амнестија и по десетина дена се вративме во родното Ваташа. Пред нас заминале и некои други, па знаеја за нашето доаѓање.

Во Неготино нѐ пречекаа стари пријатели и луѓе од Организацијата. Оттаму преку селата Марена и Глишиќ нѐ придружуваа многубројни пријатели. Во Глишиќ нѐ пречека војводата Добри Даскалов, заедно со членот на раководното тело Јордан Нетков. Нивната радост беше невидена, зашто по неколкугодишно принудно отсуство се враќаме во Тиквешијата. На влегување во Ваташа масата народ се зголеми. При поминување покрај куќата на Христо Илиевски, кмет на селото, бевме изненадени од поканата на кметот на дојдеме кај него, каде што во тоа време биле на гости кајмакамот од Кавадарци и уште десетина бегови од градот. Се подвоумивме дали да одиме или не. Најпосле, решивме да се качиме. Уште на скалите нѐ пречекаа некои од беговите, а на вратата и самиот кајмакам. Тие ја слушнале вревата и ја виделе толпата народ, па го прашале кметот каква е таа тебабија (придружба). Кметот им кажал дека нашите - поповите синови - си се враќаат во селото и тие посакале да нѐ видат. Рифат-бег, еден од беговските водачи, стана на нозе и почна да држи говор, во кој преповтори дека "сега имаме Уриет - слобода, адалет (правосудство) и мусафат (братство)" и дека тие разбрале што сме работеле ние за таа слобода, но биле слепи, имале перде на очите, кое сега им паднало и виделе оти ние сме биле прави. Отсега "иншалах" - со Бога напред, ќе живееме братски". Тодор му одговори

со неколку зборови, при што истакна дека таа слобода што ни се дава сега, треба сите заедно да ја чуваме и во случај на нарушување да сме готови да ја одбраниме. Меѓу нас тука нема непријатели туку сите сме еден народ. Само една вера нè дели, но тоа е Божја работа. Ако ние тука живееме добро, секому му е отворен патот за оној свет. Сите ги нишаа главите дека така е праведно и ќе сме живееле братски. Беше петок. Во неделата попладнето истата таа група го замолила кметот да ни овозможи да нè посетат во куќата. При влегувањето имавме мала непријатност од страна на домашните - снаата Султана и брат ми Михајле, кои пред две години го погребале нашиот најмал брат и при убиството дошол истиот кајмакам да види дали Јованче е убиен, при што рекол дека не може да има двајца кајмаками, - засегнати од тие зборови не сакаа да ги пречекаат, но учтивоста бараше да им укажеме гостопримство.

Се повторија истите приказни, со покана - во среда ќе имало собрание (не во среда, туку во вторник) па да дојдеме и ние двајцата. Закажаното собрание се одржа во вторник и јас отидов. Се држеше во Младотурскиот комитет, кој се наоѓаше во Градската чаршија. Присуствуваа речиси сите бегови, кавадаречките чорбаџии и многу друг народ. Рифат-бег ме праша: "Каде е брат ти Тодор?" Јордан Нетков веднаш му одговори: "Тодор е тешка артилерија. Тој е голем човек и малку е нерасположен, па поради тоа не дојде". Заинтересирани од тој одговор, беговите прашаа каков голем човек е тој. Јордан им одговори дека е човек од голема рака. Тој му е другар на Сандански. Беговите се погледнаа меѓу себе, па еден од нив рече: "Зар и нашиот Тиквеш дава големи луѓе? Ја!". На собранието се пееше истата песна " Јашасан, Уриет, адалет, мусафат". Меѓу другите, зборував и јас за идната слобода и идните грижи за зачувување на таа слобода. Се донесе решение да се избере една регентска комисија, која ќе го следи управувањето и за членови беа избрани еден офицер - претседател на Младотурскиот комитет во Кавадарци, двајца бегови, Добри Даскалов, војво-

дата и јас - Христо Поп Антов. Оваа безмислена регентска комисија по неколку состаноци ја согледа опачината на Уриетот и се растури поради самоубиството на еден од Турците во Кавадарци. Веднаш нѐ обвинија за одговорност Добри Даскалов и мене, дека божем наши луѓе го извршиле тоа убиство. Закопот на споменатиот Турчин Турунциовец беше една демонстрација против бугарското население. Погребот беше извршен со духовна процесија на сите оци од градот, со обиколување на чаршијата и другите поглавни улици во Кавадарци. Веднаш со Добри Даскалов телеграфиравме во Солун до Сандански и до Турскиот централен комитет. На следниот ден во Кавадарци пристигна Џемал-бег, угледен член на Младотурскиот комитет и идниот член на Триумвиратот: Талат-бег, Енвер-бег и Џемал-бег. Со Џемал-бег се сретнав на состанокот на Регентската комисија што ја свика тој. Младотурците стоеја на уверувањето дека Турчинот го убиле наши четници, при што го посочија четникот Ѓошо Паликурски. Ние одговоривме дека четите не извршиле никакво убиство и дека смртта на Турчинот е последица на самоубиство. Човекот си го извадил појасот, си ја кренал кошулата и си ја забил камата во стомакот. Внатре во неговата колиба немало никаква борба. Како доказ на тоа се и неурнатата мала колиба и трњето врз колибата, кои не паднале на земја. Отидовме заедно на местото на настанот, во една нива над црквата во Кавадарци, посадена со бостан. Џемал-бег се увери дека во овој случај нема никакво убиство туку е извршено ужасно самоубиство. Утредента го поканив Џемал-бег на кафе во Ваташа. На пат за Ваташа јас, тој и Добри Даскалов, во тек на разговорот во еден миг тој се сврте кон мене и рече: (зборувавме на француски): "Господин Поп Антов, ние сме сега бирлик (во единство) отомани. Добро ќе биде и јас да си ја сменам сламената шапка што ја носев - со фес". Јас се престорив дека не го слушам. Продолжи друг разговор. Не помина многу, тој го повтори истото прашање за фесот. Тогаш му одговорив: "Џемал-бег, го слушнав Вашето прашање, но го сметав за лапсус лингве

(така Ви дошло да кажете), но сега гледам дека Вие многу држите до фесот, дека според Вас фесот сите ќе нè направи еднакво да мислиме за државната управа. Јас мислам дека раководен принцип не е она што е на главата, туку она што е во главата, дека фесот не е само отомански реквизит, тој е муслимански белег. Јас во Швајцарија видов многу студенти - муслимани од Египет и Африка со фесови. Фесот го добил името од градот Фес во Северна Африка и тој дел од облеката во Турција го воведе реформаторот Султан Махмуд II во 1830 година". Тогаш Џемал-бег ми се сврте и рече: "Е, е, Поп Антов, Вие многу оддалеку почнавте да ми објаснувате". Јас му одговорив: "Зошто Вие многу држите до фесот, а тоа не е главниот услов за зачувување на нашето единство". Не помина многу време, во септември, откако Австрија ги присоедини Босна и Херцеговина и Турција им објави бојкот на австриските стоки, го сретнав Џемал-бег во една солунска улица со калпак. Го запрев и го прашав: "Каде е фесот, Џемал-бег?". Тој, збркан, без да ми одговори, рече дека брза, зашто имал итна работа. Подоцна истиот Џемал-бег во 1912 година, веќе како паша, стана валија во Адана, еден од најголемите вилаети во Турција. Таму тој изврши грозен колеж над Ерменците.

Идејата за автономна Македонија, со која живеев, беше причина да ја напуштам убавата служба во Бугарија и амнестијата ми овозможи да се вратам во родното место. Во септември 1908 година останав во Солун за да го изучувам турскиот јазик. Тогаш ја почувствував потребата од него, зашто веќе имав завршено право во Лозана. Во 1898 и 1899 година го завршив Педагошкото училиште во Скопје. Матурирав со одличен успех, но по турски имав тројка и таа оценка ми ја дадоа зашто по другите предмети бев силен и зашто бев од Тиквешко, каде што и Турците-помаци зборуваат бугарски. Сега, веќе возрасен, морав да почнам да го учам турскиот јазик од елифба (учи - турски елифба). Побарав да ме запишат за редовен студент на Правното училиште во Солун, но директорот ми објасни дека не можат да ме примат

за редовен зашто не знам турски, и покрај мојот приговор дека завршив право во Лозана и ме запишаа без да знам француски. Најдов стан во ерменско семејство за да го свикнам слухот на турскиот јазик. Во станот добро разговаравме на турски, но во градот разговорите ги водевме само на бугарски. Во следната година, во текот на септември 1909-та се преместив во Цариград. Се запишав на Турскиот универзитет поради специјализација на турското право и пак најдов стан во ерменско семејство. Веќе поднавикнат на турскиот јазик и упатен во турското право, во јуни 1910 година поднесов барање до Министерството за правосудство да бидам назначен за судија - член во некој од окружните градови во европска Турција. Почнав редовно, секој четврток да доаѓам во Министерството, очекувајќи да ме повикаат поради назначување. Секој четврток Министерството за правосудство, под претседателство на министерот, назначуваше судии и кандидатите очекуваа во салонот да бидат викнати поради назначување. Тоа траеше долго време. Најпосле, му се обратив на Неговото блаженство егзархот Јосиф, кој ме препрати кај Панче Дорев[20] - народен пратеник, кому му објаснив дека е бесмислено да чекам повеќе. Веќе неколку месеци не сум назначен. Тој вети дека ќе преземе нешто и навистина, уште втората недела, на крајот на октомври 1910 година ме повикаа во Комисијата за назначување. На прашањето од министерот каде сакам да бидам, му одговорив дека сакам да бидам назначен во некој од окружните градови во трите вилаети на европска Турција. Тој веднаш одговори дека нема слободни места и дека такво место има во Кастамони во Азија и во Скадар, во Албанија. Му одговорив дека го преферирам Скадар. "Зошто му давате предност на Скадар?" - ме праша. Му одговорив - "Зашто е за една педа поблиску до Европа". Тогаш тој мепраша дали знам албански - арнаутски.

[20] Панче Дорев, роден во Битола, дипломат, завршил правни науки во Цариград. По Младотурската револуција бил пратеник во турскиот парламент во Цариград.

Наместо мене, му одговори помошник- министерот Недим-бег, дека во Албанија и нашите (Турците) не знаат арнаутски. Се служат со преведувачи - драгомани. Веднаш бев назначен. Уште утредента се јавив кај помошник-министерот на правосудството за да положам заклетва во согласност со барањата на Уставот. Го прашав од каде се оди за Скадар. Тој ми рече: "Преку Битола - Тирана - Скадар или Скопје - Прилеп - Скадар. По три-четири дена пат. Или пак со италијански брод преку Средоземно Море и Јадранско Море до Сан Џовани ди Медуа на Јадранското Море, пристаниште за Скадар, кое се наоѓа на 40 км од самиот Скадар. Му реков дека сум без пари, ми требаат за патни трошоци. Тој веднаш среди да ми се исплатат. За патни трошоци ми дадоа 14 турски лири. На збогување му кажав дека ќе патувам од Цариград за Солун, ќе наминам во родното село Ваташа, оттаму преку Скопје - Белград - Загреб - Риека, а од Риека со брод до Сан Џовани ди Медуа. Тој се почуди малку и рече дека тоа е многу долг пат. Му реков дека за 24 часа од Солун стасувам во Риека и така направив. Во Риека стасав на 11 ноември 1910 година и прошетав по пристаништето за да видам кога има брод за Сан Џовани ди Медуа. Талкајќи така со фес на главата, ми се доближи еден возрасен човек - антиквар, исто со широк фес на главата и ме праша што чекам. Му кажав дека чекам брод за Сан Џовани ди Медуа, за оттаму да заминам во Скадар. Ми рече дека тој е од Скадар и се вика Кол Ујка, антиквар. Ми објасни дека од Сан Џовани ди Медуа до Скадар патот не е добар и дека ретко се наоѓаат превозни средства. Најдобро ќе биде да земам брод до Катаро (Котор), каде што имал брат-трговец, Антонио Ујка. Понатаму тој ќе ми го олесни патувањето до Скадар. Така и сторив. По 12 часа патување со брод пристигнав во Катаро. Отидов во продавницата на Антонио Ујка, кој ме пречека мошне љубезно, ангажира еден пајтон до Цетиње, со кој утредента да заминам. Ноќта имаше снежна виулица и патот беше затрупан со снег. Антонио Ујка дојде во хотелот и ми рече - ако има снег, патот е добар, пајтонџи-

јата е познат човек и добро ќе си поминам по патот. Тргнав. Патот змиулеше постојано угоре, додека стасавме до црногорската граница. Градот остана под нас, како во котел. Горниот дел на мостот, по кој поминавме е црногорска територија, а долниот австриска. Дојдовме на познатиот врв Ловќен. Ми направи впечаток дека целиот пат од црногорската граница до Цетиње беше чистен од снегот од страна на групи селани. Кон пладне стасав во гратчето Његуши, родното место на црногорскиот крал Никола, каде што е и царинарницата. Тој се наоѓа на два-три часа во црногорската територија. По провизорниот преглед на мојот багаж, останавме во Његуши околу еден час. Во тоа време, забележав, од една зграда излегуваа ученици и од љубопитство отидов во училиштето. Го најдов учителот, кој предаваше во четвртото одделение. По запознавањето, му кажав дека и јас бев учител и од љубопитство сакав да видам како се предава овде. Имаше час по сметање. Изгледа дека сметањето не е интересен предмет. Почна да зборува за историјата на Црна Гора, дека таа е единствената словенска држава што не потпаднала под турско ропство и заврши со песна на таа тема.

Во Цетиње стасав околу четири часот дента. Се сместив во хотел и излегов да го обиколам големиот град од четиристотини куќи, со една права долга улица и пријатни црногорски двокатни куќи. Имаше и неколку поголеми згради, во кои беа амбасадите на разни држави. Влегов во книжарница и најдов карта на Скадарското Езеро, за да се ориентирам во врска со патувањето. Додека одев така, до мене се доближи висок крупен маж и ме праша: "Одакле си (од каде сум)?". Му одговорив дека сум од Солун. Тогаш тој се насмеа и ми рече: "Го познавам Солун". Рече дека му бил телохранител на црногорскиот конзул во Солун и дека го убил бугарскиот учител Ганов во Солун. Ми рече дека овде е заболекар еден македонски војвода, Христо Куслевиќ, кого јас го познавав од Женева. Ме одведе кај него, каде што останавме доста долго време во разговор. Христо Куслев е родум од Кукуш. Во 1903 година беше кукушки војвода.

Во 1904 година отиде да студира заболекарство во Женева, го издржувал чичко му - крчмар во Цетиње, каде што и тој се доселил по дипломирањето. Станал дворски заболекар. Кралот Никола многу го сакал, зашто бил војвода, но не му се допаѓало дека е Бугарин. На разделбата ми ја даде адресата: Христо Куслевиќ, зубар, Црна Гора. Го прашав: "Ќе те најдат ли?" Ми кажа дека е единствен забар во Црна Гора и затоа нема потреба да се напише и Цетиње. Утредента со омнибус заминав за Вир Пазар, на Скадарското Езеро.

Оттаму со брод застанавме во Риека[21] и оттаму направо во Скадар. Патувањето беше пријатно. Во Скадар пристигнав во време кога имало голема поплава. Стариот град и трговскиот дел, расположени околу брегот на Скадарското Езеро, беа поплавени до приземните простории. Слични поплави се случувале често во Скадар поради што и дуќаните се направени на два ката. За време на поплавите сè се пренесува на горниот кат. Скадар е на два километри јужно од езерото. На 15 ноември 1910 година стасав во Скадар, а утредента се јавив во судот, го покажав документот за стапување во должност, како член-судија на Окружниот суд во Скадар. Еден од судиите, Арнаутин од селото Јањево, Приштинска околија, знаеше бугарски и српски. Драготин Родиќи ме прошета по градот и ме запозна со многу Бугари - Македонци, кои беа од Струга и од Охрид. По професија беа фурнации и бакали во Скадар. Уште пред јас да дојдам, на моја адреса од Цариград пристигнал весникот "Новини", на кој се имав претплатено. Поштата ги носи весниците преку Скопје - Призрен - Скадар и од поштенската просторија почнуваат да ги извикуваат имињата на адресантите на писмата. Многу луѓе чекаа за да го добијат писмото. Го извикаа и моето име и весникот. Го слушнал тоа Милан Калајџиев од Струга, бакалин-крчмар во Скадар и секој ден одел во судот да го праша Драготин дали сум до-

[21] Се однесува на Риека Црноевиќа во Црна Гора.

шол. Зедов стан и ја почнав редовната работа. Во судот немавме многу работа. Постоеја две одделенија, граѓанско - во кое бев јас и кривично - во кое беше Драготин. Скадар е вилаетски град со околу 40.000 жители. Речиси целото население е арнаутско, еден дел муслимани, а другиот христијани-католици. Има неколку десетици семејства Срби и толку Бугари. Погоре реков дека градот се наоѓа на два километри од езерото, од кое истекува реката Бојана и се влева во Јадранско Море. Недалеку од градот минува реката Црн Дрим, која се влева во Бојана. Исто така, недалеку од градот тече и реката-породница Кари, во која нема постојана вода. Над Скадар е тврдината Тарабош, од каде што порано, околу 1800-тата година, господарел Мустафа-паша. Скадар има јужна клима. Растат маслинки, смокви, калинки. Градското население повеќе се занимава со занаетчиство и малку со земјоделство. Селското население е многу сиромашно. Градот се наоѓа во една котлина, од трите страни е заграден со високи планини, а од источната со езерото. Имаше многу дождови. Водата се истураше како од котел. Дождовите ги придружуваа страшни грмотевици. Се сеќавам, една вечер, газдата и жена му среде ноќ ми затропаа на вратата и ме прашаа дали спијам, поради ужасните секавици и грмотевици. Тие беа католици. Рекоа: "Да ја ставиме оваа икона во собата, да не ти се случи нешто опасно". За да не им го расипам расположението, реков да ја остават иконата и тие со голема внимателност ја оставија со благословот Господ да ме чува од грмотевиците. Поради честите врнежи во Скадар, слушнав и една приказна како некој турски судија останал во Скадар шест месеци, за кое време постојано врнел дожд. Потоа го преместиле во Истанбул. По некое време, истиот судија во Цариград сретнал некој од Скадар и го прашал: "А, бе, јаху (брате), уште ли врне во Скадар?". Градот е распослан на широка површина. Повеќето од куќите се оградени со високи ѕидишта од камен, со големи дворови во кои има многу овошни дрвја: јаболка, круши, особено црници, маслинки,

разни видови смокви, калинки и друго. Населението е повеќе земјоделско, а другиот дел се занимава со разни занаети и трговија. Најмногу тргуваат со Италија. Во градот има и над сто италијански семејства. Селското население живее во сиромаштија, повеќето со ситна стока. Разделени се на разни племиња: малесори, шкрељи и многу други, секое со свој бајрактар. Нивните бајрактари се и судии, заедно со селските старешини. Уште постоеја и остатоци од крвна одмазда - "бесата", според стариот законик на Лек Дукаѓини. Тоа е збирка од разни обичајни правни норми. Правеше впечаток нивната вродена интелигенција. Нема кошула на грбот, но на пат те поздравува со "Тунгатјета". Треба да кажам дека "Тунгатјета" им е најчесто употребуваниот збор во разни случаи: добар ден, добро утро, добра вечер, догледање, збогум и така натаму. Во судот се држеа многу учтиво и кога не го разбираа прашањето на судијата, наместо нашето "Што велиш?", го употребуваа зборот "Урно" - "Повелете". Во градот живееше како кнез Пренкби Дода-паша како водач на некои од селските племиња. Дворот му беше вистинска тврдина. Во неговата куќа имаше доста голема трпезарија, во која можеше да се нахрани секој селанец. Католиците во Скадар во поголем дел беа од езуитски ред, потпомаган од Италија, со епископ и многу фрерови (попови), а мал дел беа и од францисканскиот ред, помаган од Австро-Унгарија. И едните и другите имаа доста духовна интелигенција, која правеше обиди да му се доближи на народот. Таквите лица, по завршување на Семинаријата, стануваа свештеници и учители. Воопшто, се забележуваше почетокот на националното освестување. Во Скадар имаше класична гимназија и трговско училиште и уште две духовни семинарии.

Уште од почетокот ми го привлече вниманието бавноста на судските процеси што беше резултат на турската капитулација пред европските држави. Како што кажав, во градот имаше околу 100 италијански семејства и процесите против нив, кривични или граѓански, се провлекуваа со

месеци, до бесконечност. Постојано се одлагаа поради нејавувањето веќе не на италијанскиот конзул или неговиот заменик, туку и на неговиот телохранител, кој требаше да присуствува при разгледувањето на делото. Турските колеги беа навикнати на таа состојба, но мене ми оставаше грд впечаток и тешко ја поднесував таа неефикасност. Често, во разговор со Францисканците, со кои ме запозна Драготин, им ја истакнував таа неубава практика, но привилегијата што им беше дадена со капитулациите пред сите држави и пред Италија, постојано продолжуваше. Во летото 1911 година за губернатор на Скадарскиот вилает дојде мојот познат од Цариград - поранешниот помошник-министер на правосудството, Недим-бег. Во разговорите со него често му укажував на тоа и тој признаваше дека тука е тешкотијата на Турција, создадена од порано, што ние треба да ја поднесуваме. Треба да забележам дека при доаѓањето на Недим-бег, на пречекот бев и јас заедно со сите судии од Апелациониот и од Окружниот суд. Уште со влегувањето, по поздравите на претседателот на Апелациониот суд, тој се сврте кон мене и ме праша: "Антов-ефенди, се навикна ли на Скадар?". Тоа го забележаа сите други. При посетата што на другиот ден му ја направи целиот судиски состав во големиот салон на Управата, тој ми се обрати со зборовите: "Антов- ефенди, научивте ли добро турски и кој ви е претседател?". Јас му го покажав претседателот, тогаш Недим-бег му се обрати нему: "Јас го познавам Антов- ефенди уште од Цариград, можеби не го знае толку турскиот јазик, но разбирањето во правото му е одлично" и како на шега додаде дека самото име Христо-ефенди значи добар човек. Во текот на летото планинските племиња, малесори и другите, кренаа востание против турската управа и градот речиси беше изолиран. Како главен командант на турската војска дојде Енвер-бег, прославениот јунак од Младотурската револуција. Еден ден попладне, додека одев по улицата, ги сретнав валијата и Енвер-бег. Ги поздравив и одминав. Валијата се сврте по мене и ме повика кај нив. От-

како ме претстави, му рече на Енвер-бег дека сум судија и швајцарски воспитаник. Се запознав со Енвер-бег и тој ме праша од каде сум. Му реков дека сум од Тиквешко. Тогаш тој со особена гордост почна да раскажува дека и тој пред Уриетот се занимавал со комитлак во Тиквешијата. Веднаш му одговорив: "Да, знам, слушав дека Вие со пајтон сте ги обиколувале селата Неготино, Дисан, Прждево". Тој се сврте кон еден бег и вели: "Смели луѓе се Бугарите. На нивните комити око не им трепнува пред смртта. Јас со мојот баталјон присуствував и водев битка кај Плочите, Никодимски атар, Прилепско, каде што повеќе од 40 четници се самоубија за да не се предадат во наши раце. Тогаш им наредив на моите војници да им оддадат чест на паднатите херои со истрели од неколку пушки и им кажав и тие да бидат храбри како овие јунаци"[22]. Потоа јас се одделив и си го продолжив патот.

По извесно време ме поканија францисканските калуѓери да станам учител по турски јазик во нивната гимназија, која ја издржуваше Австрија, зашто дотогашниот учител по турски јазик се пројавил како турски шпион. Му реков дека јас не знам албански и не можам да бидам наставник, но за учител им го препорачав колегата Драготин. Овој веднаш се сепна и ми вели: "Христо, јас не сум завршил никакво училиште. Како можам да бидам наставник? До судија на Окружниот суд стигнав со постепено напредување од најмал писар во турските установи". Тогаш му кажав: "Јас ќе ти помогнам да станеш учител. Ти знаеш да читаш бугарски, од Солун ќе порачаме учебник по турски јазик од Емануил Љапчев. Тој е на бугарски и на турски. Ќе ти одржам неколку предавања пред твоите четири деца (имаше четири деца, најголемото на 13 години, а најмалото 5 години). Ќе видиш, ќе научиш како треба да се однесуваш и како треба да се предава". Тој се согласи. Му соопштија на австрискиот конзул и тој се согласи да го нарачаме прирачни-

[22] Се однесува на познатата битка кај "Ножот", на 14 јули 1907 година.

кот на Емануил Љапчев од Солун. Пратив писмо во Солун, од каде што за прво време ми испратија два учебника. Конзулот одобри и десетина дена го обучував колегата Драготин. Потоа тој почна да работи во Албанската гимназија како учител по турски јазик.

Погоре кажав дека во Скадар имаше дваесетина семејства Бугари од Струга, Охрид и Дебар. Беа главно фурнации и бакали. Меѓу нив имаше некои доста имотни и влијателни во градот, какви што беа Иван Черешко, браќата Никола и Серафим Делкови, Илија Тринчев и други. Поголем дел од населението во Скадар употребуваше пченкарен леб и повеќето од фурните печеа таков леб. Секој ручек и вечера, кога се враќаат луѓето дома, првата работа им е да наминат во фурната и да земат топол пченкарен леб, печен во тави, дебел околу 5 сантиметри. Се разбира, по некоја фурна имаше и пченичен леб, но пченкарникот повеќе го сакаа. Така, на една ихтар-вечера за време на Рамазанот, турскиот празник, судиите бевме поканети кај еден бег на вечера. За сите имаше бел леб, а домаќинот пред себе си тури пченкарен. На вечерата се изредија многу јадења, од вкусни повкусни, околу 16 вида. Но на крај донесоа праз, приготвен со чист зејтин. Во Скадар жените ретко се среќаваат на улица, а оние што ќе излезат - муслиманките се забулени, а христијанките врзуваат на лицето бела крпа. Меѓу стружаните, кои беа повеќебројни, во колонијата имаше и неколку учесници во Илинденското востание. На еден собир се реши Илинден да се отпразнува во блиското село Широка, над самото Скадарско Езеро. На Илинден 1911 година уште од рано се упативме кон селото, каде што големиот празник го поминавме во пријатни разговори и песни. Нè посетија и некои Албанци. Бугарите таму формираа одбор за помагање на училиштето во Струга, при што паричната помош беше испраќана преку охридскиот митрополит, Неговото преосвештенство Борис.

Во споредба со другите провинциски градови, животот во Скадар беше поскап, но со мојата плата од десет тур-

ски лири месечно јас поминував добро и половината од платата му ја праќав на брат ми во Женева, каде што заедно со снаата студираа на Женевскиот универзитет, Тодор - хемија, а Поликсена - социјални науки.

Со востанието на малесорите и околните планински населби, градот се чувствуваше како во опсада. И предметите во судот уште повеќе се намалија. Поради тоа двата оддели на Окружниот суд требаше да се обединат во еден и од четворицата судии, двајца Турци и двајца христијани, еден требаше да се отпушти. Желбата на претседателот на Судот беше да останам јас, но категорично му кажав дека треба да остане Драготин Родиќи, бидејќи има семејство со четири малолетни деца. Помислив оти за мене е сѐедно каде ќе бидам назначен, штом не сум во Македонија, зашто не мислев да судам долго време - три-четири години, додека практично се навикнам и ги усовршам турското право и турскиот јазик, а потоа ќе станам адвокат во Солун. За Драготин, како Албанец со четири деца, беше најважно да остане во Скадар, каде што имаше разни училишта: италијански и австриски. Во почетокот на декември 1911 година одделите се обединија, на служба остана Драготин, а јас очекував ново назначување. На нашите Бугари таму не им се допадна моето преместување, но и тие сфаќаа дека треба да остане Драготин, кој веќе им беше и пријател.

На 20 декември истата година бев назначен за член на Окружниот суд во градот Кутахија - Анадолија. Од собраните информации меѓу турските чиновници и судии добив впечаток дека градот е добар, доста голем, населението е турско, но не многу далеку од Цариград, а и поради мојата цел да останам година-две, без вознемиреност го прифатив назначувањето. На 22 декември ст.ст. истата година го напуштив Скадар, испратен до бродот од многу познати. Заминав со брод до Риека, црногорско пристаниште, и почетокот на железничката линија за Антивари - црногорско пристаниште на Јадранско Море, единствената железница што ги поврзува тие два града и се движи по многубројни

серпентини кон низината на Јадранско Море. Вечерта стасав во Антивари. Утредента наутро со брод, кој беше австриски, заминав преку Котор за Дубровник. Во Котор веднаш по запирањето на бродот слегов и претрчав до продавницата на Антонио Ујка, да си земам збогум. Изгледа дека мојата облека - фесот, кренатата јака на палтото и полните џебови - им оставила на полицијата сомнителен впечаток. Еден полицаец ме запре и ме спроведе во полициската станица. По кратко испрашување ме пуштија. Сомневањето било во полните џебови, во кои имав две кутии цигари од по 100 парчиња - подарок од испраќачите во Скадар. Ми ги вратија и кутиите, меѓутоа јас ги честив и заминав. Еден полицаец стоел покрај моите два куфери на бродот, но кога се вратив, без да ги провери, си замина. Од Котор до Дубровник се запознав со еден Србин од Нови Сад, директор на Црногорската народна банка во Цетиње и станавме неразделни дури до Нови Сад. Вечерта пристигнавме во Дубровник, стар, убав град, уште на бродот се изнакачија амали да ги пренесат куферите до хотелот "Австрија", недалеку од пристаништето. Ги прашав колку пари. "Две круни за еден куфер. Вториот за една ипол круна". Ми се виде скапо. Третиот за една круна ги однесе двата куфери до хотелот. Со пријателот-Србин по вечерата излеговме да се прошетаме по градот. Истиот ден беше празник на градоначалникот и на еден плоштад едно по друго свиреа две музики - хрватска и српска, и наизменично манифестираше населението околу плоштадот. Кога свири српската музика, се слушаа свиркања од страна на Хрватите и обратно, кога свири хрватската - свиркање од српската страна. Се вративме во хотелот. Изутрината возот тргнува кон девет часот, па обајцата излеговме да си купиме нешто за каснување по патот. Во холот на хотелот ме запре еден полицаец и ме запраша кој ме обеспокојувал синоќа. Му реков - никој. "Треба вистината да ни ја кажете, господине, ние имаме ред и тој ред треба да се чува". Јас повторив дека не ме обеспокојувал. Тој ми одговори дека, кога сум сле-

гувал од бродот, ме вознемирувале амалите, кои ми барале повеќе од 50 сантими за носење на куферите, колку што била дозволената такса и никој не можел да бара повеќе од тоа. Ноќта полицијата ги затворила двајцата носачи.

Помеѓу другите патници, во возот имаше и еден шивач, кој патуваше во Сараево да ги помине Божиќните празници. Патем, од збор на збор, разбра дека сум Бугарин од Македонија. Кога се запали човекот, дека по раѓање сум бил Србин, само сега сум станал заблуден Бугарин! Со таквите приказни стасавме до Сараево. Кутриот, налутен го напушти купето, дури си го заборави целиот багаж, па пријателот од Нови Сад ми рече: "Од таквите шовинисти страдаат двата братски народи. И сега треба да го бараме по вагоните за да си го земе багажот". Вечерта стасав во Белград, по престој од неколку часа се качив на возот за Софија и Цариград. На пловдивската станица за неколку лева купив во бифето цела печена кокошка и леб, како да сум предвидел дека патем ќе се забавам и ќе имам потреба од храна. Од силните виулици и снег, железничката линија блиску до Луле Бургас беше затрупана и моравме да престоиме цела ноќ. Кога поминавме потаму, нè снајде истото кај Черкез Ќој, каде што исто останавме една вечер и оттаму кон пладне пристигнав во Цариград. Во Цариград останав три дена. Наминав и во Егзархијата. На 2 јануари 1912 година, на пат за Кутахија, го минав Босфор со брод до азискиот брег на Цариград - "Ајдар-паша". Оттаму се качив на воз за Анадолија. Вечерта стасав во Ескишехир, каде што возовите ноќеваат. Оттаму се делат два крака: едниот оди за Ангора, а другиот за Коња и понатаму. Го фатив возот за Коња и по два часа бев на станицата Алајунт, од каде што се оди за Кутахија. Оттаму, со едно свртување пристигнав со возот во Кутахија.

МОЈОТ ПРЕСТОЈ ВО КУТАХИЈА

На 3 јануари 1912 година ст.ст. од станицата до градот дојдов со пајтон и, по мал одмор во хотелот, веднаш одидов во Судот. Се претставив. Се запознав со судиите и излегов. Ми направи голем впечаток големата зграда на Конакот во кој беа сместени Окружната управа, Апелациониот и Окружниот суд и други државни установи. Зградата е висока, однадвор облепена со бели фајансови плочи. Побарав стан и уште истиот ден се сместив во едно ерменско семејство во Ерменското маало. Градот се наоѓа на 950 метри надморска височина, па зимата е мошне студена. Има околу 30.000 жители. Поголемиот број се Турци, потоа Грци и помалку Ерменци. Грчкото маало е одделено на крајот од градот, а Ерменското е околу чаршијата, блиску до Конакот. Во градот има и стара тврдина со урнати ѕидишта, во која живее сиромашното муслиманско население. Има многу џамии, во кои во петоците се подговува топла храна за сиромашното население, но најубава е џамијата изградена и посветена на познатиот турски завојувач на Балканот - Лалашахин-паша, која се наоѓа во истоименит голем реон. Населението се занимава со земјоделство и сточарство. Во голем број се одгледуваат караманскиовци, со дебели, долги, мрсни опашки и стада ангорски кози, од кои се добива прочуената козина (волна), "тефтин". Месото од овците е мошне невкусно, повеќе се сака козјото. Околијата е многу голема, со чисто турско население. Овде-онде е прошарано со бегалци од Балкански Полуостров. Освен земјоделството, развиени се и разни занаети. Ерменското население е речиси занаетчиско: чевлари, шивачи, трговци и калапчии на фесови. Меѓу нив имаше и такви што се занимаваат со земјоделство, а овде-онде и по некој чифлик. Грчкото население исто така се занимава со земјоделство и занаетчиство. Ми правеше впечаток дека грчкото население е многу заостанато. Голем дел од нив се неписмени. Овоштарството е исто развиено. Големи количества вишни се

извезуваат оттаму. Градот е стар, со тесни улици. Нов дел како да не се забележуваше. Но по сè изгледа дека живеачката на населението е задоволувачка. Односите помеѓу Турците, Ерменците и Грците беа добри. Тоа се забележуваше особено летно време во бањите. Во околината на градот има две минерални бањи со жешка сулфурна вода. Таму оди целото население, поставуваат шатори - турски чадори околу бањите и покрај самите нив. Поблиску се повидните луѓе. Турците, Ерменците и Грците имаат шатори само за мажите, каде што се собираат на кафе и на разговор и играње табла.

Реков веќе дека на вториот ден се сместив во една ерменска куќа. Газдата се викаше Киклик Гарабед, по занает калапчија и зимно време вареше ракија од суво грозје. Тој беше човек од средниот слој и секое лето со жена му и со другите роднини одеа еден месец на одмор кај бањите. Пролетно време во празничен ден излегуваа на прошетка покрај градот, на ѓувеч или на чашка ракија. Воопшто, односите помеѓу Турците и христијаните беа добри. Уште првите дни по пристигнувањето се запознав со попознатите Ерменци, каков што беше д-р Маркарјан, аптекарот Боз, агентот за осигурување Мисак и други. Тие никогаш не ме оставаа да ми е здодевно. Кога кај еден, кога кај друг се собиравме на разговор и тоа само на разговор. Во судот имавме повеќе работа отколку во Скадар. Имаше еден оддел и за кривични и за граѓански дела. Седници држевме речиси секој ден, со осклучок на петокот - турски празник и неделата - христијански празник. Особено поради коњокрадство, кражби и играње на жени на отворено - тоа беа нови процесни предмети за мене, а имаше и особен вид - дела против клевета. Во градот имаше две партии - Младотурска - итихат ве тереки, обединување и напредок, и - итилаф - Прогресивна партија. Особено во летото, во текот на изборите, двете партии водеа голема борба. Имаше и смртни случаи. По тој повод имавме и неколку предмети против клевета, со интересна содржина. Мехмед поднел тужба

против Осман поради навреда, Осман му рекол: "Ти си младотурчин". Или обратно: "Ти си итилафаркаси". Преку летото имаше особено многу предмети за убиства. Граѓанските предмети беа повеќето во врска со нарушена сопственост и за делби. Уште во март ми се случи да одам на увид околу 40 км. надвор од градот, поради сечењето на една шума. Тужбата ја поднело едно село против еден градски бег, сопственик на шумата. За мене беа интересни разговорите на вештите лица: тројца Турци од соседното муаџирско село. Одам по патот кон шумата, а по мене ги слушам тројцата вешти лица: "Ќе види сега бегот. Тој нам ни ја зеде шумата и голем дел од пасиштата. Ќе види тој". Го слушам тоа и стасуваме до шумата. Им велам да ги обиколат исечените површини, да направат проценка колку товари се исечени и секој товар по колку гроша го оценуваат. Заедно со нив обиколувам и јас. Ги прашувам: "Го проверивте ли исеченото?" - "Да" - "Оценивте ли колку чини?" - "Да" - "Колку е исечено?" -"За педесет товари". -"По колку го оценувате товарот?" -"По шеесет пари". Тогаш им реков дека тука има повеќе исечено, како можат да кажат толку малку. "Ние сме, вели, вешти лица, ќе го напишеш тоа што ти го кажуваме". -"Но сумата е многу мала". -"Ако сакате, можете да земете други вешти лица. Ние оценуваме толку". По завршувањето на распитот, ги прашав еден по еден: "Зошто кажавте така, зошто дадовте таква процена?" -Тие ми рекоа: "Ах, ефенди, не го знаеш ти тој бег, колку е јанкесеција (разбојник). Тој нам ни го зеде и пасиштето. Ене го нашето бегалско село. Останавме и без шума и без пасишта. Ги прашав: "Од каде сте вие?" Велат: "Ние сме од Бугарија". -"Од каде?" -"Од Разгадско". -"Кога сте дошле овде?" -"По војната (Руско-турската војна)". -"Како ви беше таму?" - "Ах, ефенди, таму ни беше многу добро. Да земеш камен, па да ни ги искршиш главите дека дојдовме овде, меѓу овие никаквици". -"Па зошто дојдовте?" -"Е штом прашаш - не знам зошто си ги продадовме имотите и избегавме. Ти ја знаеш ли бизим (наша) Бугарија?" - "Сум слушал. Па како

е таму?". Почнаа тројцата да плачат "Ефенди, ако си ги загубил парите, другиот ден телатот вика: "Ej, луѓе, кој си го загубил кесето да дојде во полициската станица да си го земе". А не како овдешниве - сите нè ограбија. Тие не можат да ги гледаат нашите убави коли со четири тркала, а не како нивните - од еден час растојание да не можеш да ги слушаш поради кркање". Така заврши разговорот.

Кутахија е окружен град што му припаѓа на Бурсенскиот вилает. Има неколку околиски центри: Гедос, Симава, Алашехир, а самата околија на Кутахија е мошне голема, со две гратчиња - Таушанал и Имет. Во Кутахија не бев првиот Бугарин. Пред мене имало пратени на робија пред Ослободителната војна во 1874 година. Бил пратен на заточение Михаил Радославов, учител од Ески Џумаја - Трговиште. Таму оставил многу добри спомени. Одлично знаел турски. Бил учител во грчко училиште. Предавал турски јазик и негов ученик бил Анастасијадис, познат адвокат во Кутахија во мое време. Тој ми раскажуваше дека при стапувањето на престолот на султанот Мурат во мај 1876 година, одржал многу емотивен говор, а пред него околу 60-61 година на заточение бил пратен Аксенти Велешки, еден од тројцата првосвештеници во Цариград што се откажаа од Грчката патријаршија: Иларион Макриополски, Паисиј Пловдивски и Аксенти Велешки. Исто таму бил прогонет и видниот албански водач Исмаил Ќемал. Се разбира, јас не бев прогонет, туку работев за автономна Македонија, на која сакав да ѝ служам како адвокат и општествен деец, а не само како поранешен револуционер.

Во април 1912 година во Турција беа закажани нови избори за Мецлиси Мебусан - Народното собрание. Во Кутахија дојде еден големец од Цариград за да одржи предизборен говор. Собирот се одржа во една џамија. Турците ја исполнија џамијата и клекнати еден до друг го слушаа говорникот. Влегов и јас внатре, застанав кај средината да слушам стоејќи. Едно време откај задната врата еден глас му викна на говорникот: "Лажеш" - и сите се стреснаа. Друга

група повтори: "Лажеш". Сите се свртеа и видоа дека јас стојам спокоен, станаа, почнаа да се расправаат меѓу себе и така собирот пропадна. Во мај бев поканет на вечера кај д-р Маркаријан, на роденденот на неговата десетгодишна ќерка. Имаше и други Ерменци. Почнаа да пеат некои турски песни. Јас кренав глава и им реков: "Запејте некоја ерменска. Вие имате убави стари народни и современи песни. Ги слушав во Лозана на еден концерт на Ерменското студентско друштво. Пееше и еден ваш проучен музиколог, Комитас Вартабет. Тој народен пеач, придружен од еден Ерменец - поет од Париз, во Лозана го најавуваше пејачот и кажуваше што ќе пее. Тогаш почнуваше и тој да пее. Почна со стари народни: жетварски, љубовни, ороводни и јуначки песни. По тонот и мелодијата сите беа тажни како и нашите песни. Тие зборуваа за животот на Ерменците под туѓинско ропство, како и нашите народни песни". Тогаш се јави еден цариградѓанин, кој дошол по работа во Кутахија, и почна да пее некои од тие песни. Така помина и полноќта. Дури во мугрите домаќините донесоа кафе, што значеше дека веќе треба да си одиме. Кај Ерменците кафето игра голема улога во траењето на посетата.

Бев добро примен и кај Грците, меѓутоа тие живеја во посебно маало и многу ретко одев кај нив. Турското население во Кутахија и околијата по ништо не личеше на нашите македонски Турци и помаци. Беа тивки, кротки, а не како нивните собраќа во европска Турција. Се гледаше дека никој не ги предизвикува, за да се создаде една таква психологија помеѓу нив.

Во судот имавме многу работа и често требаше да се оди по селата на увид, распит на сведоци, а пак по кривични предмети - за повреда на туѓ имот. Речиси редовно одев јас, зашто мојот колега отиде неколку пати и записниците требаше одново да му се проверуваат зашто беа непотполни. Поради тоа јас многупати го заменував и него. Во секое село имаше мусафир одалар - гостински соби каде што се прифаќаат за ноќевање разни патници, чиновници

и др. Во зависност од должноста што ја зазема гостинот беа и услугите што се правеа. Како судија, насекаде бев добро пречекан, нахранет и испратен. Ми остави впечаток минувањето низ селото Сосус Каја. Бев со секретарот и чиновникот одговорен за државните имоти. Уште не бевме го одминале селото, дотрча еден селанец и ни рече: "Многу здравје од Аџи Бекир. Да повелите да спиете во неговата одаја". Јас не се согласив, но чиновникот задолжен за државните имоти, педесетгодишен маж, ми рече: "Не, Христо-ефенди, треба да дојдеш. Овде е обичај, кој и да помине низ Сосус Каја, да јаде леб кај Аџи Бекир. Имало случаи кога одминувале без да застанат и Аџи Бекир покренувал дела против нарушување на обичаите во селото". Наминавме во селото, нè пречека Аџи Бекир и му се обрати на мојот државен чиновник: "Колкупати си јадел леб тука? Зошто го одбегнуваш мојот дом?". Веднаш ни донесоа закуска: пржени јајца, сирење и кисело млеко. Каснавме по некоја лажица и си тргнавме по патот. Турците убаво готват и по селата. Единствениот недостаток за мене беше дека се имав одвикнато да јадам со прсти и да гледам како другите си ги оближуваат прстите, но мојот станодавец Кеклик Гарабед и за тоа најде излез. Секогаш ми поставуваше нож и виљушка и ме советуваше да не гледам во другите кога јадат. Често бевме канети на вечера и кај разни првенци-Турци. Никаде не се зборуваше за политика. Се водеа повеќето градски и селски разговори. Во текот на летото се одржаа изборите и имаше неколку убиства. Честопати на обиколките, особено зимно време при патување со чеза, чиновникот за државните имоти ме советуваше да си поставам весници на грбот за да не ми е студено. Тој редовно го правел тоа. Беше интересен човек. Со часови си разговараше сам со себе и ме подбуцнуваше: "Слушаш ли, Христо-ефенди?". Ќе му кажам: "Слушам" - и тој продолжуваше да си разговара.

Во август 1912 година почна да се зборува за војна помеѓу балканските држави и Турција. Беа мобилизирани

полковите од Кутахија и околу. Градот се наполи. Тамошните полкови биле јадрата на турската армија, прославена од освојувачот на Балканот, Лалашахин-паша. Трите полка манифестираа низ градот во воjнички строј со музика и знамиња. Стоеја во строј во џамијата на Лалашахин-паша, каде што го молеа Алаха да им помогне против непријателот, како што му помагал на нивниот поранешен водач, во чијашто џамија ја чекаат милоста на Алах. Оттаму - право на железничката станица. Беа најсвечено испратени. Имаше случаи, како што е случајот со капетанот Али-бег, со извадени криви сабји се закануваа дека ќе одат право во Софија и тој во царскиот дворец ќе пие "саде кафе" - чисто кафе. Весниците постепено почнаа да пишуваат дека балканските држави склучиле сојуз за воjна против Турција, но дека Турција е голема сила и лесно ќе се расправи со своите донеодамна потчинети држави. На 17 септември 1912 година, под изговор дека вршат маневри, балканските држави извршија општа мобилизација, со претходно подготвен проект за автономна управа на сите потчинети народи на Турција на Балканскиот Полуостров, во согласност со членот 23 од Берлинскиот договор. Уште во првата точка беше истакната автономна Македонија со гувернер Швајцарец или Белгиец, со воjска составена од христијани и Турци, со христијански кадри. Истото се однесуваше и на автономијата на Новопазарскиот санџак, Косово Поле, Епир и самостојноста на Крит. Турција одби и објави општа мобилизација и на 5 октомври ст.ст. воjната беше објавена. Не помина многу време, во градот се почувствува збрканост. Десетина дена по објавувањето на воjната градот и околијата се исполнија со воjници - дезертери. Турските весници, со возбуда во која се чувствуваше голема доза страв, случувањата почнаа да ги опишуваат неколку дена подоцна. На 11-12 октомври бугарската воjска го презеде Лозенград. Турските весници го премолчаа тоа. Одвај околу 15-16 октомври, во една уводна статија на весникот "Танин", чијшто директор беше Хусеин Џакид, сега

Јалчин, од перото на народниот пратеник Ферид-бег, под наслов "Назим-паша - Ратко Димитриев", со еден поетски јазик се зборуваше дека таму кај Луле Бургас, Бунархисар, се води најужасната битка што Турција досега ја доживеала. "Таму двете армии, на нашите слуги - аргати, Бугарите, под команда на Ратко Димитриев, чијшто главен командант е Михаил Савов од нашето Хаскиој (градот Хасково) и под команда на нашиот главен командант Назим-паша, син на прославени паши, првпат во историјата се судруваат. Целиот муслимански народ со трепет го очекува крајот на војната. Секој Турчин со очи кренати кон Алаха и со молитва во устата ја очекува Божјата милост во наша корист. Не дај Боже да победат Бугарите, со тоа не само европска Турција, но и Цариград ќе биде застрашен, а не е далеку и судбината на цела Турција". Читајќи ја оваа статија, сите разбравме дека таму се водат големи битки и со нетрпение очекувавме што ќе објави телеграфската агенција, чиишто вести ги добивавме трипати дневно. На третиот ден, пак во истиот весник, објавија вест дека царот Фердинанд го деградирал генералот Тошев, началник на Првата софиска дивизија, зашто била уништена целата бугарска интелигенција, од која била формирана Првата дивизија. Наскоро телеграфската агенција соопшти дека турската војска под команда на Назим-паша во целосен борбен ред и дисциплина одела кон Чаталџа. Турците, откако ја прочитале таа вест во разните кафеани, почнале да плачат. Утредента одам во судот и ги наоѓам моите колеги како разговараат. По извесно време доаѓа и обвинителот, млад слободољубив човек од Цариград и уште од вратата вели: "Каков е овој резил - целиот град е полн со дезертери!". Помладиот судија, фанатик-Турчин, го гледа него, па мене, а обвинителот му вели: "Асан-ефенди, уште ли ќе криеш ти? Целиот свет знае дека градот е полн со дезертери, избегале од фронтот сосе оружје и без оружје и какво бегање! За десет дена од фронтот дури до среде Анадолија! Слаби, бездушни, гладни, исплашени. Грев е да ги

погледнеш. Што треба ние сега да сториме, за населението да не падне во очај и да разбере што се случува?". Претседателот рече да донесеме одлука сите што ќе бидат најдени, да бидат затворени. Тоа го потврди и Асан-ефенди. Тогаш обвинителот ми се обрати мене, бевме добри пријатели: "Христо-ефенди, што ќе кажеш ти?" - Јас му реков: "Тоа не е работа на нашите судови. Тие се војници и имаат воена команда. Ќе се погрижат воените судови. По итност може и обвинителот со помош на полицијата, но тоа нема да биде законски". - "А бе, ги знам тие работи, - рече тој. - Проблемот е да не се создаде збрка кај населението". Тогаш му реков: "Според мене, нека си останат каде што се, зашто ако полицијата тргне да ги собира, ќе ги однесе во затвор, таму ќе бидат сите на куп, ќе почнат да доаѓаат нивни пријатели, роднини и ќе почнат слободно да зборуваат, додека сега молчат и се кријат. Освен тоа, дали тие се само во градот? Сигурно ги има и по селата". Обвинителот рече: "Сигурно ги има" - и додаде: "Оној поручник Али-бег, кој со извадена сабја тргнал кон Софија, и тој е заедно со дезертерите. Се крие. Божем бил ранет во грбот". Претседателот предложи да го повикаме началникот на полицијата - што ќе каже тој. Го викнаа и дојде. Му го кажаа случајот што тој го знаеше. Го прашаа што да преземеме. Тој го праша обвинителот: "Што треба да сториме? Каде можеме да ги најдеме? И кога ќе се најдат в затвор, кој ќе им ја затвори устата да не зборуваат што им се случило?". Претседателот прифати: "Ристо- ефенди е на истото мислење, а и не е наша работа да се мешаме во тоа". Така му ставија точка на проблемот. Турските војници-дезертери раскажуваа чудесии за нивниот пораз. Од нив го научив изразот и побарав некој да ми објасни што значи "бири беш". Тоа значело со еден замав по пет на нож, како со вила. Бугарското "напрѐд на нож" тие го протолкувале "по пет на нож". Тие ги опишуваа бугарските војници како сити, облечени, матарките полни со вино, ранците со бели пити леб и кашкавал, а ние

гладни, голи и боси. И како може да му достоиш на тој Карамосков.

Наскоро, на 31 октомври, великиот везир Ќамил-паша му телеграфирал на царот Феринанд за примирје и мир. Неколку дена по ред Турците со трепет го очекуваа склучувањето мир, зашто армијата веќе се распадна и имаше голема опасност за Цариград. Цели шест дена царот Фердинанд одбивал да ја прими телеграмата и одвај кон 5-6 ноември, кога почна битката кај Чаталџа, се разбра дека Фердинанд не сакал да склучи мир. Турците беа согласни да го отстапат Енице - Мидија и да извршат веднаш целосна демобилизација, зашто и без тоа беа демобилизирани. Го пропушти тој важен момент. По првата битка на Чаталџа Турците се охрабрија и се заредија несреќните денови за Бугарија. При бомбардирањето на Чаталџанските тврдини, кои, според нашиот претседател (пред неколку месеци тој бил обвинител во Чаталџа), излезе дека не се никакви сериозни утврдувања туку само неколку земјанки и не можат да ги запрат бугарските напади. Меѓутоа, од самите весници подоцна се разбра дека бугарската војска не го имала предвид нападот на Чаталџа. Голем дел од цариградското население се исели во Анадолија. Примирјето почна околу 10 ноември и продолжи до 20 јануари 1913 година. За време на Божиќните празници во весникот "Икдам" беа објавени неколку статии од германскиот генерал Фон дер Голц-паша, реформатор и реорганизатор на турската армија, во кои ја советуваше турската влада да ја премести престолнината во Анкара и истакна многу воени причини, важни и од национална гледна точка. За време на тие бомбардирања, еден петок во Алашехир, во една кафеана биле собрани кајмакамот, муфтијата, неговиот син и други градски првенци. При добивањето на веста што ја соопшти телеграфската агенција, во која беше соопштено за бомбардирањето на Чаталџа и тресењето на куќите во Цариград, синот на муфтијата ненадејно викнал "Јашасан Бургарлар" - "Да живеат Бугарите". Сите се сепнале во недоумица, зашто

синот и таткото биле благородни луѓе и првенци на градот. Меѓутоа, по наредба на кајмакамот, синот го затвориле. Започнала и преписка за покренување судска постапка и на обвинителот на Апелациониот суд во Кутахија му се сугерирало да ја оцени вината: дали има престап или нема. Обвинителството се состоеше од Граѓанско одделение на Окружниот суд, со присуство на апелациониот обвинител кој реферира за преписката. Истрагата во такви случаи се води без прекин додека да се донесе дефинитивната одлука. Претседателот го праша младиот судија има ли престап и врз основа на кој член од Законот треба да се обвини. Младиот вели: "Неприлично е еден син на муфтија да ги поттикнува луѓето и да ги возбудува духовите", но не посочи за што ќе го обвиниме - дали е шпион и на која држава. Ме праша мене. Реков: "Случајот е за жалење и тоа е изблик на ненадејни чувства и во безмислен восхит му се откачило тоа "Јашасан Бугарлар"; тој како Турчин бил восхитен од јунаштвото без да помисли некого да убеди или некому да послужи. Далеку во Анадолија, без да ги познава Бугарите, тој искажа само восхит. Според мене, нема член во Законот според кој ќе покренеме постапка за кривична одговорност". Претседателот на судот му се придружи на моето мислење и затвореният беше ослободен.

Кон средината на јануари 1913 година, еден саботен ден во Кутахија дојде главниот секретар на гувернерот на Бурса за да формира воено здружение за помош на војската. Собирот беше закажан за утредента, недела претпладне. За тоа разбрав уште во сабота вечерта и веднаш им соопштив на секретарот и на двајцата адвокати - бранители во еден предмет за делба во грчкото маало, дека утре претпладне ќе одиме да ја завршиме делбата. Затоа отсуствував целиот ден в недела. Во понеделникот наутро во судиската соба ги најдов Асан-ефенди - младиот судија и обвинителот. Уште пред да ги прочита весниците, Асан-ефенди ми вели: "Христо-ефенди, вчера имаше голем собир, на кој беше решено секој да даде по една месечна плата. Вие

не бевте на собирот". Му одговорив: "Асан-ефенди, јас бев да ја довршам делбата во грчкото маало, која вие неправилно ја извршивте. Затоа не бев на собирот. А што се однесува за помошта, обвинителот знае дека јас секој месец му испраќам по пет лири на брат ми во Женева, така што немам можност да дадам". Се замеша и обвинителот: "Вистина е, со Христо-ефенди многу пати сме оделе заедно до поштата и тој испраќаше пари". Со тоа разговорот заврши. Не поминаа десет дена, добив известување од Министерството за правосудство дека сум отпуштен како неподобен. Пред пријателите протестирав и реков оти ќе одам во Цариград за објаснување во што се состои мојата неподобност. Од друга страна, почнав преговори со Ерменскиот револуционерен комитет "Дрошак" да ми помогне да избегам во Смирна. По три-четири дена приквечер ми доаѓа управникот на поштата и ми вели: "Христо-ефенди, има телеграма до окружниот управител со наредба да бидеш интерниран". Јас го прашав - "Можеш ли да ја подзадоцниш телеграмата, да ја задржиш неколку часа пред да ја предадеш, за да можам да го фатам возот за Цариград?". Чиновникот беше Ерменец и ми вети оти ќе ја предаде телеграмата откако ќе замине возот. На претседателот на Ерменскиот комитет Караѓозјан му реков дека вечерва заминувам до Ескишехир, а утре назад преку Алајут, Афионкарахисар и Ушак за Смирна. Да се уреди таму да ме пречекаат на железничката станица, со напомена дека јас ќе стојам покрај моите куфери со бастун на десното рамо. Се збогував и заминав. Преспав во Ескишехир. На следниот ден со спротивниот воз заминав по погореспоменатиот пат за Смирна. На тргнување, на газдата му кажав дека одам во Цариград и ако дојдат да се распрашуваат, да им каже дека сум заминал за Цариград. Истовремено го замолив да појдат во посета кај ќерка му и да се вратат доцна ноќта. Преку Афионкарахисар, вечерта стасав во Ушак, околиски град под надлештво на Кутахија. Почувствував најголем страв дека ќе бидам фатен, зашто окружниот управител, ако го

зел присрце моето интернирање, откако ќе се информира за возот кон Цариград, можеше уште вечерта да ме најде во Ушак. Оттаму, со истиот воз продолжив за Смирна, ги минавме градовите Алашехир, Магнезија, Касаба и стасавме во Смирна. По патот од Ушак надолу забележав дека железничките станици и куќите околу станиците имаат грчки бои - сино и бело и повеќето се Грци. Во Смирна слегов на централната станица и откако го симнав багажот, застанав покрај куферите со бастунот на рамото. Наскоро ми се доближи еден млад човек од околу 30 години, ме поздрави и ме праша како се викам. Му го кажав моето име и тој веднаш ги зеде куферите и фативме еден пајтон. Патем му реков да ме одведе во некој доверлив хотел на пристаништето. Ме одведе во хотелот "Микроазија". Седнавме во холот, директорот на хотелот, Грк, нарача кафе. Со истиот воз од Маниса - Магнезија допатувал Теодораки Сарандидис, судија на Магнезија. По нашето доаѓање во хотелот, стаса и Сарандидис, познат и пријател на директорот. Директорот, мислејќи дека сме доверливи луѓе, Грци, освен мојот водич, Ерменец, вади еден грчки весник и ми го дава да го прочитам. Му реков дека не знам грчки. Сите се сепнаа, а најмногу мојот Ерменец, Хаитјан. По малку ми рече да одиме на вечера и уште по скалите кажа дека ме мислел за Грк и затоа ме одвел во грчки хотел. "Инаку, ние Ерменците имаме подобри хотели". Го прашав: "Зар овој е лош?" - "Не е лош, ама за наши луѓе си имаме хотели". По вечерата ме испрати до хотелот и се договоривме утре изутрина повторно да се видиме. Во хотелскиот хол го сретнав Сарандидис. Тој се обврна, виде оти нема никој и ме праша во која соба сум, имал нешто да ми каже. Влеговме во мојата соба. Откако заклучи однатре, тивко ми рече: "Јас сум Бугарин. Се викам Тодор Сарандов. Ме знаат за Грк и претседател сум на Грчкиот комитет во Магнезија. Жена ми е Гркинка. Ако ме разберат Грците дека ги мамам, самите ќе ме претепаат. И јас очекувам да ме отпуштат". Му реков дека заминувам за Солун. Утре одам кај рускиот кон-

зул да го прашам кога ќе има руски брод и да му кажам да ме држи под внимание, да се застапи за мене во случај да бидам затворен.

Утредента отидов и му кажав на конзулот да ме има под внимание во случај да бидам притворен и прашав кога ќе има брод за Солун. Ми рече по една недела рускиот брод "Николај II" ќе дојде во Смирна и оттаму ќе замине за Солун. Ме посоветува многу да не се движам покрај пристаништето. А што се однесува за Сарандидис, ми рече дека тој го познава и не заслужува никакво застапништво. Кон пладне дојде Хаитјан и отидовме да ручаме. Тој работеше како сликар во една американска фирма за дизајнирање на персиски ќилими. Квечерината пак дојде кај мене и по вечерата му реков да одиме во хотелот. "Не, рече, облеките ти ги пренесовме кај нас, ќе ми бидеш мил гостин". Поминавме од кај хотелот за да платам и оттаму во неговиот дом, каде што останав цела недела. Постариот брат на уметникот, како турски војник дезертирал и се криеше во куќата. Таму си поминав мошне убаво. Последниот ден бев поднастинат. Не излегував и го прашав Хаитјан дали дошол бродот. Ми одговори - не. Меѓутоа, во другата соба ѝ кажува на мајка му дека бродот дошол, но ќе дојде и идната недела, па да им останам како гостин. Јас му довикнав од собата: "Не, Хаитјан, морам да заминам. Благодарам за гостопримството. Многу сум задоволен од пречекот и од услугите што ми ги направивте. Сега да помислиме како да се качам на бродот". Влезе во мојата соба заедно со мајка му и ми вели: "За тоа немој да се грижиш. Вечер ќе бидеме на бродот". Се покажа дека управникот на Бродската агенција во Смирна е Ерменец и мојот багаж предвреме веќе беше качен на бродот. А приквечерината јас, Хаитјан и агентот со едно шише коњак се искачивме по мостот на бродот. До скалите стоеја еден полициски началник и еден стражар. На полицискиот началник му го дадоа коњакот и му рекоа: "Ќе се вратиме. Имаме познати на бродот, да се видиме". Не ни побараа никаков документ и немаше никакви

прашања. На бродот ги честив една вечера. По долги разговори, тие слегоа и јас одозгора ги испратив па останав да преспијам на бродот, кој тргнуваше во мугрите следниот ден. Минавме покрај многу острови и покрај големиот остров Митилин свртевме од Средоземно во Егејско Море, преноќевавме во Егејското и на второто утро кај 9-10 часот стасавме во Солун. Таму мојата судиска професија заврши. Уште истиот ден ги сретнав Анастас Разбојников, наставник во Солунската гимназија, и Петар Мрмев. Зедов соба во хотелот "Вардар". Испуштив да кажам дека платата за половината од февруари не бев ја добил. Му дадов полномоштво на адвокатот Анастасидис, кој подоцна ми ја испрати во Ѓумурџина. Од Солун му пратив писмо на газдата во Кутахија со голема благодарност и друго такво писмо на уметникот Хаитјан во Смирна. Добив одговор од обајцата. Од Кутахија ми соопштуваа дека уште вечерта дошол полицаец да ме бара во станот. Во куќата немало никој. Соседите му рекле дека Гарабед е во посета кај некои Ерменци, која испадна долга, а заедно со него е и судијата. Полицискиот началник стоел таму до враќањето на домаќините и тие му рекле дека Христо синоќа замина за Цариград. Така заврши мојата интернација: наместо во Ангора, се најдов во Солун.

МОИТЕ СТРАНСТВУВАЊА

Околу 15 февруари 1913 година од Кутахија се вратив во Солун. Престојував во хотелот "Вардар". Се сретнав со мои колеги - студенти од Лозана, кои одамна веќе завршиле и беа наставници во солунските гимназии; тоа беа Петар Мрмев, Дионисиј Кандиларов, Анастас Разбојников и други. Таму видов и многу Тиквешани, ги распрашував за состојбата во Тиквешијата и тие ме советуваа никако да не одам во Ваташа, дури ни како гостин. Во Солун дојде и Михајле и неговиот дедо од втората жена. Бевме заедно во кино и кутриот старец со примижани очи ги гле-

даше сликите на екранот, а после му рекол на Михајлета: "Па бива ли таков срам? Брат ти да нѐ води на таков резилак. Луѓето се бакнуваат и тоа ачик, ачик! Ние не сме навикнати на такво бакнување. Треба да е кришум, или под јорган, така бива, но ова... Јас мислев дека таму кај што ќе не води сватот Христо ќе видиме некоја поголема црква, а види што излезе: разголени жени, засукани мустаки. Нога да ми се скрши ако другпат влезам на такво место". И двајцата ми раскажуваа за ситуацијата во Кавадарци и Ваташа, подобро да не одам, да не се случи некоја белја од страна на српската власт, која ја окупира Тиквешијата.

На 19 февруари 1913 година се одржа свечено одбележување на санстефанска Бугарија. Се одржа во големата и прекрасна црква "Света Софија" во Солун. На свеченостите, на панихидата и молебенот присуствуваше и грчкиот престолонаследник Константин. Повеќе од времето го минував со пријателите по кафеаните. Разговорите се вртеа околу недоразбирањата и непријателските односи помеѓу сојузниците. Во февруари падна снег и во Солун и Солунско се случи невиден студ. Многумина од Македонско-одринската доброволечка дивизија го минуваа отсуството во Солун и разговорите за односите помеѓу сојузниците уште повеќе се засилија. Се чуствуваше напната атмосфера. Една делегација Македонци замина во Софија да ѝ ја претстави на Владата овдешната состојба. Помеѓу другите министри, делегацијата се сретнала и со министерот за внатрешни работи, ако добро си спомнувам - Франѓа, кој им кажал да не се вознемируваат. Ние имаме договори со сојузниците. Бугарскиот претставник во Солун, генералот Хесапчиев, беше во тек со целата ситуација помеѓу сојузниците и навечер ги известуваше за тоа царот и Владата. Во тоа време се случи и убиството на Георги, грчкиот крал, во една од сулунските улици, извршено од Грк. Неговото тело беше изложено за оддавање почит во домот на семејството Лазари, бугарско семејство погрчено пред повеќе години. На 13 март 1913 година, собрани во друштво на кафе

уште од рано во кафеаната "Олимпос" покрај Солунскиот Залив, ја слушнавме радосната вест за паѓањето на Одрин. Оваа вест ги подохрабри збрканите Бугари, уплашени од крајот на војната. Преземањето на Одрин беше одбележано со една панихида и молебен во бугарската црква "Св. Свети Кирил и Методи" во Солун. Таму присуствуваа како грчкиот престолонаследник, кнезот Константин, така и разни други странски конзули. Восхитот беше голем. Француските весници се натпреваруваа да ја фалат бугарската армија за освојувањето на Одрин со јуриш, таа светски позната тврдина за која се мислеше дека е неосвоива. Сеопштиот ентузијазам во европската средина, посебно во француската, во јули истата година со највалкани зборови ги оцрнуваше Бугарите, бугарската војска и не наоѓаше ниту еден попристоен збор да каже во полза на Бугарите. Во такво расположение се случи Букурешкиот договор. Една-две недели пред Велигден, поради еден предмет во Серез, заминав од Солун само со една рачна чанта и мојата диплома. Бев оставил сѐ во хотелот "Вардар" кај сопственикот Васил Мончев.

Во Серез го најдов мојот познат Георги Томов Краинов, кој завршил право во Лозана, а заедно го учевме и турскиот јазик и го специјализиравме турското право во Цариград. Беше адвокат во Серез. Поднесов молба до Воениот суд во Серез, кој во тоа време функционираше таму, да ми го признаат моето адвокатско право, што и ми беше дадено. Таму се најдов и со други познати - братот на Георги Томов - Лазар Томов[23], доктор Иван Којчев, кого го познавав од Лозана, беше веќе во воена униформа како воен лекар. Секретар на гувернерот му беше Никола Ризов, познат и нашинец по потекло. Го замолив да ми даде дозвола да отидам во Драма по една работа. Почна да ме убедува дека на цивили не можело да им се даваат такви дозволи, дека било тешко

[23] Лазар Томов (1878-1961), роден во с. Годлево, Разлошко, учител, војвода во Илинденското востание.

и се носела голема одговорност. Дозволата ми требаше за патување со воз. Тогаш на шега му реков: "Добро, господине Ризов, не ми давате таква дозвола, ама и јас нешто значам во Тиквешијата, па ќе видиме кога ќе посакаш да те изберат за народен пратеник, кога ќе почнеш со мили очи да ме гледаш за да кажам некој убав збор за тебе, ама човек како ќе си посее, така и ќе жнее". Тој се исправи, стана, ги рашири двете раце: "Тоа ли требаше да го слушнам од наш Тиквешанец од младото поколение. Штом е за дозвола, ќе ти ја издадам, бе. Голема работа. Нели ќе си го платиш возот!?".

Налутен, јас излегов. Патем ме сретна, сè уште лут, лекарот д-р Панајот Кусев, со кого се имав запознаено и неколку пати разговаравме, а бидејќи Прилеп и Тиквешијата беа блиску, ме викаше "нашинец". "Што си се вцрвил, нашинец? Да не си загубил некој предмет во судот?" - "Не, - му реков, - туку ме налути еден наш големец". - "А кој е тој и за што е?" - Му реков Никола Ризов и за што ме налути. - "За Драма ли? Јас вечерва заминувам за Драма и ќе дојдеш со мене". И вечерта со него отпатував за Драма.

Тоа беше во мај 1913 г. Зедов соба во хотел "Родопи" на Стојчо Проданов од Дојран. Побарав адвокатска канцеларија. Јаким Кавракиров од Солун ме покани да работам во писарската канцеларија, мислам дотогаш тој уште немаше дипломирано. Подоцна заврши право. Долги години беше нотар во Плевенскиот окружен суд и долги години адвокат. Во Драма за мене имаше доста работа со турското население и со погрчените Власи. Драма е убав град. Има големи магацини за тутун. Во хотелот бевме заедно со Петар Поп Арсов, многугодишен гимназиски наставник, родум од Богомила - Азот, Велешко, еден од основачите на Внатрешната македонско- одринска организација во Солун, со Димитар Зографов, поранешен турски кајмакам, Александар Ацев од Скопје, кој заврши турска гимназија и беше на висока служба во Турција. Таму го најдов и Милан Антов од Велес, соученик на брат ми Јованче во Скопското педагошко училиште, по Уриетот беше турски судија во

Кавадарци. Тој ми раскажа како неколку кавадарчани му биле во посета на Ефтим Ридов во Кавадарци. Таму бил присутен и Милан Антов. Помеѓу гостите бил и Јордан Нетков од Кавадарци. Имало голема врева од песни, подвикувања, а малечката соба зачадена од цигари. Честел Лазо Асијата. Од многу восхит имало и пукање во таванот, пукал Јордан Нетков и случајно го убил Лазо Асијата. Поради тоа Јордан Нетков подоцна беше убиен од зетот на Ридови - Ицко Хаци Јорданов од Ваташа. Се заинтересирав за настанот и го распрашав Милан Антов, кој бил присутен таму, што мисли тој за тоа убиство. Тој со чиста совест ми тврдеше дека убиството било случајно. Со тоа убедување останав и јас.

На 16 јуни 1913 година во Драма се разнесе веста за повторна сојузничка војна и за големите битки што се воделе во Солунско и околу Кукуш. Почнаа да доаѓаат поединечни бегалци, а поголемиот дел од населението избегано од воениот театар со ужас се движел пеш по Родопите угоре, кон Неврокоп. Огнот наближуваше и кон Драма. Тогаш и ние решивме да го напуштиме хотелот и да заминеме за стара Бугарија. Возовите уште не беа преполни, па лесно најдовме место во вагонот. Утредента, наместо да го продолжам патот за Бугарија, слегов на одринската станица "Кара Агач". Тој дел на градот го одделува реката Марица и се вика "Кара Агач". Од станицата до центарот на Одрин веројатно имаше два-три километри. Уште на патот за Одрин го сретнав Георги Сапунциев. Тој во Деде Агач имаше заеднички хотел со Станишев од Дебарско. Имаше хотел и во Одрин. Ме покани во неговиот хотел. Го разгледав Одрин, разните табии (утврдувања), каде што се одиграле најужасните борби при преземањето на Одрин. Го видов островот каде што долго време биле задржани голем број турски заробени војници. Таму ги најдов како адвокати моите познати од Солун, Стефан Робев и Атанас Христов. Останав да се занимавам со адвокатура и побарав работа во канцеларијата на Атанас Христов. Се хранев во офицерската менза. Се искачив на прочуеното минаре на

Султан-Селимовата џамија во Одрин. Ми го привлече вниманието покриениот пазар, кој останал во Одрин уште од римско време. Најдов стан под наем, а некои од моите книги и летното палто останаа во канцеларијата на Атанас Христов. По вечерата, во друштво со пријатели, пиевме кафе во Воениот клуб и разговорите се вртеа околу големите борби со сојузниците и нападот на турската војска на нашите граници, се слушна дека некои места јужно од Одрин Турците веќе повторно ги освоиле. Еден дури и го праша воениот командант: "Каква е состојбата во Одрин? Има ли веројатност и Турците да стасаат овде?". - "Е, како ќе дојдат - вели. - Нели имаме договор со нив?". Еден се насмеа и му рече: "Каков ти договор - орман да ферман окунмас - (во шума договор нема)". Но тој нè успокојуваше како ништо да не се случува. Беше сабота вечер. Изутрината станав, се облеков, и се упатив на појадок во Воениот клуб. Гледам сè е тивко. Само овде-онде по некој забрзан офицер, војник или цивил. Не се забележува дека брзаат и незгодно е да ги прашаш. Го срекавам Козма Георгиев, учител. И тој ми вели: "Каде си тргнал, Поп Антов?" - "Одам во Клубот на појадок". - "Зар не знаеш дека градов е евакуиран? Жителите бегаат пеш кон Бугарија или кон станицата. Воените лица бегаат, а го смируваат населението како ништо да нема". - Му велам: "Ќе бегаме ли ние?" - "Јас веќе сум на бегање". - "Тогаш и јас доаѓам со тебе, само почекај ме да си го земам штофениот мантил од канцеларијата на Христов". Тој в очи ми се исмеа "Твојата работа е - селото гори, баба се чешла. Луѓето бегаат, ти ја бараш канцеларијата да си го земеш палтенцето. Не гледаш ли дека сè е затворено?" - И тргнавме кон излезот од градот. Патем го сретнавме Костов, тамошен учител од Одринско, хемичар, подоцна ополномоштен трговски посредник во Бургаското пристаниште. Тројцата го поминавме мостот преку Тунџа, ги минавме последните улици и го фативме патот за Мустафа Паша (Свиленград). Пеш.

Патот беше ужасна глетка. Беше затрупан од исплашени луѓе што бегаа, коли натоварени со багаж што ги влечеа волови, коњи се препречуваа на патот. Некои од колите искршени ги полнеа крајпатните ендеци. Јулското сонце гореше како вршник. Некои со воени автомобили или на коњи, повеќето на коњи - разни офицери се обидуваа да го вратат населението, да го запрат, да го убедат дека ништо нема, да се вратат назад, но тие си го продолжуваа патот. Попладнето дојдовме во Свиленград. Тројцата бевме гладни. Од една фурна купивме леб и прашавме каде можеме да ручаме. Фурнаџијата се насмеа: "Малку ли ви е лебот? Погледнете, ако можете да најдете уште некој отворен дуќан, купете си нешто". На периферијата во една бакалница купивме сирење и патем кон станицата Свиленград, откако го поминавме долгиот мост на Марица, седнавме да каснеме и да ручаме. Се одморивме. Оттаму се упативме за с. Љубимец, старото турско Хебипчево, каде што беше турско-бугарската граница. Пристигнавме во квечерината. Плоштадот и улиците беа полни со бегалци, некои исполегнати, некои на нозе. Покрај нив секакви коли и добиток. Селото беше полно со бегалци. Нашиот другар Костов рече: "Го познавам овдешниот свештеник. Ќе појдеме кај него, нема да нè избрка". Отидовме кај него. Нè прими мошне љубезно. Праша што ни треба. Костов му рече: "Што ни треба. Излези во селото, ќе видиш што се случува. Сè живо бега. А стравот има големи очи. Се зборува дека Турците наближуваат кон старата бугарска граница. Некои други тврдат дека извесни села на бугарска територија Турците веќе ги зазеле и напредуваат кон Љубимец, Харманли, Трново - Сејмен". Таму преспавме.

Изутрината целата толпа во движење се упати за патот кон Харманли. Не задоцни да тргне натаму и нашиот гостопримлив домаќин со целото семејство. Заедно со општата врева, до Харманли одевме и ние. Брзавме заедно со другите, иако бевме сигурни дека непријателот е далеку и не може да нè стаса. Патот беше затрупан со коли,

уште повеќе отколку до Љубимец, зашто и населението од Љубимец тргна да бега кон Харманли. Горештината беше неподнослива. Воздухот задушуваше поради кренатата прав на патот. Помеѓу луѓето што бегаа, повремено ќе се пробиеше по некој автомобил. Патот уште повеќе ќе се запрашеше. Жените фрлаа по него севозможни пцости и клетви, дека за малку ќе ги изгазел. Во колите влечени од волови, а некои и од коњи, се натпреварувааа кој да излезе понапред и во тој натпревар се случуваше да се заглават на патот поради сопнат коњ или паднат вол. Глетката беше уште пострашна. Како нечија наредба да го запираше целото движење. Насекаде се слушаше женски плач. Во таква напната ситуација пристигнавме на железничката станица Харманли. Многу од бегалците поминаа по џадето напред кон градот. Други, помали групи пешаци како нас, останаа на станицата. Веднаш прашавме ќе има ли набргу воз за внатрешноста на Бугарија, без да прашаме дали ќе оди за Пловдив или за Стара Загора. Откако престојавме околу два часа, најпосле се качивме на воз, најдовме празно место и седнавме со зборовите: "И тоа ли ни било пишано, да бегаме со децата?". Стигнавме на станицата Трново - Сејмен (Марица), оттаму возот обиколи и се упати кон Чирпан - Стара Загора. Патниците за Софија и Пловдив се погледнавме, но премолчевме, зашто веќе седевме и бевме изморени. Вечерта стасавме во Чирпан и оттаму возот продолжи за Пловдив. Тогаш го прашавме кондуктерот: "Зошто заобиколуваме?" - "Зашто патот Трново - Сејмен - Пловдив е затрупан со многу вагони".

Пловдив го поминавме во текот на ноќта. Осамнавме некаде кај Сестрино и пред ручек стасавме на станицата Стамболово во Ихтиманското Поле, пред железничката станица Ихтиман. "Слегувајте, возот е дотука". Нови протести. Зошто да слеземе? Нови кавги. Никој не дава одговор на нашите прашања. Секој си ја гледа својата работа или пак гледа ден да помине - друг да дојде. Прашавме: "Ќе има ли наскоро воз за Софија?". Секој крева

раменици и одвај ќе ти проговори дека не знае. Зборот "не знам" го слушавме од повеќе од 20-30 души, од шефот на станицата до последниот свртничар. Си рековме: На оваа постојка е бесполезно да чекаме, туку да одиме во Ихтиман. Стасавме и во Ихтиман. Ни рекоа дека возот се компонира по еден час. Ни ги покажаа вагоните. Меѓу нив имаше доста празни. Бегалците се намалија. Толпата беше распрсната по Харманли во разни насоки кон внатрешноста на Бугарија. Возот тргна. Дојдовме на станицата Вакарел. Голем дел од вагоните мораа да се испразнат и да се откачат. "Слегувајте долу". Слеговме. Трчавме кон првите вагони што продолжуваат за Софија. Ниедно празно место. Влезовите, скалите на вагоните - преполнети со луѓе. Што ќе правиме сега - се прашуваме тројцата. "Што да правиме - горе, врз вагоните!". И со помош на самите нас, со потпирање, се изјазивме на покривите, си седнавме таму со прашањето: "Одовде до Софија - дали нема некој тунел, дали тој нема да не покоси, па да загинеме?". И - самите се прашуваме, самите си одговараме: "Ама колку пати сме минале оттука? Знаеме дека нема никаков тунел". Стравот нè натера да мислиме и да се плашиме од тунел помеѓу Вакарел и Софија. Најпосле, по застанување на една станица, на друга - стасавме на станицата во Софија. Ех, фала му на Бога. И се прашуваме тројцата: "Ти каде ќе одиш?" Едниот вели "Имам тетка. Ќе појдам кај неа". Козма Георгиев, родум од с. Смилево, Демирхисарско, Битолско: " Ех, вели, овде колку нашенци ќе сретнеш сега. А ти, Ристо, каде ќе одиш?" - "Во хотелот "Македонија". "Ајде да влеземе во кафеана да испиеме по едо кафе и да се одмориме".

Напрашени, било по облеката или по чевлите и два дена неизмиени, се втурнавме во кафеанчето. Имаше доста луѓе, но и ние си најдовме празна маса. Си го пијам кафето и се обрнувам да не ќе видам некој познат, зашто долго време не сум бил во Софија. Во друштвото на другата маса го видов Лазо Томов, учител во Сер. Оттаму тој заминал право за своето село Годлево, Разлошко. Останал малку таму,

па туку се довлекол во Софија. Отидов кај него и тој: "О, Ристо, овде ли ни било речено да се видиме?". И ми вели: "А, бе, јас како да го видов Тодора тука, ама каде е не знам". - "Штом си го видел тука - му велам - ќе го најдам каде да е". Се разделивме и - тројцата бегалци од Одрин тргнавме секој по својот пат. Тргнав да ја барам куќата на Лука Групчев, зашто често пред тоа разговаравме тројцата: Поликсена, Тодор и јас, дека Поликсена била нешто роднина со нив, на старата, мајка ѝ на Пандора - ѝ велеше "Тетка Ленко".

Ја најдов куќата. Влегов внатре и ми рекоа дека се во Софија. Беа и овде, но набрзина најдоа стан на ул. "Ивајло" бр. 4. Отидов таму. Ги најдов. Откако се поздравивме, Поликсена ми рече: "Не бакнувај го Тодора, боледува од колера, уште не е доизлекуван". И почнавме да се распрашуваме кој како стасал до тука. Тие си ги раскажаа своите патила, како Тодор изнесувал и погребувал мртви од колера, како ги дезинфицирал куќите и газел во варова вода по разните куќи и улици во Кочани и во некои села кон границата, во селото Драмче и други. "Како и да е, и за тебе има стан тука". Станот во кој беа сместени го зеле под наем од Штипски и имало една мала собичка што можел да ни ја отстапи нам. Така и јас се сместив таму. Беше на долниот кат, спрема улицата со два прозорци, на секоја соба по еден. Тоа го велам зашто често имавме гости - наши познати и роднини, и - наместо да проверат на вратата дали сме дома, викаа од прозорците, а доколку беа затворени, тропаа за да проверат. Најчесто нè посетуваше еден роднина на Поликсена - Методи Хололчев од Битола, жител на Софија, кој доаѓаше и претпладне и попладне и се вовираше низ прозорецот. Беше студент по право во Софија. Чести гости ни беа Васил Саздов од Кавадарци и нашиот братучед Петар (Перо) Атанасов Бадев од Глишиќ. Кога се случуваше да дојдат обајцата, зборот го имаше само Васил Саздов. Расправа, се фали и сака скромен да биде во своите фалби, презголемувајќи ги своите подвизи. Ние го

слушавме, но кога ќе дојдеше само Перо, почнуваше да го имитира Васил Саздов и тогаш припаѓавме од смеење. Многу успешно го имитираше со сите негови движења. Перо завршил Педагошко училиште во Серез. Од Софија замина во Варна, кај нашиот роднина дедо Игнат Хашков и таму го назначиле за учител во некое од селата во Варненско. Извесно време служел во Школата за резервни офицери. Се оженил за негова колешка во селското училиште, родум од Свиштов. При објавувањето општа мобилизација во Бугарија, во 1915 година Перо го зеле да служи во 8-иот приморски полк и во 1916 година во борбите со Романците кај Добрич загинал. По неговата смрт се родил син му, крстен по неговото име - Петар, кој подоцна го завршил Военото училиште во Софија.

Умесно би било да ме прашаат: "Ти Христо, од крајот на јануари постојано си во движење - во бегство. Патуваш до Смирна од Кутахија со воз, оттаму со брод до Солун, седиш во Солун, живееш во хотел, се храниш во првокласен ресторан, оттаму скокнуваш во Сер, во Драма, престојуваш извесно време во Одрин и оттаму си веќе вистински бегалец. Во ниту еден од тие градови не заработи како што треба - па за да живееш, нели треба пари? Од што живееше и со што живеевте во Софија тројцата?".

Мислам дека во спомените во Кутахија реков дека заштедив повеќе од 30 турски лири. Токму тие пари ми послужија за моите странствувања, а остатокот ни помогна да поминеме некое време и во Софија. Веќе кажав дека како судија добивав по 10 турски лири месечно, помалку од половината ги трошев за мои потреби, другата половина им ја испраќав на Тодор и Поликсена во Женева. По објавувањето на Балканската војна престанав да им праќам, зашто апсолутно бев уверен дека тие заминале како доброволци да земат учество во Македонско-одринската доброволечка дивизија. Освен тоа, доста пари паѓаа и од честите увиди по многубројните граѓански дела. За сето време додека ја собирав таа сума, парите секогаш си ги носев во џебот од пан-

талоните, а кога требаше да ги собујам панталоните, парите претходно ги прибирав во елекот, кој ми беше на грбот. Така постојано спиев врз тој презрен метал, како што некои ги нарекуваат парите.

Во тоа време многу луѓе од Софија заминаа за Америка. Помислував и јас, но набргу ја истерав од главата таа мисла. Зошто ни е Америка, кога можам да си најдам работа и во Бугарија? По примирјето и склучувањето на Букурешкиот договор и враќањето на нашите дивизии во Софија, ние тројцата бевме на пречекот на десната страна над Рускиот споменик во насока кон Књажево, од каде што војската доаѓаше во Софија. На десната страна од Рускиот споменик, наспрема Књажево, имаше една трнлива пољана. Немаше изградено куќи, само на спротивната страна беше ограден дворот на Црвениот крст со кренатa централна зграда и некои помали градби. Никогаш пред тоа, па ни тогаш, не ми помина низ глава мислата да живеам во Софија и да изградам куќа, меѓутоа и тоа дојде, и тоа токму на празното место од кое тогаш го набљудувавме минувањето на армијата и се чувавме од магарешкото трње да не ни ги закачи облеките. Било речено во 1926 година да градам куќа и да живеам таму, на поранешните Еврејски гробишта.

Тодор и Поликсена се готвеа за наставници. Јас поднесов молба во Бугарската земјоделска баѓка да бидам назначен за чиновник во некоја од нејзините експозитури или во Централата. Поради големиот наплив на безработна интелегенција, собрана од разни краишта, надежта за такво назначување беше мала. По заклучувањето на вториот договор помеѓу Турција и Бугарија и откако се потврди дека Бугарија ја задржува Западна Тракија без станицата Кара Агач, која со железничката линија зад Деде Агач остануваше во турски раце, голем дел од нас-бегалците се втурнавме да си ја побараме корката леб таму - во Тракија.

Тодор и Поликсена веќе не го спомнаа прашањето за студирање и завршување високо образование во Женева. Пречка за тоа беше немаштијата. Немавме пари и беше

некако незгодно да бараме, беше под прашање дали можеме да најдеме пари на заем, па така и прашањето за студирање на Запад полека згасна. Кон средината на ноември бегалци и бугарски чиновници почнаа да одат во Западна Тракија. Чиновниците - за да си ја преземат службата, а бегалците - да бараат работа. Заедно со нив тргнав и јас. Во ноември 1913 година се качив на возот преку Пловдив, Свиленград и Деде Агач за Ѓумурџина. Ја поминавме турската граница - станицата Кара Агач - Одринска станица во затворени вагони. Турските заптии не дозволуваа никој да излезе. Беше ужасно да го гледаш довчерашниот наш Одрин, да бидеш таму господар, да заробиш 60-илјадна турска војска и по не многу месеци да минуваш покрај Одрин со наведната глава, понижен, навреден, како пред Бога да си направил 99 гревови. И последниот турски заптија да те гледа со презир, додека пред неколку месеци се виткаше пред тебе како црв во дрво и уште оддалеку ти правеше темане и те поздравуваше. Тоа не е само судбина и глупост човечка, туку бугарска слепотија, надуеност и кусогледост. Додека името бугарско со страв се шепотеше низ цела Анадолија, дојде време да не гледаат нас како презрени робови. И сето тоа е резултат на надуеноста на управувачите - царот и владата, кавгите помеѓу нив без капка патриотизам и далекугледост. Молбата на турскиот велик везир Ќамил-паша, со која бараше примирје и мир по страшниот пораз на турската војска кај Бунар Хисар и Луле - Бургас во втората половина на октомври 1912 година тие ја пречекаа со празна вообразеност. Во тоа време јас бев во задната на турската армија, во Анадолија и ја имав можноста да ја сфатам турската немоќ и нивната желба за неодложно склучување мир, но тој врвен миг беше пропуштен по вина на управувачите на чело со царот Фердинанд. Имаше протести од помали партии, се спроведоа пак избори, се натпреварува кој да му угоди на царот Фердинанд, да ја добие неговата благонаклонетост и да ја земе власта во свои раце. Не се постави прашањето за судење на виновниците за ката-

строфата. Сите се тешеа со мислата: таква ни била судбината. Со таа судбина секој си ја затвораше устата и се помируваше со зборовите: Каков ни е народот, такви ни се управувачите. Меѓутоа, народот направи сè, за 20 дена ја урна петстотинигодишната сила на огромната Турска Империја. Со тоа ја оправда поговорката: Каков народ, таква влада. Народот си е злато, а владата прилегаше на книжни пари излезени од употреба, како старите турски бакарни монети, кои се продаваа како стока и ние малите деца си игравме по улиците со мангари.

По две деноноќија стасав во Ѓумурџина, за мене веќе ветена земја, каде што ќе ги употребам во практика моето право и мојата специјализација на турскиот јазик. Уште во истата вечер најдов мои аркардаши - другари уште од Солун: Димитар Хаџи Динев, Левкацков, Анастас Христов и други. Тројцата дошле 10 -15 дена пред мене. Првите двајца отвориле убав ресторан, а Христов се занимаваше со адвокатска работа. Уште во истата вечер се сместив во хотелот "Бугарија", кој тогаш се уредуваше. Имаше големо име, никаква содржина. Не само што не беше уреден, туку и нечистотијата беше голема. Ужасот што владееше во Ѓумурџина, било од страна на бугарската администрација било од страна на толпите бегалци, хаосот во Ѓумурџина и Ѓумурџиско создаден од турското население, беа неподносливи. По склучувањето на договорот со Турција, со кој Западна Тракија ѝ се отстапува на Бугарија, ѓумурџинските Турци, водени од Карасо-ефенди, голем Евреин и трговец во Ѓумурџина, формираа Автономна Тракиска Република со претседател Карасо, потпретседател еден оџа од Ѓумурџина, слеп на едното око, му го заборавив името, - и уште неколкумина други. Пред доаѓањето на нашата војска Турците направиле прав и пепел од повеќето бугарски села во Родопите. Големото село Манастир било запалено и населението било прогонето, па со доаѓањето на нашата власт сето тоа родопско-бугарско население, без покрив и без облека и без пари - се втурнало во Ѓумурџина и очекуваше да

падне трошка од трпезата на бугарската Влада за да си ја нахранат устата со леб. Самите причинители на тоа клање, шефовите на Републиката, со кренати глави и невознемирувани од никого, се шетаа по Ѓумурџина и се однесуваа мошне непристојно, а бугарската власт, особено чиновниците, на сето тоа гледаа безгрижно. Повеќе гледаа да ги сместат своите луѓе во разни грчки куќи, кои беа напуштени, да им ги разделат разните дуќани и дуќански стоки на своите штитеници. Чиновник одговорен за државните имоти беше Штипски, меѓутоа, тој во своите раце немаше ниту власт, ниту некои имоти што требаше да ги раздава. Тие беа раздавани од административните чиновници. Пред мене уште ја гледам кусата дебеличка фигура на ѓумурџинскиот окружен управител Неделчо Свинаров од Златица, кој беше главата на сите тие работи. Бегалците како стадо овци се туркаа во дворот на Окружната управа. Таму спиеја и формираа долги опашки пред фурните за парче леб, а што беше уште поголема несреќа - имаше и назначена комисија што ќе се грижи за сместување, евиденција и исхрана на бегалците. За жал, самата комисија наутро се занимаваше со пиење кафе, заедно со другите чиновници под чинарот во кафеаната на Пашата, чиј сопственик беше еден Ерменец со тој прекар. По појадокот се шуткаа во Окружната управа или во својата канцеларија, оттаму одеа во Еврејскиот клуб, каде што до пладне играа покер. Попладнето, откако ќе поспијат еден-два часа, пак се појавуваат во канцеларијата и - право во Еврејскиот клуб. Тие беа три-четворица стари луѓе-пензионери со познато име и сега назначени таму со високи плати, да го подишат јужниот воздух на Тракија.

Стадото бегалци остана речиси цела година. Никој не можеше да разбере што работи таа постојана комисија. Јас се сместив со стан во Ерменското маало, во едно ерменско семејство каде што во другата соба живееја младиот архитект Каназирев и младиот инженер Иван Цачев. Тројцата се лутевме на тој неред и на нашата власт. На таа

алчност за грабеж и ненаситка. Неколку дена по моето доаѓање во Ѓумурџина се запознав со многу адвокати, кои во брзаница дошле од Русе, од Плевен и од Силистра, веќе окупирана од Романија. Христо Кожухаров од Стара Загора ме покани да работиме заедно. Почнавме. Моите права на адвокат ми беа признаени и јас го имав потребниот документ за тоа, но за воените судови, па затоа и за граѓанските судови требаше да си го реализирам тоа право. Ние, државјаните на поранешна Турција, го немавме тоа право. Ние, поранешните судии во Турција, кои сега се најдовме во Ѓумурџина, преку нашето Министерство за надворешни работи поднесовме молба до Министерството во Турција да ни се издадат уверенија дека сме биле судии во Турција, а истовремено поднесовме барање до Министерството за правосудство, како поранешни турски поданици, да ни се признаат правата што дотогаш сме ги имале таму и во Бугарија. Уште во истата 1914 година Министерството за правосудство подготви проект, му го предложи на Народното собрание и адвокатските и судиските права им беа признаени на сите поранешни турски државјани. Тој закон го искористија и сите правници што порано биле на други служби во Турција и ним им се призна правото на адвокатура. Многу другарував со Хаџи Динев, Кацков, Христов, а тие со Андон Костов од Дојран, главен учител во турско време во Ѓумурџина. Тие беа неразделна четворка: заедно играа табла, посложените игри на карти-пикет, покер, па јас во повеќето случаи бев сеирџија.

Во февруари ме викна мојот пријател Борис Мончев, претседател на Окружната постојана комисија во Ѓумурџина и ме праша дали сакам да ми помогне да бидам назначен за член на таа комисија. Му реков дека сум согласен, зашто уште немавме признаени никакви адвокатски права. Не поминаа десетина дена, бев назначен за член на Постојаната окружна комисија во Ѓумурџина со месечна плата од 250 лева.

Окружната постојана комисија се состоеше од претседател и двајца членови, едниот јас, а вториот беше еден бег од Ѓумурџина, со одделна канцеларија и неколку контролори упатени во финансиското сметководство. Комисијата имаше задача да ги контролира буџетите на селските општини, да ги планира расходите по параграфи во секоја општина, да укажува на приходите и расходите по параграфи, да препорачува назначување соодветни лица за даночни чиновници и писари во општините. Таа беше еден вид постојано биро на Окружниот совет, кој одвреме-навреме се собираше со задача да ја проучува стопанската, просветната, санитарната и друга состојба на околиите во округот, но Постојаната комисија, иако негов орган, не ја назначуваше Окружниот совет, туку директно Министерството за внатрешни работи. Оваа комисија земаше учество и при собирањето регрути. Во март и април Военото биро почна да заседава и да ги прегледува момчињата за воена служба. Во Регрутната комисија со претседателот-воен лекар, полковникот Ќувлиев, бевме уште воениот лекар Шопов од Штип, долгогодишен лекар во Русија, јас и полковникот Стефан Тодоров. Меѓу нас секогаш имаше целосна хармонија. На работата гледавме како на црковна работа, во која не смее да се згреши. Многу подоцна во Софија разбрав дека полковникот Стефан Тодоров бил шура на дедо ми Игнат Ашков од Варна. За сето време не се случи да го спомнеме тоа и многу жалам дека со братучедот на мајка ми од Глишиќ можевме да се откриеме и запознаеме во 1924 година (станува збор за дедо Игнат).

Работата на Комисијата одеше мошне тешко, се јавуваа малку регрути, а и тие не доаѓаа навреме. Кметовите често беа принудени да доаѓаат под стража. Така, кметот и помошник-кметот од едно големо ѓумурџиско село, во кое живееја само Бугари, се јавуваат пред Комисијата и ги прашуваме зошто не довеле регрути. Кметот со голема храброст одговара: "Во нашето село од годината од која вие сега запишувате регрути, нема родени младинци". - "Е, како

може така?" - му вели претседателот. - "Ете така, сите жени беа јалови". Веднаш тргнува одделение стражари и во строј доведува повеќе од 65 млади лица способни за воена служба. Во тоа време се одржаа и избори за народни пратеници. На власт беше Радославската партија, на чело со д-р Василиј Радославов. За добивање мнозинство им беше дозволено да гласаат и на Турците од Ѓумурџинско, чиишто права не беа регулирани. Ние, Бугарите, и на тие избори таму бевме за смеа. Еден ист Турчин под различни имиња по неколку пати се јавува да гласа и таму Владата ги доби изборите со избор на разни Турци и турски бегови, кои на Бугарија и бугарските работи гледаа со презир.

Во мај стаса едно писмо од Министерството за внатрешни работи со наредба да се отпушти Христо Поп Антов од членство во Постојаната комисија и на негово место да се назначи Димитар Катерински, поранешен гимназиски наставник. Претседателот Борис Мончев ми го соопшти тоа и ми рече: "Пред ваков свршен факт и да протестирам никој нема да ме слушне, дотолку повеќе - ми вели - што јас не сум радославист, но, додека да ти се признаат правата (и тој чекаше на тоа признавање), врши ја службата на домаќин во Постојаната комисија со 200 лева месечно. Бидејќи надвор тешко се заработува повеќе од 200-250 лева, прифатив и станав домаќин на Постојаната комисија за купување разни работи неопходни за одржувањето и работата на Комисијата. Еднаш присуствував на една лицитација закажана од чиновникот задолжен за државните имоти во Ксанти. Отидов да купам нешто за нашата Комисија. Имаше севозможни стоки од разни градски трговски продавници, мануфактура, платно, кинкалерија, стакларија, се продаваа речиси без пари. Купив што ни требаше и се вратив во Ѓумурџина. Тогаш во улога на домаќин на Окружната постојана комисија обиколив неколку села и општини да констатирам имоти без стопани. Ми се укажа можност да одам во Маронија, град што се наоѓа на морскиот егејски брег, покрај брегот имаше прекрасно подредени убави овошни градини и лозје, а над

градот карпеста планина пошумена со маслинови дрвја, сопственост на секој тамошен жител. Летно време жителите, исклучиво Грци, одеа на работа и во трговија по разните крајморски земји - Египет, Анадолија, Сирија. Семејствата им останувааво Маронија. Таму видов и мелници за изработка на зејтин од маслинки. Маслините се шума долга речиси два часа пат. Оттаму отидов и на пристаништето Порто Лагос, каде што имаше уреден делјан* за риби на едно белгиско друштво. Среде водата имаше еден манастир, каде што отидов со чамец. Имаше голем двор, среде дворот манастирот и сето наоколу покриено со вода.

Во август почнаа да ги повикуваат на тринеделна воена обука сите што не служеле до 40-годишна возраст. Ме зедоа и мене. Три недели поминавме на таа обука како регрути, на неколку километри надвор од Ѓумурџина. Ги извршувавме сите воени вежби. Се храневме од казан. Вечерно време спиевме во војнички шатори. На крајот на вежбата нè водеа на стрелба и честопати доаѓаше да не следи дивизискиот генерал од Ѓумурџина Колев. Неколку дена пред завршувањето на вежбата напаѓавме непријателски позиции со јуриш. Од нас течеше пот како од ведро. Овие што потпаѓаа под тринеделна обука беа повикувани неколку пати. Доцна во есента беше објавен Законот за признавање на адвокатура на сите правници и слични. Божиќните празници во 1914 година, кои беа во декември по ст. стил, ги поминав кај Тодор во Ксанти. И преку годината често одев во Ксанти. Во 1914 година таму пристигнаа Фроса и Димитар со двете малолетни деца Маре и Елена. Исто така дојде и мајката на Поликсена, баба Фросина. При крајот на декември 1914 год. поднесов молба до Окружниот суд во Ѓумурџина да ми се признае правната способност за адвокат. На 3. I 1915 година Окружниот суд со седиште во Ксанти ми ги призна правата. Побарав да одам во Ксанти, каде што се преместив.

---

* Оградено место во морето за ловење риби.

Наскоро и во Ксанти се отвори Окружен суд. Бидејќи Тодор беше таму, беше врзал пријателства со многу луѓе, меѓу другите и со Димитар Кудев, роднина на големиот трговец со тутун Димитар Кудооглу. Димитар Кудев се занимаваше со некое претставништво, имаше суредена канцеларија и ме повика кај него. Тој да си ја гледа својата работа, јас - мојата. Тоа мошне ми одговараше. Набргу почнав да работам, и тоа добро. Тој ми водеше клиенти, негови познати, и во тоа време станав и правен консултант на фирмата на Кудооглу во Ксанти со месечна плата 2.000 лева (можеби беа и 2.500 лева), како и процент од 5% од сумата на обработен предмет. Процентот се плаќаше независно од редовната плата, но немаше многу предмети. По препорака на фирмата на Кудооглу ѝ станав адвокат и на италијанската режија, без плата, да ги обработувам предметите на процент. Овие предмети во Окружниот суд беа повеќе од акцизен карактер, казни за тутуни, шверц на тутун, дела од формален карактер. Помаците од Пашмаклиската, Дардеренската и другите околии беа лошо расположени, особено оние околу Дар-дере беа кренале некаков бунт против нашата војска. Се покрена дело и го разгледуваше Ксантискиот окружен суд. По препорака на дардеренските трговци во Ксанти бев ангажиран како бранител по тоа дело. Разгледувањето се вршеше на судски седници. Делото го добив. Сите беа ослободени и на враќање дома наминав во книжарницата на браќата Пачилови. Георги Пачилов ме праша како заврши работата. "Сите ги прогласија за невини" - велам. Тогаш се замеша помалиот брат Тома Пачилов: "Не е право - вели. - Јас присуствував таму. Имаше заговор за бунт, фрлаа со камења на војската и, да бев јас претседател на судот, да бев наместо нашите Филип и Иван Марков, тие ќе беа осудени". Јас му реков: "Народот суди, народот ослободува". "А бе, сигурно некој потшушнал дека ти си наш адвокат и затоа така поминало".

Во септември (1915) беше објавена општа мобилизација. Сите што не сме служеле војска нè викнаа на голе-

миот плоштад да се потстроиме, а такви беа речиси сите, зашто ги сметаа дека не служеле и оние што беа на тринеделна воена вежба. Се построивме сите и почнаа да не обиколуваат разни наши офицери и водници. Собираа војници за своите чети и баталјони. И прашуваа: "Ти што работиш?" - "Кондурација". - "Имаме потреба од кондурација. Ајде со нас. Ти, што работиш?" - "Фурнација". - "Имаме потреба од фурнација". Ете така, занаетчиите полека ги извлекоа. "Што работиш ти?" - "Адвокат сум". Намуртено се тргаат. - "Ти, што работиш?" - "Ами, писар сум во Општината". - "Ха, те бива за четен писар". И така останаа седум-осум адвокати. Никој не сака да нè земе. Не нè земаа дури ни за писари. - "Ех, велат, вие младите регрути ќе одите во Ѓумурџина и таму ќе служите во Десеттиот пешадиски полк, тој е составен од млади од 20 до 40-годишна возраст". Нè поделија во чети, нè сместија во турското училиште и нè водеа надвор од градот да правиме секојдневна воена обука. Беше голем товар за нас, повозрасните, беше тешко, особено со вежбите за легнување. Кога ќе се каже "легни" треба веднаш да паднеш како пресечено дрво, а ние се гледавме некако претходно да си ги поднаместиме нозете и секогаш подзадоцнувавме, па подофицерите и водниците викаа по нас. Требаше рано наутро да се стане. Не бевме навикнати на тоа, па чувствувавме голема мака. Другар ми беше Симеон Рајнов, артист. Држеше слаткарница во Ксанти. Беше дебел кусичок човек. Уште од четири часот наутро ќе стане и го прашувам "Каде толку рано?" - "Хо, вели, сакам на раат да си одам по нужда. Во пет часот сè е зафатено". Правевме походи по околината.

Дури во декември ни дојде на смотра дивизискиот генерал Колев. По смотрата почна поединечно да нè проверува. "Ти колку години имаш?" - "Триесет и шест". - "Ајде, излези". Така нè извлече сите повозрасни. На посебно место беа построени разни интендантски единици, секакви санитарци на уште неотворените болници. Парада. Ги постројуваа. "Ти колку години имаш?" - "22, 25, 28". - "Од каде сте

вие?" - "Од Пловдив". - "Е па сите момчиња од Пловдив сте се напикале во интендантските единици. Сте служеле ли редовна војска?" - "Аха". - "Сега ќе одите да ги замените овие стари, а тие ќе дојдат на вашето место".

Мене ме испратија во Првата полска болница, уште неформирана, со седиште во Ѓумурџина. Му се јавив на началникот на болницата д-р Назламов, околиски лекар во Ксанти, наш домашен лекар. Често го викавме дома поради Здравко. Беше облечен во воена униформа. Штом ме виде, намуртено ме праша: "Е, Поп Антов, зошто дојде?". Му реков "Ме испратија да служам кај вас". "Каква работа да ви дадам? Канцеларијата е полна со адвокати. Болницата уште не е активирана". - "Секако, ќе ми најдете некоја работа". Помисли, помисли, па рече: "Ќе бидеш помошник клучар, ќе појдеш во магацинот". "Разбирам". Клучар беше Јаким Божинов, селски учител родум од солунските села. Отидов во канцеларијата, го најдов Лев Кацков, како секретар, Георги Говедаров, адвокат, Хинтљан, адвокат, обајцата од Пловдив, Таквор Такворјан, идниот голем трговец со тутун и други. Нема работа за еден човек, а во канцеларијата беа собрани седум-осум души. Домаќин на болницата беше Тодор Хаџи Николов, резервен поручник од Трново, технички цртач. Добар човек. И тој се согласи сите од канцеларијата да си формираме посебна менза. Јас бев задолжен, како помошник-клучар, да се грижам за купување кокошки и шатки за мензата, кои ги одгледувавме во дворот на нашиот магацин. Неколку месеци се храневме.

Во март 1916 година началникот на Санитарниот парк во Ѓумурџина, капетан Маркулеску, Евреин по потекло, му се поплакал на д-р Назламов дека неговиот писар, Иван Камбуров, познатиот музиколог, не ја познава канцелариската работа. На списокот на добитокот определувал следување храна, а на луѓето добиточна храна, па барал да му препорача некој друг секретар. Назламов му кажал дека кај него има колку што сакаш печени адвокати. Камбуров дошол кај Назламов, па на негово место ме испратија мене. Се јавив

кај него и таму, како негов помошник, го најдов рез. поручник аптекарот Живко Бошнаков од Горна Ораховица, со кого се познававме уште од Лозана и ме фалел на својот шеф дека сум ја познавал и ќе сум ја довел во ред канцелариската работа. Тој ме праша што сум работел. "Адвокат", му реков. - "Тогаш ќе го водиш аптекарскиот магацин со писарска работа во канцеларијата. Ти знаеш латински". Му реков дека од латински ги знам само правните термини. Други латински зборови не знам". - "Ќе ја раководиш книговодствената работа во канцеларијата". Му реков дека сум бил шеф во канцеларија, но во книговодство не се разбирам. - "Па тогаш зошто те пратиле ваму?" - "Не знам". - "А бе, штом си дошол тука, ќе останеш тука," - се замеша Живко. - Нека биде курир, ќе ја разнесува поштата од канцеларијата до поштенската зграда и ќе ги цензурира писмата на војниците". - Ми ја дадоа таа работа, но и таа тешко можев да ја вршам, главно затоа што требаше секогаш да бидам претпазлив - штом ќе го сретнам генералот Колев, уште оддалеку да го поздравам со удирање на петиците од двете нозе. Затоа често се обрнував и штом ќе го забележам дека доаѓа, гледав да ме најде на аголот од некоја улица, божем таму случајно сум се нашол.

При едно такво талкање низ градот на педесетина метри од мене по улицата се движеше баталјон со командантот капетан Денчев. Јас ја пресеков улицата и си го продолжив патот. Тој прати еден војник да ме спроведе до него. Тој е закон! Зошто сум ја пресекол улицата, сум им го пресекол патот на војниците. "Вие бевте далеку околу 30-40 метри". Ме удри со камшик по грбот. - "Ајде со мене во касарната". - Ме потера, ме тераше извесно време, па туку одмавна со рака: "Марш, да те нема одовде, никаквец!". Се вратив во Санитетскиот парк.

Во август 1916 година претседателот на Цензорска комисија во Ксанти Наум Перелингов, поранешен кмет на градот, се поплакал во областа дека нема соодветен човек во Цензорската комисија за турски и француски јазик и ме

посочил мене - да ме префрлат таму. Обласниот генерал Табаков ме викна во канцеларијата, ме распраша од каде сум, што сум, и кога му кажав дека сум од Ваташа, Кавадаречко, рече дека при освојувањето на Кавадарци "јас бев таму, мојот баталјон помина низ Кавадарци и Ваташа, го познаваш ли - вели - Васил Сеизов?". "Го познавам Коцо Сеизов, ама Васил треба да е негов син. Го напуштив селото доста одамна - не го познавам". Тој рече: "Кога бев во Кавадарци дојде кај мене и побара да ја води дружината угоре, го познавам патот, беше шест-седумнаесет-годишен млад човек". Ми даде писмо дека се ослободувам од досегашната единица и ме назначува за член на Цензорската комисија во Ксанти, при што ме запишуваат на исхрана во 37-мата дополнителна дружина во Ксанти.

Дојдов во Ксанти. Во Цензорската комисија ги најдов Перелингов, жена му Велка и жената на Борис Чанев, тамошен агроном. Тие се израдуваа дека ќе им ја олеснам работата. По два дена го најдов мојот поранешен писар Георги Шонгов од Чокманово, Пашмаклиско и му реков да ја отвори канцеларијата. Околу пладне јас ќе доаѓам и квечерум пак ќе бидам во канцеларијата, па клиентите што ме бараат нека дојдат во тоа време, а оној што многу му се брза, може да дојде кај мене на поштата и во Цензорската комисија. Јас бев на шалтер, па можев да разговарам со надворешни луѓе.

Пропуштив да кажам дека во текот на мај 1915 година се одржа собир за формирање читалиште во Ксанти. По долго консултирање, за претседател ме избраа мене, за секретар Харалампи Поп Атанасов од Рајково, подоцна свештеник поп Павлов и, за советник Атанас Караманџуков и уште двајца-тројца други. Еден месец потоа се одржува втор собир заради продолжување на животот на Граѓанскиот клуб, кој постоел во турско време кај Грците. Мене ме избраа за потпретседател. Читалиштето го крстивме "Отец Паисиј". Собравме некоја пара и нарачавме книги за читање од Софија. Кога се вратив од Ѓумурџина, ми беше

дозволено да ја носам само воената шапка, инаку да одам во цивилно. Секоја вечер по шест часот излегував од работа. Брзав право во адвокатската канцеларија или наминував во Читалиштето да видам што има таму. При едно такво наминување во Читалиштето го најдов полковикот Попов, началник на Воениот округ, мој познат. Ме викна да седнам на неговата маса, да играме табла. Ја закачив шапката од униформата на закачалка и седнав. Почнавме да играме. По некое време во кафеаната - читалиште влезе капетанот Денчев, оној што во Ѓумурџина ме удри со камшик по грбот зашто сум ѝ го пресекол патот на единицата што тој ја водеше. Седна на една маса блиску до нас и си нарача кафе. Му бев свртен со грб. Додека игравме табла, си разговаравме. Му реков: "Па и меѓу вас имаме неразбрани луѓе. Овие бунтови што се појавуваат кај војниците, повеќе се резултат на предизвици од разни офицери. Без причина тепаат, навредуваат, имаат еден невоздржан јазик, а носот го надуле - не можеш да проговориш со нив". И му го раскажав случајот во Ѓумурџина. Му го спомнав и името. Полковникот рече: "Има ги, море, ги има. Стадо без мрша не бидува". Капетанот си го плати кафето и веднаш излезе.

Во Цензорската комисија бев примен мошне добро. Покрај другото, научив многу и од итроштините на трговците со тутун по селата. Особено ми остави впечаток еден мал трговец, Иван Дамасков од Ксанти, зет од сестра му на Димитар Кудев. Често се случуваше ноќно време да ме разбудат дома за да им цензурирам брзи телеграми упатени на разни тутунски централи во странство. Јас бев на шалтерот и многумина познати ми ги подаваа писмата низ прозорчето, да ги проверам и да ги пуштам. Жените седнале и тие проверуваат. Повеќе си прикажуваа. Гледаат оти некои жени ги носат писмата право кај мене, јас да ги проверам, а тие се заинтересирани да видат што пишуваат жените, нивни познати пријателки. И двете ми потфрлаат: "Е, Поп Антов, ние ќе те замениме на шалте-

рот". - "Повелете уште утре". Утредента седнувам внатре и почнувам да го прегледувам насобраниот куп писма. Ниту една од двете жени не сака да седне на шалтерот. Не сака ни Перелингова. Им реков: "Повелете на шалтерот". Перелингова сѐднува на шалтерот. По некое време доаѓа телеграма на француски јазик. Таа ја зеде, ја вртеше погледнувајќи кон мене, дали јас ја гледам. Јас ги превртувам писмата, воопшто не обрнувам внимание. Испраќачот очекува да му ја вратат цензурираната телеграма, за да ја однесе на шалтерот за телеграми и да си ја плати таксата. Откако се провртка малку, Перелингова дојде кај мене и ми вели: "Знаете, г-дин Поп Антов, јас знам француски, ама некој збор не го разбирам, па ајде видете ја вие". Јас ја прочитав телеграмата, се потпишав, ѝ удрив печат и ја вратив. Така траеше целиот ден, со неколку телеграми на француски јазик. Утредента пак си седнав на местото. Не сакам на шалтерот. Но таму не оди никој. Перелингов ми рече:"Господин Поп Антов, твоето место е на шалтерот. Желбата на жените е да видат што пишуваат нивните пријателки во писмата. И ги шокира, кога писмата ти ги даваат тебе, ти да ги цензуриращ".

Во Цензорската комисија имавме многу работа. Особено кога дојде и замина за Драма една турска дивизија, чиишто писма моравме да ги проверуваме. Што пишуваат турските војници и офицери? Требаше да ги следиме нивните активности, иако бевме сојузници. Се собираа купишта од илјадници писма. Еден човек прегледуваше најмалку 700 - 800 - 1000 писма во денот. Ги проверувавме писмата и на нашите војници. Цензурата и читањето на турските писма беше полесно отколку на бугарските, зашто бугарските писма ги пишуваа самите војници со разни читливи и нечитливи ракописи. Војникот легнал на стомак и пишува:"Мила Недо, ти испраќам многу поздрави од мене до тебе, еден бакнеж да се залепи како мокра бањарка". Нашата работа беше да не пишуваат за работи од фронтот што можат да ја возбудат војничката душа и да не пи-

шуваат дека овде гладуваме, мизеријата е голема, офицерите се однесуваат лошо, тој и тој умрел, тој и тој од нашите војници е убиен или болен, - за да не создадат смут во селата. Добро, ама тие и на тоа му ја нашле цаката. Кога сакаа да кажат дека некој загинал или умрел велеа: "Тој и тој си отиде кај него". Селаните знаат дека тој умрел, и тие велат дека отишол кај него, нема потреба да кажат оти умрел. А турските писма беа почитливи и ги пишуваа малкумина луѓе. Масата војници беше неписмена. И обично пишуваа: "Мили татко, со ова писмо сакам да те најдам во добро здравје и добар живот. Јас сум добро. Ти ги бакнувам рацете. И бакнувам рака на мама. Му ги бакнувам очите на братчето Мехмед, на братчето Сулејман". Па сите ги реди по име. "Многу здравје на комшијата Мемед-ага и на сите" - потоа ги реди по име сите комшии. "Многу здравје и на оцата. Многу поздрави на тој што ќе го чита писмово и на сите што ќе го слушаат писмово. Многу поздрави на сите домашни", - што, се разбира, се однесува на сестрата или на жената, ако е женет, воопшто на женската челад.

Се хранев дома кај Фруса. Леб редовно ми носеа од единицата. Беше немаштија со леб. Јас го добивав војничкото следување секоја недела во сурови продукти: месо, ориз, грав - за да ми готват во станот.

Кога имав за разгледување поважни предмети, земав отсуство од претседателот и се јавував во судот. Претседател на судот беше Никола Миланов, а членови Боно Бонев и Никола Мосинов. Во некои судови кога адвокатите-војници беа на отсуство, не им допуштаа да се јават во судот. Миланов имаше поправилно разбирање, па ми дозволуваше да се јавувам како бранител, при што велеше: "Кога занаетчијата е на отсуство, дали му забрануваат да си ја врши работата? Не. А зошто да му забрануваат на адвокатот?" - Така останав во Цензорската комисија до крајот на војната, кога ме демобилизираа. Во почетокот на ноември 1918 година добив писмо од брат ми Тодор од Софија, со кое ми соопштуваше дека по долги скитања и не-

воли стасале во Софија, откако го загубиле целиот багаж и облеките. Јас присобрав облека каква што имав, го наполнив куферот и веднаш тргнав за Софија. Ги најдов на стан кај Лука Групчев. Средбата беше и радосна, дека се гледаме живи и здрави, и тажна поради патилата што ги снашле при бегањето од Кавадарци до Софија. Понакупија што им требаше, се облекоа и се готвевме да заминеме во Ксанти. Тодор беше назначен од страна на СГОП[24] за реонски инспектор во Ксанти. Поликсена - за наставничка, што беше во Ксанти и порано. Во разговорите со Групчеви, Пандора Групчева рече: "Арно сте тука сите. Да му најдеме на Ристе некоја невеста, па и таа да замине во Ксанти заедно со вас". И без да го дочека нашиот одговор, додаде: "Јас имам една кандидатка, од добро семејство е. Од нашиот крај. Родена е во Солун, но татко ѝ е охриѓанец, а мајка ѝ стружанка. Ќерка е на Димитар Миладинов. А бе, Ристо, ти се сретна со нив пред две години, овде, кај нас, ама досега збор не си проговорил, иако од тогаш ти веќе неколку пати доаѓаше од Ксанти, а и тие не ми рекле ништо. Време ти е веќе да се жениш. Беќарлак, беќарлак, ама тоа е тешка работа". Лука вели: "Нема потреба од многу зборување. Да одиме да ја видиме, ако се бендисаат, ќе сториме еден аир. А, што велиш, Тодоре?" Тодор му вели: "Зборот го има Ристо. Кажи, Ристо, до тебе стаса работата" - "Е, ајде да одиме". И, како што бевме - сите тргнавме. Отидовме на видување кај Никола Поп Алексиев, роднина на Групчеви, ул. "Велкович" бр.11. Беше веќе стемнето. Ламбите запалени. Нѐ пречекаа мошне љубезно во еден салон, доста голем и со убав мебел. Добро осветлен. Таму беа двајцата стари и помалиот брат Димитар. По малку се врати и Владислав. Нѐ запозна со нив и се врза разговор за обичниот живот во Софија и во Ксанти, дури некој праша како се тутуните во Ксанти, макар што сите Алексиеви не пушеа. И како што е вообичаено, влезе една мома со послужавник

[24] Дирекција за стопански грижи и општествено помагање.

да нѐ почести, откако претходно беше дошла да ни каже "добредојдовте" и присуствуваше додека разговаравме. Никаков збор не беше речен. Помеѓу мене и неа не дојде до разговор. По послужувањето, откако момата излезе од салонот, Пандора Групчева ме праша: "Е, како, е, Ристо?" Без многу да размислувам, ѝ кажав "Ја бидува" и Пандора се раскрека: "Ајде, честито, честито да биде" и другите се огласија во хор: "Честито нека е" и ја викнаа момата. И честитаат и нејзе, ми честитаат и мене. Ние двајцата се гледавме замајани и потплашени. Како излезе оваа работа? "Е, ајде, - рече и таа - честито нека е".

И се случи свршувачката, готово е. Веднаш се растрчаа да се приготви вечера. Старецот донесе убаво вино. "Вие - вели - во Тиквеш имате убаво вино. Во Солун често пиевме од него. Го знаеш ли Јованче Мишев од Кавадарци? Ми беше добар пријател". - "Го знам" - велам. Излезе за малку и се врати со неколку шишиња вино. Седнавме на вечерата, двајцата свршеници еден до друг и тогаш се гледавме и се одмерувавме. Рековме и по некој збор, колку да се каже дека не сме неми. По вечерата им реков побрзо да се венчаме, да се направи свадбата, зашто имам неодложни предмети во Ксанти и треба да се вратам. Свршувачката се случи на 15 ноември, а официјално ја празнувавме на 16 вечерта, во едно повеќебројно друштво. Ноќта се фотографиравме. И сега се гледам како свршенички сум зјапнал во неа, а свршеницата како заспана се залепила до мене, додека другите гости - кој замижал, кој заспал - сме излегле на начин кој предизвикува само смеа и радост кај оној што ќе нѐ види. Тогаш разменивме и златни бурми, животот да ни биде бескраен, траен и убав како златото. Се договоривме венчавката да биде на 24 ноември во нивниот дом. И во текот на една недела дотогаш да се подготви сѐ што е потребно. Со свршеницата многу пати излегувавме да купиме што треба од мојата машка страна, а она што требаше од нивната женска страна, тие излегуваа одделно. Купивме што требаше за невестата и најнеопходните по-

дароци, при што не заборавив да им подарам по еден златен часовник на свршеницата, на сестра ѝ и на снаа ми Поликсена. По желба на Поликсена, за кум го одбравме нејзиниот братучед од Охрид, генералот Александар Протогеров[25]. Кога му соопштивме, тој се израдува дека сме се сетиле на него и го задолжи својот познат Наум Томалевски[26] да купи сè што е потребно за венчавката и за невестата: свеќи, невестински воал, раскошен букет и друго. Во тие свршенички денови направивме неколку посети на нивни роднини и познати и не се сеќавам дека во тоа кусо време ја одведов во некоја слаткарница, кино или театар. Бевме поканети на вечера кај Марија и Илија Ѓорчеви. Марија се сметаше за поголема ќерка на Царева Миладинова.

Кон средината на август 1919 година во Ксанти пристигна генералот Франш де Епре, командант на сојузничките војски на Солунскиот фронт и човек со кого при крајот на септември 1918 година беше склучено примирјето помеѓу сојузничките сили и бугарската власт. Генералот Франш де Епре пристигнал во Ксанти рано, отседнал во Штабот на бригадата на полковникот Дрвингов. Изутрината дојде курирот од општината и ми рече дека ме викаат во општината. Се облеков вообичаено и излегов. Пред аптеката на Живко Бошњаков видов доста насобрани луѓе. Штом ме виде, тој ми рече: "Што си излегол така? Што не се облечеш? Зар ќе одиш со сламена шапка?" Го прашав: каде ќе одам? Ми се сврте: "Зар ти не знаеш дека уште од рано овде е генералот Франш де Епре и те викаат заедно со кметот да одите кај него. Тој ве чека во Штабот на бригадата". Се вратив дома. Се облеков поприбрано и пак се вратив кај нив. Таму веќе беше и помошник-кметот. "Тој ве чека, - вели. -

[25] Александар Протогеров (1867-1928), роден во Охрид, еден од раководителите на ВМРО, и член на ЦК на ВМРО (1911-1928), генерал на бугарската армија.

[26] Наум Томалевски (1882-1930), роден во Крушево, новинар, по Првата светска војна бил член на Задграничното претставништво на ВМРО, припадник на ВМРО-Протогеровистичка.

Одете со помошик-кметот и кажете му дека кметот е отсутен". Отидовме во Бригатата. На Франш де Епре му соопштија дека кметот и општинскиот советник чекаат да ги прими. Нè прими веднаш. Како што седеше, стана на нозе: си ги кажавме имињата. Ни рече да седнеме и почна да зборува. Помошник-кметот Ванчев не знаеше француски, а овој почна да прашува: "Кој е кметот и кој е неговиот заменик?" Му одговорив дека кметот е отсутен, го заменува господинот Ванчев. "Вие што сте во Општината?" Му одговорив: "Јас сум општински советник". - "Со што се занимавате?" - "Сега сум адвокат тука". - "Која друга служба сте вршеле?" Му кажав дека сум од Македонија, дека дипломирав право во Лозана, го специјализирав турското право во Цариград и бев назначен за судија во Турција. Тој се изненади: "Значи имате и судиска практика?" Му потврдив. "Каде бевте судија?" - "Во Скадар, Албанија, и оттаму бев префрлен во Централна Анадолија, во Кутахија". Тој се исчуди на тој скок од Албанија во Анадолија, а човекот од Македонија. "Сте биле ли во Франција?" - "За жал, многу малку. Само во Евијан - на спротивниот брег на Лак де Леман, наспроти Лозана". - "Поради каков случај?" - "Бев на Фет де Нарцис". - "Сигурно ви оставиле убав впечаток старите носии?" - "Останав со убав впечаток, зашто во нив се гледа историјата на разни епохи". - "А во Париз нели сте биле? Тоа е толку блиску оттаму . Само ќе ја преминете планината Јура". - "Нашите пари, г. генерал, беа пресметани - побрзо да завршиме според определениот рок, побрзо да се вратиме да најдеме работа". Тој се чудеше, се чудеше, па рече: "Кај нас високо образование имаат само синовите на богати луѓе". - "Кај нас, му велам, секој селски учител, откако ќе заштеди некоја пара, оди да студира и неговото високо образование се смета за занает, а не како задоволство или во интерес на самата наука". - "Колку време сте во Ксанти?" - "Од почетокот на 1915 година". - "Го познавате ли населението на Ксанти и околината?" - "Многу добро го познавам. Работата ми е таква што ми овоз-

можи да ги обиколувам селата, или пак се интересирав за минатото на овој крај". - "Колку Грци има во Ксанти?" - "Денес ги има многу малку". - "Колку Грци се иселиле одовде по Балканската војна? Имало многу грчки села". - "Имало само две грчки села - му велам јас: - Којун-Ќој и Булустра на морскиот брег. Неколку куќи имало во Енице. Другото население во огромно мнозинство е турско во полето и помачко во Родопите. Во градот Ксанти има големо мнозинство Бугари. Има посебно бугарско маало, а од одамна имало бугарска прогимназија и бугарски училишта. Прочуените ксантиски тутуни се обработуваат главно во селата Ени-Ќој и Габрово, големи села, население само бугарско. Одамна имаат и прогимназиско училиште. Селото Габрово има дури и лекар што го плаќа тамошниот селанец, познатиот трговец со тутун Димитар Кудооглу". - "А Балканот - вели со кои е населен?" Му реков дека Родопите, тоа е Балканот. Од Ксанти нагоре населението е бугарско, исламизирано. "Тие нели се Турци?" - вели тој. - "По јазик и по обичаи се Бугари, по вера мухамеданци. Еве, - се свртев, - и помошник-околискиот началник е оттаму - помак. Тој ќе ви раскаже подетално". Помошник-началникот рече неколку зборови, кои јас ги преведов и кои беа во смисла: ние сме помаци, зборуваме бугарски, по вера сме мухамеданци. Генералот рече: "Се зборува, така ни е кажано, дека Ксанти и неговата околија било населено со Грци". - "Господине генерал, можете да проверите и самиот ќе се уверите во моите зборови. Ксанти и полето се населени со турско мнозинско население. Од Ксанти нагоре планината е населена со Бугари-муслимани, тие зборуваат бугарски и имаат бугарски обичаи". - "Но трговијата со тутун била во рацете на Грците и постоеле огромни магацини за тутун". - "Да, г. генерале, има големи магацини за тутун и доколку сакате, со задоволство ќе ви ги покажеме. Трговијата не била во рацете на Грците. Трговијата со тутун во поголемиот дел ја држат разни акционерски меѓународни друштва. Има италијанска компанија, која купувала тутун за Италија. Има

германска и американска компанија, но тутунот го произведуваат Турците, помаците и Бугарите. Не само сега, туку и од дамнешно време. И магацините секојдневно ги исполнуваат илјадници работници, тие манипулираат со тутунот, денес ги има пет-шест илјади души и нивното поголемо мнозинство се од планината, месни Бугари или бегалци". Тој праша: "Имате ли овде "Алијанс франсез", би сакал да се сретнам со нив". - "Постои друштво "Алијанс франсез", го формираа неколку Евреи, но, колку што знам, тие се на распуст". - "А може ли да сретнам неколку Турци?" - "Добро, веднаш ќе им соопштиме да дојдат кај вас". - "Јас одам на станицата, кажете им да дојдат двајца-тројца таму, на железничката станица".

Се збогувавме, излегов оттаму и веднаш ги побарав подобрите Турци - Драмали Мехмед-бег, кој има чифлици во Драма и во Ксанти и Техир-ефенди, имаше чифлик во Сара Шабан, од таа страна на Места, изгорен од страна на Грците, а и Мехмед Драмали-бег многу имаше настрадано од нив. Ги најдов, се придружија и други Бугари и им раскажав за мојата средба со Франш де Епре и неговата желба да се сретне со Драмалијата. Овој застана: "А што ќе ме праша?" - "Ќе те праша за населението, што е и какво е. Какво било во турско време. Кои биле повеќе, Турците, помаците, Бугарите или Грците". - "Ами ако ме праша која управа повеќе ја сакаме?" - "Кажи му ја само вистината. Ако праша која управа повеќе ја сакате, кажете му дека турското за вас е најдобро. А ако не може да се врати Турција, Тракија да остане автономна, ако и тоа не е можно, да си остане денешнава управа, но кажи дека на никаков начин не сакате грчка управа. Дека со Бугарите сепак горе-долу се разбирате, но со Грците не можете. Кажи му - секој Турчин ќе му го каже истото".

Оттаму со пајтон отидовме на станицата. Тие му се јавија и јас ги придружував како преведувач. Генералот ме праша: "Има ли некој друг овде што знае француски?" Таму беше и директорот на Тутунската компанија Ќазим

Емин. "Излезете", ми рече и го викна Ќазим Емин. По распрашувањето излезе, го испративме на станицата и пак се врати со двајцата Турци. Обајцата нишаат глава: "Господине Поп Антов, од однесувањето на генералот разбравме, иако не знаеме француски, дека нашава работа е загубена. Очигледно и ние ќе станеме бегалци како вас. Ќе бегаме од Ксанти".

Се вративме во градот и во Општината се одржа еден собир, на кој јас и кметот поднесовме информација за нашата средба со Франш де Епре и за нашиот впечаток за неговото однесување. Се огласија некои други: "Добро ќе биде власта да се запознае за таа средба. Да одбереме двајца да одат во Софија. Да ги известат што се случува". За делегати нè избраа мене и аптекарот Живко Бошњаков. Дојдовме во Софија и отидовме да го информираме министерот за надворешни работи г. Михаил Маџаров[27]. Тој нè прими двајцата. Живко Бошњаков од порано се познавал со Маџаров и му рече: "Господине министре, г. Поп Антов беше примен на разговор кај генералот Франш деЕпре, кој беше намерно дојден во Ксанти". Тој ме праша и му раскажав што сè разговаравме со Франш де Епре. Бошњаков додаде дека "се слуша оти Западна Тракија сојузните и здружените држави ѝ ја отстапиле на Грција и дека Ксанти наскоро ќе биде окупиран од грчката војска". - "Тоа не е вистина - одговори Маџаров - бидете мирни. Судбината уште не е решена". - "Господине министре - му рече Живко Бошњаков - вие добро ме познавате, имајте верба во мене. Целиот мој имот е во аптеката, доколку има опасност, постепено да ја испразнам и тоа на таков начин да не се крева паника кај населението". - "Не, вели , тие гласови намерно се пуштаат. Не грижете се".

[27] Михаил Маџаров (1854-1944), бил министер на војната во владата на Теодор Теодоров, кој бил и министер за надворешни работи (7 мај - 6 октомври 1919).

Излеговме оттаму и си велиме - да појдеме и кај Малинов[28]. Штом веќе сме дошле, да обиколиме и некои други. Отидовме кај Малинов. Од игла до конец му прераскажавме сè и тој полека, со воздишка, рече: "Судбината на Западна Тракија е решена. Извршителот на таа одлука е Франш де Епре". Откако додаде дека Франше де Епре добил поткуп од 10 милиони франци - "Западна Тракија нема да биде наша". Излеговме со Живко и си велиме: Каде сега да одиме? Кај кого? - "Нема потреба", вели тој. Прашањето е јасно. Штом знае опозицијата, знае и Владата, но министерот за надворешни работи зборува така за да не се вознемирува јавноста. Се вративме во Ксанти.

Состојбата стана затегната, а жена ми беше бремена во последниот, деветти месец. Како ќе биде кога ќе навлезат грчките војски? А јас морам да останам во Ксанти. Со зетот Димитар Анѓушев ја испратив жена ми со воз за Софија, а јас останав во Ксанти. Не помина многу време, морав пак да отпатувам во Софија, поради истото прашање - подобро да ја објаснам мојата средба со Франш деЕпре. Ме викнаа од Министерството за надворешни работи. Отидов. На Михаил Мацаров, министерот, му го повторив истото и останав околу една недела во Софија. На 16 септември 1919 година, мислам беше понеделник, ми се роди првиот син. Уште бев во Софија. Му го дадовме името Веселин, да не му остане атар и на покојниот и на живиот дедо. Претходниот ден, во саботата вечерта, со големо друштво организирано од Владо и Митко, се упативме на Витоша да го посетиме Црн Врв. Беше и Рајна. Во квечерината стасавме во подножјето на Резнови, во селото Бистрица. Ноќта ја поминавме во селото, во копите сено, покрај едно манастирче и уште рано тргнавме низ шумата кон врвот.

[28] Александар Малинов (1867-1938), бил раководител на Демократската партија (1902), претседател на Владата на Бугарија (1908-1911, 1918, 1931) и претседател на Народното собрание на Бугарија (1934).

Штом излеговме од шумата, за која се слушаше дека имало мечка, почнавме да наидуваме на разни мочуришта. Ќе стапнеш на камен - потонува. Стапнуваш на друг - истото. Се искачивме горе, појадовме добро и оттаму продолживме кон Црн Врв. Се качивме и на него. Мошне лесно е достапен. Разгледавме и кон Радомирско и потаму од другата страна на планината. Слеговме под врвот на една пољана. Ручавме, прилегнавме и оттаму тргнавме да се вратиме по текот на реката по долгото тело на Витоша. Ги поминавме Златните мостови кај Копитото и оттаму по стрмнината дојдовме до Бела Вода, ама бевме капнати и малку се одморивме. Дотуркавме до Књажево. Застанавме во редица, од секоја страна притиснати од многуте луѓе. Одвај се качивме на трамвајот и стасавме во Софија. На другиот ден се роди Веско. Јас си го продолжив отсуството.

Се вратив во Ксанти кон крајот на септември, во една многу тревожна ситуација. Гласовите дека Тракија ќе биде интернационализирана под заедничка сојузничка управа малку ги потсмирија луѓето, но некои сепак почнаа да се селат. Тогаш Димитар Анѓушев неговата работилница за шеќер ја пренесе во Пловдив. Тодор Клисаров ја однесе и печатницата. При крајот на октомври и воените магацини почнаа да ги носат кон планината - кон Родопите. Ѓумурџиско, Деде Агач и другите градови од Западна Тракија ги окупира меѓународна војска. Во Ксанти пристигна единица француска војска, во која повеќето војници беа Мароканци и од нив се разбра дека тие ќе бидат тука привремено, ќе ги замени грчката војска. Општината ме задолжи да се сретнам со францускиот полковник Алие, кој беше сместен во околината на Ксанти. Повторно бевме со помошник-кметот и од него разбрав дека грчката војска, која ќе ги замени, наскоро ќе стаса. Го замолив полковникот Алие француската војска да остане додека бугарското население, оние што сакаат, да се извлече од Ксанти. Да нема допир со грчката војска, за да не се предизвикаат некои несреќи. Тој свечено вети дека, додека бугарското население не се по-

влече, грчката војска нема да влезе; меѓутоа, не поминаа два-три дена и неговото ветување изветреа. Грчката војска почна да настапува откај Окчилар - западната страна на околијата. Се создаде голема мешаница и, кој како можеше, почнаа да се прибираат на станицата. Железничката станица беше заобиколена со мароканси војници, но не од оние што сега сакаа и добија слобода, туку од оние крвожедни Мароканци, кои беа воспитани во тоа време да јуришаат и да ограбуваат. Три дена пред тоа јас со еден вагон го испратив мебелот, Тодор исто така испрати што можеше. Многу жалам, но имав многу убав кујнски шпорет. Таму го продадов за триста лева, поради тежината.

И јас и Тодор, откако населението веќе се повлече на станицата, дојдовме таму. Влеговме во едни вагони и чекавме да дојде локомотива да нé извлече. Стоевме ден, ноќ, не дојде никаква локомотива. Грчката војска веќе е во Ксанти. Железничката станица се наоѓа на околу два километри од градот. Едно време дојде локомотива, почна да формира воз. Прескокнав преку оградата да фатам место за сите во некое купе и му реков на д-р Димитар Белев, кој таму беше околиски началник: "Чувај ги местата, јас да одам да ги префрлам преку оградата Тодор, Поликсена, баба Фросина и децата, кои стојат кај оградата и се чудат како да поминат ваму". Здравко ми го подадоа в раце. Возот засвире и јас со Здравко под мишката се најдов на скалата од вагонот. Ме видоа дека се качив. Тие останаа. На другиот ден ноќта стасавме во Пловдив. Леше дожд како од ведро. Белев го отвори чадорот, го зеде Здравко под мишка и тргнавме во ноќта, по темница, да бараме хотел. Никакво осветление. Наместо да престоиме на станицата, тргнавме да бараме хотел, но, наместо да тргнеме по "Станичната улица", сме фатиле покрај Бунарџик, по улицата "Цар Ослободител". Низ кепенците забележавме светлина во една фурна. Прашавме каде сме и каде можеме да најдеме хотел. Фурнацијата ни вели:"Сте се оддалечиле многу од центарот". Ни објасни по кои улици да одиме и ќе ста-

саме зад паркот, а таму веќе ќе има некој да нѐ упати кон центарот. Сега си спомнувам дека тоа беше денешната улица "Гледстон". Барам хотел, сите зафатени. Влегувам во хотелот "Моле". Зафатено. "А бе, му велам, детево е наводенето. За мене како и да е. Најдете едно место за детето, ќе настине". Човекот се викаше Керкенезов. Ме одведе во кујната кај топлите печки. Нареди четири стола еден спроти друг, го легнав Здравко, а горното палтенце му го зедов и почнав да го сушам. Се подисуши и тоа, малку се подисушив и јас. Таму останавме до утрото, веќе суви. Го побарав Димитар Анѓушев, кој се исели порано и беше зел куќа под наем. Не можев да го најдам. Тогаш го оставив Здравко во семејството на Стојчо Проданов од Дојран, ни беа соседи во Ксанти, но го напуштија пред нас и овде зеле куќа под кирија. Утредента баба Фросина, Тодор, Поликсена и Венета стасаа здрави и живи, го најдовме Анѓушев, кој беше најмил куќа спроти паркот на ул. "Велико Трново" бр. 11 и се сместивме таму.

Во Софија почнав со адвокатура. На 2 март 1920 година, ден пред празникот на санстефанска Бугарија, во весниците беше објавено соопштение дека на 3 март претпладне во театарот "Одеон" рускиот професор Перт Ријс ќе одржи предавање за тогашната ситуација во Русија. Утредента отидов и јас во театарот. На балконот имаше фатено место Панчев, поранешен директор на Народната банка во Ксанти, кој ме викна да одам кај него, но јас седнав во партерот блиску до сцената, во петтиот или шестиот ред. Од мојата лева страна беше д-р Фатенхехт, а од десната нашиот роднина Илија Ѓорчев. Салата беше преполна. Сите го очекувавме говорникот. Но тој задоцни. Доцнењето го објасни со желбата на предавањето да присуствуваат и оние што биле на молебенот во црквата "Света Недела" што се држел тоа утро. По подолго очекување во театарот, одненадеж дојде до силна експлозија и тресење. Парчиња малтер паднаа врз публиката. Струјата згасна. Како што седевме на столовите, се најдовме на подот под нив.

Додека да сфатиме што се случува, почнаа писоци, плач и викотници:"Бегајте, атентат со бомби!" Темнината почна полека да се проретчува поради отворената врата и сите почнаа да излегуваат. Се втурнаа луѓе блиску до сцената да ги извлекуваат тешко ранетите, оние во агонија и полесно ранетите. Излеговме и ние. Надвор видовме дека сите луѓе се потурени со прав. Стоиме без шапки. Едно време, без многу да му мислиме, влеговме со проф. Фатенхехт и под нашите столови почнавме да си ги бараме шапките. Најдовме две шапки, сосема запрашени. Не се распознаваше која чија е, но со оглед на тоа каде и под кој стол ги најдовме, си ги зедовме и излеговме. Надвор почекавме. Се заслушавме во расказите и поплаките во врска со атентатот. Зборуваа дека толку бил силен, што при експлозијата се откачила вратата на влезот, отскокнала кон улицата "Цар Симеон" и ја отепала на место некоја девојка што во тој момент поминувала таму.

Оттаму тргнав кон дома, гледајќи по можност да не ме забележат при влегувањето. Го симнав мантилот, гледам - целиот е во прав. За да не се познае, го свиткав со внатрешната страна, со поставата нанадвор и го закачив. Шапката ја оставив на понезабележително место, за да не ја видат. И почнав да се мијам на мијалникот. Во тоа време жена ми прашува, без да забележи дека сум опсипан со прав: "Зошто повторно се миеш? Утринава се измив. Каде си бил, испотен ли си?" - "Еве, ми дојде да се измијам уште еднаш". Влегов во собата, зедов да се бричам и некој ѕвони на надворешната врата. Отиде жена ми да отвори. Се појави Панчев и вели: "Тука ли е господинот Поп Антов?". Одговори дека сум тука и го покани да влезе. Тој повторно: "А во моментов? Дали сега е тука?" - неколкупати повтори тој, без да влезе. Жена ми му одговори: "Па тука е, повелете. Нели ви реков дека е тука!".

Дури тогаш тој влезе и се израдува кога ме виде жив и здрав, зашто разбрал дека присутните од првите петшест реда настрадале, а знаеше и дека јас седнав во првите

редови. И ми раскажа за неговата загриженост. Изненадена од моето дотогашно спокојство жена ми почна да плаче, а баба Царева го држи в раце малиот син Веселин и го забавува со приказна: "Расти ми, расти, мило внуче, си имал среќа да не останеш сираче. Сме имале среќа сите дома да не носиме црно" (Тука и татко ми се расплака - 25.07.56 г. 9 и 15 ч.)[29].

По малку дојде и Илија Ѓорчев да види дали сум здрав и жив, макар што бевме еден до друг, по она паѓање под столовите веќе не се видовме. Тој излегол од зградата и си заминал дома, а јас се позабавив, зашто се вратив да си ја барам шапката. Прокоментиравме со Ѓорчев што сме почувствувале во моментот на експлозијата и тој се поплака дека си ја загубил шапката. Јас му се пофалив дека влегов и си ја најдов мојата. Сите почнаа да ми се смеат дека повторно сум влегов во театарот растресен од бомби поради една шапка. Ја донесоа, откако им кажав каде е. Беше покриена со голем слој прав. Откако ја исчистија, Ѓорчев рече: "Па тоа е мојата шапка!" и си ја зеде. И така, по тој атентат наместо јас, жртва беше мојата шапка.

Во април 1920 година заминав во градот Пашмакли (Смољан) таму да работам како адвокат, бидејќи предметите од Окружниот суд во Ксанти, па и самиот суд беа преселени во Пашмакли и наскоро таму се формира Окружен суд за околиите што влегуваа во ксантискиот Окружен суд: Дар Дере (Златоград) и Пашмаклиско (Смољанско), при што на пашмаклискиот Окружен суд му беше придадена и Дављанската околија. Заминувањето беше повеќе условено поради потребата да ги завршам делата од тие две околии, зашто беа заведени во ксантискиот Окружен суд. Таму останав до септември 1921 година.

Сите три околии не беа многу големи, ниту пак имаше развиена трговија, индустрија и занаети, па имаше многу

[29] Изгледа дека спомените на Христо Поп Антов ги запишувал еден од неговите синови, забележувајќи го и датумот на пишувањето.

малку предмети за решавање. Од тие причини го напуштив Пашмакли.

Пашмакли се наоѓа во средината на Родопите. Од секаде е ограден со борови шуми, засолнат од ветровите, па претставува мошне удобно зимско одморалиште со снежна покривка и убаво сонце. Населението во трите околии е чисто бугарско - Бугари-муслимани и Бугари-христијани. До пред Балканската војна, Дарадеренската и Пашмаклиската околии, особено оваа втората, каде што бугарското население е повеќебројно, уживале убава благосостојба. Главен извор за прехрана на населението бил абаџилакот. Машкото население во поголем дел го учело занаетот во беломорските градови Кавала, Ксанти, Ѓумурџина и на егејските острови. Прочуени се пашмаклиските ќеаи, кои со стотици илјади овци зимата ја поминувале на паша во приморските полиња, а по Ѓурѓовден се повлекувале по високите врвови, каде што имало густа трева, студена вода и свеж воздух за гоење на ситниот добиток. Познати се многу ќеаи што се занимавале со сточарство. Не е излишно да спомнам некои од нив, како Стојо Ќеајата од Махмудици, маало покрај Широка Лака, Деминско, потоа браќата Георги и Димитар Ѓерџикови од Рајково, помаците - браќата Агушеви од Пашмаклиско. Покрај абациите, голем дел од населението во Пашмаклиско биле дунѓери (сидари - мајстори) кои оделе на југ, во пределите на Пашмаклиско и Смољанско. Во Пашмаклиско има многу разбудена интелигенција, а со отворањето на гимназијата во с. Рајково се создаде и интелигенција со вишо образование. Многумина од тамошните гимназисти студираат на разни високи школи.

Се вратив во Софија и почнав да се занимавам со адвокатура.

На 27 март 1923 година ми се роди вториот син, крстен со името на мојот покоен убиен брат Јованче, а на 5 февруари 1925 година ми се роди и најмалиот син Никола.

Сите тројца синови уште од мали им беа приврзани на родителите, појавуваа знаци на интелигенција, трудољубивост и постојаност.

Најголемиот од браќата, Веселин, го заврши Германското основно училиште, потоа се запиша во гимназијата на истото (Германското) училиште и беше награден за одличен успех. Во училиштето беше вреден, дома добро си ги подготвуваше лекциите, а читаше и вонучилишна литература. Ниту еднаш не донесе белешка дека го скарале во училиштето или дека мене ме повикуваат таму. Во училиштето отидов еден единствен пат, кога се одржа свеченоста на последната гимназиска година - со жена ми добивме покана да присуствуваме на тој свечен чин. Потоа заврши право на Софискиот универзитет, со одличен успех. Освен германскиот, мошне добро ги научи францускиот и англискиот јазик, кои ги користи мошне добро, и писмено и усно.

Вториот син, Иван, до трето одделение одеше добро и со успехот и со здравјето. Во март 1936 година тешко се разболе од ревматизам. Страдаше многу и тоа траеше неколку месеци. Кога му се подобри здравјето, го продолжи училиштето и заврши трети клас. Првите години од гимназијата, поради нарушеното здравје, се мачеше подготвувајќи ги лекциите и беше осреден ученик, но последните години од гимназијата, во седмиот и осмиот клас, беше меѓу одличните ученици и зеде одлично свидетелство. Почна да студира право. По првата година на право се префрли да студира медицина, каде што беше примен, но поради далтонизам повторно се врати на правото, кое го заврши со добар успех во 1945 г. По стажот се вработи во "Деспред", каде што во 1952 година го положи државниот испит и беше назначен за правен консултант на истото претпријатие.

Најмалиот, Никола, беше најмал и по тежина, како што си остана до завршувањето на гимназијата. Многу трудољубив, но нервозен. Уште од мал, моравме со сила да го

храниме. Откако заврши трети клас во прогимназијата "Елин Пелин" во Софија, се запиша во Италијанската гимназија. Отпрвин на подготвителен курс, но на крајот од учебната година ги положи испитите со многу добар успех, така што беше примен како редовен ученик. И тој редовно ги минуваше класовите со многу добар успех и заврши со одличен успех. Во 1943/44 година беше примен за студент по медицина, заврши на неполни 23 години, во 1948 година, со одличен успех и со награда. Денес е лекар при Окружниот совет на синдикалните сојузи во Пловдив.

Во 1947 година средниот син Иван се ожени за Елена Стефанова Рјаткова од Бургас и сега тие си имаат едногодишен син, а жена ми и јас му се радуваме на милото внуче, кое го носи името на дедо му Христо. Најмалиот, Никола, се ожени во 1952 година за д-р Зора Илиева Стојанова од Пловдив, завршен студен на Пловдивската медицинска академија, - денес и таа е лекарка во Пловдивската околиска болица. Имаме две внучки, тригодишната Марија и едногодишната Елена, кои ги носат имињата на двете баби - Марија и Елена, на радост на сите нас. Веселин, најголемиот, задоцни со женачката. Се ожени на 5 април 1953 година за Капка Асен Каракашева од Софија. Има завршено право на Софискиот универзитет, со државен испит. На 11 јуни 1955 година им се роди девојче и наша внучка. Денес со жена ми им се радуваме на три внучки и еден внук. Тие се веќе седмото непрекинато поколение од пра-прадедо ми Хаџи Коле од селото Ваташа, Тиквешко, Македонија.

Во октомври 1925 година од страна на Сојузот на тутунските задруги бев назначен за директор на Фабриката за тутун "Македонка" во Македонската област. Таму останав околу девет месеци. Ја напуштив поради недоразбирање со самата управа на Сојузот.

Во 1926 година Софиската општина почна на бездомниците и бегалците - софиски жители - да им дава разни општински дворни места. Поднесов молба и јас, по долго

очекување бев удостоен со градежна парцела во месноста Еврејски гробишта, на ул. "Боговец" и "Браќа Бекстон", денешна "Георги Зографин" и "Бул. Христо Михајлов" бр. 4. Во август истата 1926 година почнав да ја градам куќата. Целиот тој реон беше неизграден, ниту регулиран, ниту нивелиран. Кога почнавме да градиме, тогаш требаше да се изнивелираат доделените парцели, да се изгради водовод, а потоа и канализација. Како водоводот така и канализацијата во прво време ги градеа градителите на дадените парцели - маалските, а подоцна тие беа вклучени во општиот урбанистички план на градот. Кон крајот на август куќата веќе беше покриена, меѓутоа тогаш почнаа и маките со нејзиното завршување. Од покривот почнав да погледнувам кон банката. Бев член на Станбената задруга "Своја куќа". При започнувањето на градбата побарав да ми се даде заем. Ми одобрија заем во износ од 30.000 лева. Незадоволен, заклучив хипотека на куќата кај Бугарската народна банка, која ми даде 40.000 лева, откако направи севозможни задршки, добив помалку од 30.000 лева, со многу поголема камата, па одвај можев да го исплатам долгот за цели 15 години.

Куќата ми беше предвидена, според планот на архитектот Владимир Весов, на два ката, со економична градба, но почнав да ги слушам советите на самоповикани архитекти - добронамерници. Го напуштив планот на архитектот и наместо да го развијам како што беше предвиден, изградив два ката, од кои едниот беше приземје, без визби. Сега чувствувам голема потреба од визба и знам дека сторив голема грешка што ги послушав разните совети, но донекаде и архитектот има извесна вина, бидејќи не настојуваше планот да се спроведе како што тој го изработил и не ме потсети: "Ej, Ристо, градиш куќа, а каде ти е визбата?" - а ако му одговорев дека ќе градам барака, можеше да ми ја затне устата дека бараката ќе чини многу повеќе отколку да се изгради визба, т.е. куќата да се поткрене два

метра погоре. Но свршеното е свршено, не се враќа назад. Така си ја осакативме куќата на толку убаво место.

Градбата на куќата беше реализирана на економичен начин, но расходите што се направија по градбата излегоа многу поголеми отколку што ми предлагаа мајсторите-градители. Велат дека жена што не родила и маж што не градел, не знаат ништо. Толку маки видов во текот на градбата, а долговите ги исплаќав долго време по изградувањето. За градењето имав доволно пари и, како што ми предлагаа претприемачите, ќе имав и подобра куќа и полесно ќе го поднесев нејзиниот товар, меѓутоа, излегов неопитен во таа смисла. Останува синовите да имаат лош пример и кога ќе градат самите, да ги земат предвид пропустите што ги направив јас при градбата.

Во јануари 1927 година бев назначен за административен инспектор при Главната дирекција за згрижување на бегалците. Во 1926 година, во согласност со Друштвото на народите во Женева, бугарската влада доби заем од разни банки во Франција за помагање на животот на бегалците, во износ од милијарда и двесте милиони лева. Потоа беше формирана Главната дирекција за бегалците, која се зафати со нивно згрижување, доделувајќи им парцели земја, добиток и градба на куќи. Овој заем се трошеше под контрола на Друштвото на народите. За таков контролор, кој непосредно ќе ги контролира расходите и ќе дава упатства, беше испратен Рене Шарон. Тој под непосредно раководство имаше и двајца инспектори-странци: еден Англичанец и еден Австриец. Така почна подготовката на планот за доделување земја на бегалците. Дотогаш постоеше таканаречена Трудово-поземјена сопственост (ТПС-земја доделена на користење), во чии раце беа ледини, пасишта, утрини кои немаа стопан и требаше да послужат за да им се доделат на бегалците. Беше договорено ТПС да ги предаде сите расположливи земји во секое место за згрижување на бегалците. Тие земјишта ги презеде Дирекцијата за згрижување на бегалците. Формалноста се извршуваше

на следниот начин: општините, каде што имаше земја без стопан, беа должни благовремено да ги декларираат тие земјишни парцели без стопан на Главната дирекција, вклучително и земјиштето што може да се отуѓи, било од пасиштата било од исечени шуми. Така предадени од општините на ТПС, овие земјишта ТПС, од своја страна, ги предава на Дирекцијата за бегалци. Инспекторите беа должни да ги обиколат сите места населени со бегалци. Општинскиот совет ги посочуваше парцелите без стопан, а делегат на ТПС, доделен на инспекторите за згрижување на бегалците, ги предаваше тие парцели на самото место на Комисијата за згрижување, под контрола на инспекторот за згрижување на бегалците. Процедурата беше доста сложена и тешко разбирлива. Еднаш предадената земја на Бегалската комисија во определено населено место, односно на инспекторот за згрижување на бегалците, таа земја им беше веќе дефитинивно предадена на бегалците и служеше како гаранција за доделување заем под контрола на Друштвото на народите. Бевме назначени 15-16 инспектори, многу повеќе поранешни високи воени чинови, генерали и полковници, и во прво време почнавме со разни знаменца врз картата на секоја околија од централата на Дирекцијата за згрижување на бегалците, во зградата на Феникс палас, да ги бараме селата каде што има бегалци, да го мериме растојанието од едно село до друго, да дојдеме до податоци колку бегалци има во едно или друго село, за да направиме план за доделување земја, работа што траеше околу три месеци и која практично излезе залудна работа. Поради двоумењето во врска со овој план, имав недоразбирања со моите другари.

Кон крајот на март 1927 година бевме испратени - назначени да го проучиме бројот на бегалците на самото место и количеството земја без стопани што е за доделување. Мене ме испратија во Русенскиот округ, во околиите Бела, Русенска, Кубратска и Разградска. Во тек на дваесетина дена ги обиколив околиите во околиските центри,

ги свикував околиските комисии за згрижување на бегалците, чијшто претседател беше околискиот началник, во самата комисија доста подробно се занимававме со бројот на бегалците во определено место, со земјата расположлива за доделување, со определен тип земја за доделување, дали ќе биде доволен за да се прехранат бегалските семејства, по колку декари треба да му се даде на определено семејство, колку бегалци има во секое населено место, во колку куќи без сопственик живеат и колку станови треба да се изградат за секое населено место. Со така подготвената работа се вратив во Софија и во извештајот до Главниот директор соопштив доста детално во кое место колку бегалци има, колку земја и колку куќи има и колкумина подлежат за доделување земја. Остануваше главниот директор да го одобри тој план, по што да заминам во месноста за реализација на планот за доделување земја. Имаше многу голема разлика помеѓу изработениот план на хартија, со оние знаменца на картата, во споредба со вистинската состојба. Во прво време Петричкиот округ требаше да го реализира ТПС со дотогаш постоечките локални бригади, меѓутоа, еден случај при доделувањето земја во селото Орман, Петричко, целосно го измени планот за доделување земја.

Се случи следново: земјомерната бригада во селото, заедно со агрономот, почнале да ги мерат парцелите и, според направениот список, со ждрепка да им доделуваат земја на бегалците. Некои луѓе од поранешната ВМРО и стариот кукушки војвода Мито Димашев[30] се спротиставиле на таквото доделување земја. Димашев имал 20 декари овоштарник со црници. Не давал овоштарникот никој да му го земе. Окружниот управител во Петрич, генералот Тодоров, во поддршка на земјомерната бригада, испраќа од Петрич стражари на чело со полициски началник и при

[30] Димитар Димашев, кукушки војвода, по Првата светска војна член на автономистичката ВМРО и на ВМРО - Протогеровистичка, убиен во 1928 година.

нивното вмешување дошло до судир помеѓу полицијата и бегалците. Имало ранети на двете страни. Засегнат од таквата непокорност на бегалците, генералот Тодоров поднесува оставка. ТПС крева раце, сметајќи дека со своите луѓе не може да ја изврши работата и прашањето го изнесуваат пред Главната дирекција за бегалци: дали тие бегалци ќе добијат земја, или не, и ќе го користат ли бегалскиот заем? Уште повеќе затоа што заемот и Законот за бегалците ѝ ги врзуваат рацете на Главната дирекција за згрижување на бегалците, со наредбите дека бегалци не можат да се населат во места поблиску од 50 км до границата, освен оние бегалци што веќе се наоѓаат сместени таму. Тие ќе добијат земја од определен тип, а оние кои немаат земја, ќе бидат иселени и повеќето од нив се предвидуваше да бидат населени во Карабоаската Рамнина покрај Дунав, околу Никопол и Свиштов.

Главниот директор во договор со Шарон се зафаќа со работата - под нивна контрола да им се додели земја на бегалците во Петричко. Главен директор беше Стојмен Сарафов и тој се сетил дека помеѓу инспекторите има и Македонец, па ме повика: "Господине Поп Антов, вие ќе го напуштите Русенскиот округ, ќе заминете во Петричкиот, каде што ќе им се дели земја на бегалците. Првин ќе појдете да ја проучите состојбата и потоа, по вашиот извештај, ќе видиме што ќе правиме". Главниот директор ова го соопштува на една седница со сите инспектори. Еден од инспекторите, Георги Кашеров, кој пред тоа бил инспектор во Дирекцијата на ТПС, инаку агроном, рече: "Господине директоре, јас престојував во Петричко. Отпорот е многу голем. На секој чекор пречат севозможни војводи и комити, а тие веќе заграбиле многу земја, не сакаат да ја предадат и невозможно е без крв да се спроведе доделувањето земја на бегалците". И вели: пет-шест војводски глави треба таму да паднат, за да се изврши распределбата. Сарафов се свртува и вели: "Еве, ќе испратиме таму еден Македонец, ако може тој да се разбере - добро, ако не - јас ќе кренам

раце од Петричкиот округ. Тие самите создаваат услови да не им се додели земја. Поп Антов, ќе земеш неколкумина од инспекторите за проверка и ќе заминеш".

Во втората половина на април отпатував - јас за проверка во Горноџумајската и Петричката околија, Казанџиев -во Световрачката околија, Захариев -во Разлошката и Георги Стајков - во Неврокопската околија. По 10-15 дена се вративме и поднесовме извештај, почнавме да се подготвуваме да заминеме за дефинитивната распределба на земјата. Кога ја посетив Горна Џумаја првиот пат, го најдов како кмет Мечкуевски, бегалец од Штип. Тој ми ги даде сите уверувања дека земјата е на наше располагање "Каква што сакате помош, општината ви стои на располагање". По таквото уверување, решив најпрвин да ја завршам работата во Петричко, кое се наоѓа помеѓу две граници и кое пред две години, во октомври 1925-та, ја претрпе инвазијата на грчката војска со познатиот "Пангалосов напад"[31] . Грчкиот министер, генералот Пангалос, сметајќи дека Петричко е без воена сила, во 1925 година намисли да направи една екскурзија и да ја освои воената слава. Во некои села влегол, меѓутоа, во Петрич, кој е на далечина само на 3 километри воздушно растојание од границата, не можеше да влезе. Подоцна Друштвото на народите ја осуди Грција да плати околу 20 милиони лева за штетите што грчката војска му ја нанела на бугарското население во Петричко.

Од тие причини тргнав да ја распределувам земјата во Петричко, а во Световрачко го оставив Атанас Маџаров, откако со него обиколивме некои световрачки села. Премерувањето во Петрич, почнато пред неколку години, беше при крај, како и парцелизирањето. За разделување имаше околу 2000 бегалски семејства. Располагавме вкупно со 24 илјади декари земја. Беше определено на бегалците да

[31] Се однесува на "Петричкиот инцидент" од октомври 1925 година. Види повеќе кај Зоран Тодоровски, Внатрешната македонска револуционерна организација 1924-1934, Скопје, 1997, 51-52.

им се доделат само на земјоделците по 20 декари, а еснафите, занаетчиите и другите ситни чиновници-бегалци не подлежеа на доделување земја. Во Законот за згрижување на бегалците имаше една клаузула дека во бегалските населби по исклучок може да добијат земја и разни занаетчии што им се на услуга на земјоделците: железари, колари, самарџии и др. Овие 24 илјади декари земја беа само за бегалците, а во Петрич имаше и месни жители кои имаа по неколку декари или немаа ништо. Ги имаше без земја. Тоа е едно. А друго, - сите бегалци -занаетчии и еснафи во Петрич со своите семејства обработуваа тутун на земја земена под наем или од граѓани на Петрич или од бегалци, а повеќето од нив беа заграбиле земја уште кога дошле во Петрич. Во таква ситуација, најпосле решив и напишав еден опширен извештај до Дирекцијата, во кој велам: "Во Петрич располагаме со 24 илјади декари земја без сопственик. Чисто земјоделски семејства, кои се занимаваат исклучиво со земјоделство, нема повеќе од 500-600. Другите се или занаетчии, или пак земјоделци кои, покрај другото, имаат и друга работа, а имаме и локални луѓе кои или имаат малку земја, или немаат ништо, подробниот опис со цифри е во прилогот: во однос на локалните жители, не е правилно да им се додели земја на бегалците, а месните луѓе, кои со векови живееле таму, да ги оставиме без земја. Ќе се појави омраза помеѓу бегалците и месните, која долго време ќе ги оптоварува односите помеѓу нив. Второ: самите бегалци, кои се земјоделци, живеат главно од одгледување тутун. Зрнестата храна е недоволна за да ги исхрани. Трето: за занаетчиите и еснафот, ситните чиновници - бегалци, констатираме дека и тие обработуваат тутун и со тоа ги потпомагаат своите мали плати, недоволни за исхрана на семејството. Добро би било, велам, да им се даде земја и на месните жители (безимотните, ситните чиновници и еснафот), исто како и во другите градови во Стара Бугарија, каде што покрај занаетот луѓето се занимаваат со лозарство и земјоделство. И сето тоа да се реши со намален тип земја опре-

делен на 20 декари; за семејствата на земјоделците да ги намалиме на 16-17, а за еснафот на 7-8 декари. Со вака направена сметка, со земја од количеството со кое располагаме ќе можеме да ги обезбедиме сите, а ќе создадеме и единство помеѓу бегалците и локалите жители и помеѓу земјоделците и големиот број еснафи. Дополнување: на оние од бегалците, кои сакаат повеќе земја, ќе им дадеме по 36 декари во соседните блиски села".

Го испратив извештајот. Главниот директор ме повика во Софија. Усно му го повторив истото. "Ќе има ли мир - вели. - Нема ли да има незгоди?" -"Нема да има - му велам. -Сигурен сум дека нема да има. Ех, може ли таа мала отстапка од Законот да се дозволи само за Петричко? Да не им дадеме земја на ситните чиновници, кои добиваат малечки плати, а животот е двојно поскап отколку во Стара Бугарија, додека ризикот од напад и постојаниот страв им е пред очи? Зошто тие да живеат таму, ако немаат едно парче земја што ги врзува за крајот и немаат куќа да се засолнат? Ќе прават сè што можат да го напуштат Петричко и да побараат корка леб во Стара Бугарија, каде што ќе живеат помирно". -"Добра ти е мислата - вели - само да не се предизвика негодување. А работата јас ќе ја средам лично со Шарон. Дели ја земјата како што предлагаш во извештајот".

Се вратив во Петрич. Ја почнавме распределбата на парцелите според подготвениот план. Земјата е поделена во три категории: прва категорија е најубавата, втора -средна, и трета категорија -полоша. За секој бегалец или локален жител да има од трите категории. Помалку декари изнесуваше првата категорија, втората -повеќе, а од третата категорија -најмногу. Во првата категорија беа парцелите што се полеваат: лозја, овоштарници, бавчи. За лозјата и овоштарниците, и воопшто за многугодишните насади, на еден стопан кој има поголема површина, му се оставаше и од првата и од втората и од третата категорија. Станува збор за оние што дотогаш веќе засадиле и обработуваат бестопанска земја во поголемо количество декари.

Фактички, ние ја озаконивме обработката на оној што веќе ги работи тие површини. Немаше никој што зел повеќе од 8-10 декари. Дополнителна земја не им доделивме.

Додека се работеше на парцелизирањето според планот, кое потраја доста долго време, јас со земјомерната бригада од Воениот географски институт заминав во селото Ваксен, сегашно Велково, ако повторно не е прекрстено, на десниот брег на Струма, спроти станицата Свети Врач. Селото беше чисто турско, со околу 30 семејства. Во него беа сместени жители од кукушките села, околу 30 семејства. Имаше и 2-3 цигански семејства, кои си имаа и земја. Бригадата почна да ја мери земјата и да ја парцелизира пак во три категории.

Потоа се вратив во Петрич. Набргу добив соопштение од капетанот Алексиев, началник на бригадата: веднаш да заминам за Ваксен. Уште утредента го фатив возот за натаму. Бригадата не работи и Алексиев ми објаснува: "Вчера отидовме да ја мериме земјата што се наоѓа по брегот на реката, во соседство со селото Микрево. Додека меревме, дојдоа група селани од селото Палат од планината, над самата река горе, со оружје в рака и велат: "Овие ниви се наши. Ние ги купивме од турските беговии. И крв ќе се лее, не ги даваме". "Целата бригада оди и јас со нив -на нивите. Селаните од Палат чекаат таму со оружје, зашто Алексиев им рекол: "Ако е за војна, јас сум капетан на бугарската армија. Моите другари се војници. Ние ќе ја извршиме нашата задача, но подобро да се разбереме на мирен начин. Вашето оружје нема ништо да ви помогне. Јас сум пратен од инспекторот овде да мерам, да парцелизирам парчиња земја и тој ќе дојде да ја раздели. Вие велите дека е ваша, сте ја купиле од беговите. Јас за тоа не знам и не ме интересира. Тоа е работа на инспекторот. Ќе го известам да дојде. И кога ќе дојде, вие раскажете му ја вашата работа. И ќе си ги побарате вашите права од него".

Отидов и ги најдов таму сите со оружје, како што биле и вчера. Можеби таму и ноќевале. "Добар ден". -"До-

бар ден", и сите стануваат. Се ракував со некои што ми беа поблиску и им реков: "Што е тоа со оружјето? Струма ли ќе ја презематe, или сте тргнале во лов?" Еден ми се обраќа, кметот на селото: "Господине инспекторе, нашава работа не е за шега". -"Па јас и не ви велам на шега. Ви велам, зошто сте дошле да се разбираме со оружје. Расправиите во Бугарија не се прават со оружје. Кажете што барате и зошто го носите тоа оружје". Кметот вели: "Господине инспекторе, вие сте ја пратиле бригадата да ја мери оваа земја од околу 50-60 декари, разделени на мали парцели и, како што гледате, насадени со пченка. Ние сме од горе, од соседното село Палат. Околу еден час на високото. Оваа земја овде беше наша, ама турските беговија беа заграбиле од нашите дедовци и прадедовци и целото село Микрево го направија чифлик. Пред 20-30 години двајца од беговите ја продадоа оваа земја, а ние, сето село, ја купивме и ја разделивме по декар-два, според силите на секој од нас. Таа земја не е без стопан. Ваксенските Турци овде немаа земја. Да не ни се зема земјата. Таа е наша". Им велам: "Ние земаме само земја без стопан. Бегалците ги згрижуваме само на земја без стопани. И оваа земја ние ја сметаме дека нема стопан. Би требало сега од вас да барам документ за да проверам дали е ваша". Почнаа да викаат: "Ние ја купивме од бегот, тој вети оти ќе ни даде тапии, но досега не ни дал". "А зошто не ви дал?" -"Зашто беше лош - велат. - Сакаше вторпат да му ја платиме". Тогаш јас им реков: "Парцелите посадени со пченка, дали се на секој одделно?" - "Да" - вели кметот. Тогаш им реков: "Имате или немате тапии, мене не ми е важно. Мене ми прави убав впечаток дека братски сте ја разделиле оваа земја, дека вашето планинско село со векови ги гледало овие убави лаки одземени од вашите дедовци и прадедовци за да ги користат беговите, а вие само да мислите на неа. Вие со оружје сте се бореле против Турците. Земјава ќе си остане ваша, а за бегалците - ќе најдеме друга земја да им дадеме". Сите се нас-

меаја, а еден почна да вика: "Овој бил арен инспектор! Тамам за нас".

Така мирно се реши проблемот во Микрево, на реката Струма. Тоа ми навева во мислата еден случај што се појави од истите причини во септември 1930 година во селото Телиш, Луковитско, Плевенски округ. Таму беа преселени како бегалци дваесетина семејства од Трнскиот крај. Беа определени околу 800 декари земја од општинските пасишта. Требаше да им се поделат на бегалците во Телиш. Во 1928 година инспекторот Лазар Јовчев отишол да им раздели земја. Селаните се спротиставиле. Не може да ја заврши работата. Во 1929 година таму оди друг инспектор. Се враќа исто така без секаков резултат и во 1930 година ме праќаат мене. Отидов во општината, го најдов кметот. Тој го свика Општинскиот совет и определија 300 декари што ќе ги одземат од општинските пасишта и ќе им ги доделат на бегалците. Земјомерната бригада што ја водев измери што требаше и формираше парцели што ќе им се доделат на бегалците. Понатаму остануваше парцелите да се разделат со ждрепка, при што ќе се разграничат меѓу себе. Работата ја завршивме во саботата вечерта. Во недела изутрината неколку чифта волови отидоа на местото и го почнаа заорувањето. Тогаш на местото дошле група селани, јас уште не бев отиден таму, и со заплашување ги подбрале селаните заедно со воловите и ги дотерале во општината. Отидов таму и му реков на кметот за слученото. Кметот крева раменици: "Не знам за таа работа". - "Зар не гледаш?" - му велам. -"Ами тоа е селска работа. Селаните не си ги даваат пасиштата. Ние од општината ги дадовме, ама селаните не ги даваат". Го побарав по телефон околискиот началник во Луковит. Бидејќи беше празник, околискиот началник не бил во управата. Разговарав со секретарот. Тој ми вели - не е моја таа работа. Утредента, во понеделникот, патувам во Плевен кај окружниот управител. Му ја објаснив работата и побарав да даде асистенција за доделувањето земја на бегалците. "Господине инспекторе - вели

- да ви дадам и 10 и 20 стражари, нема да ја завршите работата, зашто стражарите се локални луѓе и гледаат да му помогнат на локалното население. И покрај тоа, ќе ви дадам едно одделение од 10 стражари и вечер тие ќе бидат таму. Во вторник ќе ја завршите работата".

Јас и мојот помошник, земјоделскиот администратор Мандовски, бевме сместени во хотел на станицата Телиш. Им кажав на бегалците дека утре претпладне ќе ја завршиме таа работа, дојдени се и стражари. По полноќ слушаме чукање на камбана, извици на селаните, хотелската послуга ми вели: "Маса селани одат кон пасиштата со закани - кој смее нека дојде да ни ја земе земјата". На осамнување одам во општината, ама сè наоколу се наострило и гледа на нас како да сакаат да нé изедат. Јас одам кон општината, а селаните уште врват кон пасиштата. Влегов кај кметот: "Добар ден, господине кмете, каква е оваа свадба? Каде се нашите стражари?" - "Ене ги неколкумина - вели - легнале онаму пијани". Во текот на ноќта селаните ги собрале, ги напиле и тие заборавиле зошто дошле. Во таква ситуација му телефонирав на главниот директор на нашата Дирекција за тоа што се случи. Тој ми рече дека ќе разговара со претседателот на Владата и по два часа "биди на телефонот, ќе ти соопштам". Подоцна навистина ми кажа дека за да не се шири смут кај населението, претседателот на Владата рекол да се откажеме од ова доделување земја на бегалците. Вечерта заминав за Софија.

Треба да додадам дека до Руско-турската војна Телиш и земјата биле населени со Черкези, кои за време на војната избегале. Нели се забележува извесна разлика во двата случаја? Селото Палат, во полите на Огражден, чиишто селани од памтивек мечтаеле за лаки покрај Струма, се воздржуваат од секаков напад при обидот да им се одземе нивната земја, и селото Телиш - каде што е спречено давањето на бегалците 300 декари државна земја.

Од Ваксен заминав во селото Брезница, четири км далеку навнатре во Малешевските Планини од станицата

Пирин кај Струма, на излезот на Кресненската Клисура. Таму земјата беше измерена и парцелизирана. Остануваше да се категоризираат парцелите на земјата, при што да се запази принципот: веќе култивираните парцели со долгогодишни култури да им се остават на оние бегалци што веќе ги работат, а преостанатиот дел, според категоризацијата, да им се додели по 25 декари на секое семејство, од сите категории, со влечење ждрепка. Земја добија сите бегалци што ја обработуваа, а други (чиновници, еснафи) немаше. По доделувањето земја, со наредба на Дирекцијата, Откупната комисија купи и неколку рала рогат добиток за орање и им ги додели на оние што немаа таков добиток.

Потоа се вратив во Петрич, каде што парцелите веќе беа подготвени и остануваше со ждрепка секому да му се покажат парцелите од трите категории што му се паднале. Извлекувањето ждрепка се изврши во неделата наутро. Во дворот на читалиштето "Браќа Миладиновци" се подготвија неколку маси за двете комисии - општинската и бегалската, за влечење ждрепка. Општинскиот совет во целиот свој состав, на чело со кметот Георги Чапразов, си ги зазеде местата на масите. До нив Околиската бегалска комисија за згрижување на бегалците со претседател околискиот началник Золотович, како и комисијата за згрижување на бегалците во Петрич - Градската бегалска комисија под моја контрола почна со извлекувањето на ждрепките. Радоста беше многу голема и сите дотогашни спорови околу земјата со овој чин беа ликвидирани. Сите беа рамноправни при делбата. На масите беа поставени две кутии - едната за парцелите на бегалците , а другата за парцелите што ќе им се дадат на месните жители. Радоста беше придружена со општа врева, смеа и извици при секое извлекување на ждрепка. Во ждрепката беа посочени броевите на парцелите што фигурираа во општиот план за распределба на земјата, па луѓето во своите ждрепки ги читаа само трите одделни броеви, без да знаат каде се наоѓа земјата што ја добиваат. Општо земено, радоста и возбудата во секој од

нив беше притаена сè до моментот кога ќе му се посочи парцелата на самото место и тогаш избиваше радоста или разочарувањето поради изгледот на самата земја. Општинскиот совет беше презадоволен дека и месните жители добиваат земја и на тој начин се создава пријателство помеѓу жителите на градот Петрич. Извлекувањето на ждрепки траеше цели шест дена. Вториот ден беше соопштено дека ќе се покажуваат парцелите и новите сопственици ќе бидат воведени во поседовната книга како стопани, на самото место, затоа сите во седум часот изутрина да бидат на крајот од градот кај станицата, од каде што ќе почне воведувањето на сопствениците.

Утредента целиот град беше се собрал на патот под градот. Таму беа и Општинскиот совет, заедно со кметот на коњ, Околиската бегалска комисија, на чело со околискиот началник на коњ, Градската бегалска комисија, предводена од претседателот на коњ, исто така и за инспекторот за згрижување на бегалците имаа одбрано убав коњ. На коњи беа и други сеирџии. Целиот град, велам, беше излегол. Имаше и жени и деца, од љубопитство. Имаше и неколку чифта волови со рала. Нивната работа беше, откако ќе се посочеше парцелата на секој сопственик, воловите ги заоруваа меѓите на секоја парцела. Земјомерната бригада веднаш посочуваше каде е извлечената парцела. Имаше и разни продавачи со колички, продаваа специјалитети: закуски и слатки. Грчката погранична војска од врвот на Беласица го забележала тоа движење на маса народ кон полето и помислиле дека петричани го напуштаат градот, меѓутоа набргу се разочарале дека тие повеќе стојат во полето и бавно се движат.

Покажувањето на парцелите и воведувањето во владеење продолжи повеќе од два месеца. Заврши одвај на крајот на декември 1927 година. На крајот на декември се вратив во Софија, каде што сите инспектори дојдовме да поднесеме извештаи за извршената работа во текот на годината и да подготвиме план за работа во идната година.

Штом ќе се запролети, повторно ќе заминеме секој во местото што му е определено. Двапати во годината, во февруари и во јуни, главниот директор заедно со контролорот од Друштвото на народите г. Шарон, патуваа во Женева да му поднесат извештај на Друштвото на народите за текот на доделувањето земја на бегалците. При реферирањето на главниот директор, г. инж. Сарафов, за текот на распределбата во Петричка околија, српскиот претставник во Друштвото на народите веднаш му се обрнал на Главниот директор со зборовите:" Вие известувате за поделбата на земја на бегалците во околијата, на бегалците- земјоделци, но зошто во селото Брезница, недалеку од српско - бугарската граница, административниот инспектор Поп Антов им дал земја на комитските војводи Ефтим Кушов и Ефтим Чифлички, на Иван Буров и други, кои седат таму за да внесат смут во нашата земја и Малешевијата. Тие се комити со оружје. Тие никогаш не обработувале земја - зошто ним им е дадена земја?" Сарафов се нашол во чудо и одговорил "Ќе ви дадам објаснување откако ќе побарам објаснување од самиот инспектор". Еден ден во февруари, додека работев на идниот план за доделување земја, кај мене дојде секретарот на Главната дирекција, г. Киров и ми рече: "Итно ве вика пом. главниот директор, д-р Николаев".

Отидов кај него и уште од вратата ми рече: "Зошто во селото Брезница сте им доделиле земја на тие и тие комитски војводи?" Веднаш му одговорив: "Јас не видов никакви комитски војводи пред мене, видов само земјоделци кои ги обработувале тие земји и едноставно само им ги дадов во владеење. Вистина е, бегалците во селото Брезница се од Малешевско и тие не се далеку од своите родни села. Има бегалци по име Ефтим Кушов, Ефтим Чифлички и други, но сите тие обработуваат земја и јас тоа им го озаконив. Независно од тоа, тие побараа да им се купи рогат добиток за орање и Околиската бегалска комисија им го купи". - "Донеси го планот да видам". Откако му го донесов планот и записникот за доделување земја, ги разгледа вни-

мателно и ме праша: "Немаше ли во тоа село предвидени за иселување?". Му реков дека немаше предвидени за иселување, зашто колку што ќе недостига земја од пасиштата на селото Брезница за да им се додели на сите бегалци од ова село, ќе им се даде земја од селата Сливница и Будилци, кои се на 3-4 км далечина од Брезница и во согласност со Законот за згрижување на бегалците, таквиот начин на доделување земја дозволува земање од туѓи пасишта.

Телеграфски ги испрати моите објаснувања и прашањето веќе не се покрена.

Во 1928 година го почнав премерувањето на земјата во неколку села. Имав на располагање три земјомерни бригади. Започнав во селата Крупник, Горноџумајско, Елешница и Коларово - Петричко и Нова Тополница и Покровник (Полковник Дрангов). Веќе испробаниот урнек во Петрич беше применет насекаде. При доделувањето земја за секое населено место се составуваше детален записник со име и презиме на бегалецот, броевите на парцелите, износот во декари за секоја парцела и на крајот потпис на Комисијата за згрижување на бегалците, како и мојот потпис. Кон крајот на јули 1928 година главниот директор ме побарал по телефон во Петрич. Секретарот на Околиската комисија му рекол дека господинот инспектор е во селото Михнево, 7-8 км оддалечено од Петрич. Тогаш главниот директор рекол дека приквечер, по 4 часот, повторно ќе ме побара, па да ме известат и да ме повикаат. Чекав во Околиската комисија и телефонот зазвони. Главниот директор ми соопшти дека "утре со г. Шарон ќе ви бидеме гости. Да нè пречекате на излезот од Кресненската Клисура".

На следниот ден со д-р Дреновски, началник на Маларичната станица во Петрич, со нивна кола отидовме да ги пречекаме. Откако се одморивме, на станицата Пирин пристигнаа и тие двајцата. Сарафов ме запозна со Шарон и му кажа дека знам француски, дека сум завршил право во Лозана. Почна разговорот. Им објаснував на која страна

и од каде почнува Петричката околија, а овде, каде што сме сега, станицата Пирин ѝ припаѓа на Светиврачка околија. На десниот брег на реката Струма почнува Петричката околија, а лево е Светиврачката или Сандaнска околија и се расприкажав: "Ене, таму, селото спроти нас е Сливница; малку над него се гледа Будилци, а преку мостот по реката угоре, околу 3 км одовде, внатре во планината е Брезница". Сарафов се насмеа: "Таму ли им дадовте земја на малешевските војводи?". Јас му кажав: "Им дадов земја на бегалци - земјоделци. Не видов пред мене никаков војвода што бара земја или претходно ја присвоил па да му ја озаконам. Ако сакате, селото не е далеку, да појдеме. Самите лично ќе се уверите дека нивните раце се испукани од земјоделска работа и дека нивните волови се најухранети". Тие се погледнаа и Шарон рече: "Објаснувањата се доволни. Нема потреба". Тргнавме. Ме зедоа во нивната кола. Патем ме распрашуваа. Стасавме до еден свиок на патот за Светиврачка околија. Им велам: "Еве едно колибарско село. Овие луѓе добија земја. Гледате дека тутунот го сушат на отворено. Нема каде да го засолнат. Кога ќе почнат дождовите, накиснатиот тутун ќе почне да гние, да мувлосува (израз на татко ми) и ќе стане фудра; ако имаат куќи, тутунот ќе биде зачуван, тие ќе си го зачуваат здравјето и ќе можат да си ги исплатат бегалските долгови". Шарон рече: "Зар овде не се градат куќи?". Му одговори Сарафов: "Ене ја границата, на неколку километри. Ова е зона во која не се градат куќи". - "Па како тоа?" - "Е, така...". "Треба да ја видиме таа работа" - рече Шарон. - "Од зборовите на инспекторот - рече тој - разбрав дека бегалците, на крајот на краиштата, не можат да ги исплатат долговите за добиената земја. Нивниот главен доход е од тутунот, а неговиот квалитет ќе биде низок. Освен тоа, ги задушува маларијата и населението страда".

Преку Свети Врач го продолживме патот за Петрич. Запревме кај првото петричко село - Старчево. Им велам: "Ене го во оној дол целото бегалско маало, неодамна

формирано. Куќите им се покриени со слама - колиби. Истата состојба како кај оние во Свети Врач. Селото е горе, но и таму нема куќи да ги згрижиме бегалците во напуштени куќи". При влегувањето во селото нè пречекаа кметот и неколку души од селаните со неколку селанки. Селанките на двајцата им дадоа по една ткаена престилка и по околу еден метар локална многу убава ткаенина, селски вез. Им кажав дека тоа се бегалци од Демирхисарско, кај Сер. Тоа им е старата носија. Тие обајцата беа презадоволни и оттаму заминавме за Петрич. Вечерта општината приреди банкет во нивна чест. Присуствуваше целиот Општински совет, Околиската бегалска комисија и кога се постави прашањето за распределбата на земјата, ние им ги покажавме тие снимки (снимките се зачувани). Шарон се сврте кон кметот и вели: "Зар толку свечено било тоа доделување земја?". Кметот одговара: "Самата снимка суво го регистрира свеченият настан, меѓутоа, викотниците и радоста се огласуваа по целото поле. Ние сме му многу благодарни на вашиот инспектор г. Поп Антов за завршената работа во Петрич". Шарон прашува: "Сарафов, ги имаме ли ние тие фотографии во Дирекцијата? Добро се сетил инспекторот да го сними настанот". Сарафов вели: "Мислам имаме". Јас додадов дека има, зашто јас ги пратив. Ги има и во Општината и во Дирекцијата. - "Убав спомен, рече Шарон - добро е да ги однесеме во Друштвото на народите, да видат колку позитивно се одразил доделениот бегалски заем врз бегалците".

Утредента го обиколивме Петрич и јас постојано им покажував: "Ене ги тутуните. Ене ги и куќите, тие ќе го заштитат тој тутун". Шарон се загледа во некои тутуни, па Сарафов ми рече на бугарски: "Многу си упорен за куќите. Ќе гледам да го натерам да градиме куќи. Преземаш убава иницијатива и на место ти е". Попладнето тие малку се повлекоа да се одморат во хотелот и потоа двајцата ме повикаа и ми рекоа да подготвам список кој од бегалците сака да си изгради куќа. Им реков дека за една недела ќе ја оби-

колам околијата и за секое село ќе им пратам списоци на тие што сакаат да им се изгради куќа.

При доделувањето земја селата во Подгорјето, особено во Ключ и Скрт, сретнав многу имиња на месности што потсетуваат на битката на царот Самоил на Беласица со византискиот император Василиј II Бугароубиец. Самото село Ключ претставува вистински ключ. Таму е најтесното место помеѓу Беласица и Огражден, помеѓу кои во долината тече реката Струмешница. Над самата река се забележливи остатоците од Самоилова тврдина, која го носела тоа име и во турско време. Таму преку Беласица има единствен премин, по кој се минува од нејзиниот јужен дел кон северниот. Сега границата оди по сртот на Беласица. Јужниот дел е грчка територија, северниот - бугарска територија. На тој премин одненадеж е нападната бугарската војска, што е резултат на предавство, и биле заробени 14.000 Самоилови војници. Од патот на селото Ключ кон селото Скрт има една полјана што го носи името "Вадиоч" и преданието вели дека таму им биле извадени очите на Самоиловите војници. Наблиску понатаму е селото Скрт. Растојанието помеѓу двете села е околу 3 км. Преданието вели дека селото Скрт пред освојувањето од страна на Турците се викало Скрб. Турците го преименувале во Скрт. Од полјанката "Вадиоч" кон селото Скрт од џадето се дели еден пат што води угоре кон реката Струмешница. Патот се вика Скрдо. Преданието вели дека ослепените војници на Самоил минале по тој пат кој се викал "Скрбно". Турците го преправиле "Скртно".

Во 1928 година со бригадата за доделување земја заминав во селото Орман, каде што пред тоа се случил крвав инцидент помеѓу бегалците и полицијата и, како последица на тоа, како што кажав погоре, Дирекцијата на ТПС се откажа да ја дели земјата на бегалците и генералот Тодоров поднесе оставка на местото окружен управител на Петрич. Бригадата остана да ноќева во училиштето, а јас отидов право во куќата на пораешниот кукушки војвода Ди-

машев. Добро ме нагости и во разговорот му реков дека сме дошле да им доделиме земја на бегалците во селото Орман. "Се разбира, ти ќе треба целосно да соработуваш. Нели си бил војвода! Бегалците се повеќето од вашите места и добро те познаваат". Помеѓу другото, му го кажав и следново: "Нели нашето револуционерно движење во Македонија беше насочено против беговската експлоатација? Сигурно и вие таму во Кукуш сте убиле некој од беговите затоа што ги тероризирал селаните и затоа што имал многу земја". Тој си го одврза јазикот и почна надолго и нашироко да раскажува што правеле таму. Се спомна дека таму бил и Мишо Шкартов. Му реков дека Мишо е мој внук. "Зар ти си му вујко на Мишо?" - "Да" - му реков. Тој ми рече: "Па јас, кога бев во Софија, бев да го посетам Мишо и тој ми порача да ти донесам голем поздрав. И сè мислев да дојдам да ти кажам". - "Е, да, - му реков - вие големите луѓе, војводите, заборавате". - "Не, бре, Поп Антов, не ме доведе патот". Му реков: "Утре ќе ги средиме парцелите, голем дел од пасиштата се измерени, парцелизирани, го имаме стариот план, ќе го подобриме и ќе започнеме да ја доделуваме земјата". Жена му се замеша: "Мито, гледаш ли каков голем човек дошол кај нас и колку лесно си разговарате. Нема ни пушка, нема ни револвер. А оние што дојдоа порано, дојдоа како бесни кучиња и од далеку почнаа да лаат". И го почнавме разговорот за распределбата на земјата. По колку декари има од прва, втора, трета категорија и има ли бегалци што располагаат со многугодишни насади: овоштарници, лозја. Тој вели: "Има такви. И јас имам, - вели - еден овоштарник црници од 20 декари". - "Ех, - реков - која категорија ќе биде тој? Се разбира, прва. Ќе има ли прва категорија за да им дадеме на бегалците?" - го прашав. - "Нема да има" - вели тој. "Па тогаш - му одговорив - ќе земеме од твојот овоштарник". - "Како ќе земете, од црничките ли ќе ми земете?" - "Да, ќе ти го оставиме она што ти следува, другото ќе го земеме". - "Кому ќе го дадете?" - "Па, ќе помислиме". Пак се замеша жена му: "Убаво ти зборува инспекторот. Не е

право ти да имаш 20 декари црничков овоштарник под вода, а другите да немаат ништо". Тој малку се позаврте налево-надесно, па вели: "Ме најде во тесно". - "Зашто на тесно? Ептен широко е". - "Ме најде на тесно, зашто ќе треба да се согласам". - "Подобро да се согласиш без никаква врева, отколку да ти се земе со голема врева и да станеш резил пред твоите луѓе. Она што е најдобро за селаните и за тебе, тоа јас ќе го направам. Утре доделувањето земја ќе зависи од тебе. Ако се противиш, ќе го загубиш твоето име, ако не се противиш - ќе си го зачуваш влијанието што го имаш кај селаните".

Уште рано изутрината, околу седум и пол часот, Селската бегалска комисија веќе ја најдов кај бригадата. Го отворивме планот и направивме сметка колку има бегалци, колку има парцели од секоја категорија, колку од сите заедно. Ако не се лажам, од прва категорија се паѓаа по десетина декари. Насади имаше малку. Освен овоштарникот со црнички, други насади во поголем обем немаше. Сметката покажа дека за сите ќе има по десет декари од прва категорија. Началникот на бригадата ми рече: "Г. инспекторе, овде има еден овоштарник со црници од 20 декари. Штом прва категорија е 10 декари, ќе треба да ги одземеме другите десет". Селската бегалска комисија со внимание следеше што ќе се случи сега. Јас му реков: "Ќе одземете 10 декари. 10 декари ќе му останат на стариот сопственик". - "Значи, стариот сопственик нема да влече ждрепка за парцела од прва категорија?". Димашев вели: "Ами овоштарникот е мој. Значи половината ќе ми го одземете". - "Да" - му велам. "А кому ќе му го дадете?" - "Ех, ќе видиме потоа". - "Па, штом наредбата е таква. Барем почнете да одземате од овој крај. На оној крај црниците се побујни". - Го прашав: "Значи ти сакаш да си го задржиш тој крај таму?" - "Да, г. инспекторе. Таму подобро се полеваат и затоа се побујни". - "Така ќе биде, Димашев. Слушај, - му велам - ти си од Кукушко, си го шетал Солунското Поле. Таму се одгледуваат свилени буби. Еве, имаш 10 декари црници.

Колку унци семе од свилената буба можеш да храниш? Ако ја развиеш таа работа во селото, ти ќе воведеш еден нов голем доход за селото. Како што твојот овоштарник се развил за 10-15 години, и другите селани ќе посадат црничови дрвја и туку гледаш, ќе имате многу кожурци и ќе се создаде една голема корист за луѓето. И наместо да те пцујат, Димашев, луѓето ќе почнат да те благословуваат".

За четири-пет дена поделбата на земјата во селото Орман се заврши без проблеми. Луѓето во Петрич за сето време биле на штрек што ќе се случи, да не се повтори во Орман крвавиот настан. Сè беше завршено на најмирен начин. При поделбата во селото Клуч по селското пасиште се движеа два пуштени коња на двајца четници - Турци од Радовишко. Тие пребегале во Бугарија, дошле во Петричко, се сместиле во Клуч, се ожениле за некои Турчинки и почнале да претендираат на некои наследни права на разни ниви што биле сопственост на роднини на нивните жени, кои одамна го напуштиле селото и заминале за Турција. Револуционерната организација ги трпеше зашто одвреме-навреме ѝ правеле некакви услуги. Кога почна премерувањето, како што беше поделбата во сите села во Петрич општа за бегалците и за месните луѓе, така требаше да биде и овде. Во Подгорјето, кое се состоеше од осум села во северните поли на Беласица, во насока кон Струмица сè било населено со чисто турско население. Со векови бугарското население од Огражден со завист и злоба погледнувало на таа плодна котлина, на тие бујни овоштарници и на прочуеното грозје "пармак", чиишто лозници виселе по дрвјата, а тие во безводниот Огражден се печеле на жешкото сонце и гладувале. Често вршеле ненадејни напади, било да убијат некој злосторник било да ослободат грабната робинка-жена од некои зли Турци. По Балканската војна поголемиот дел од турското население набргу се исели и нивната земја влезе во фондот на земјиштата без стопан и беше дадена за да им се додели на бегалците. Во тој крај на Подгорјето бегалците беа повеќето од Горни Пороj и од сосед-

ните села. Со населувањето таму, тие ги зеле и турските имоти. Многумина од спротивната страна, од крајот Игуменец и други огражденски места, по Балканската војна исто така слегле и се населиле во Подгорјето, при што некои од нив на еден или на друг начин се здобиле со земја, а многумина останале и без земја. При распределбата особено внимание му посветив на тоа двоење и постапив како при распределбата земја на бегалците во Петрич, и воопшто - според принципот што беше применет во целата Петричка околија: истовремено со доделувањето земја на бегалците, да им се даде земја и на месните жители што ја немаат или ја имаат малку.

Во Ключ сите бестопански земји беа на избегани Турци што го напуштиле местото на живеење и се иселиле од територијата на Бугарија. Му кажав на кметот да им соопшти на спомнатите Турци да си ги приберат коњите, зашто бегалците се жалат поради разни штети што им ги прават коњите. При проверката на многу парчиња земја се покажа дека истите двајца Турци си ги присвоиле парцелите што не се сопственост на нивните сопруги и јас дополнително ги внесов во фондот на земјите без стопан. Работата течеше редовно, како секој ден. Работевме во една соба во џамијата, а за ручек и вечера се прибирав кај кметот, каде што бев на стан. Вечерно време доста задоцнувавме. Една вечер кметот ми вели: "Ајде да си одиме дома". Беше темно, но доста рано. Му реков да ја довршиме работата. "Ех, ајде да си одиме". На излегување нешто тој се шушукаше со другите двајца и ме одведе дома не по вообичаениот пат, по кој редовно си одевме, туку по друг пат. Го прашав: "Илија, зошто се враќаме по овој подалечен пат?" - "Ами - вели - ми се здрвија нозете од седење во џамијата, па малку да се поразвижиме".

Се вративме дома. Донесе шише ракија и дојдоа оние со кои шепотеше, па се собравме околу 4-5 души. "Ајде, господине инспекторе, да испиеме по една ракија за твое здравје". - "А зошто само за мое здравје. Нека биде за

здравјето на сите". Тој се смее, се смеат и другите. "Така треба да биде оваа вечер" - рече и, откако пивнавме од ракијата, почна да објаснува: "Ти нели нешто таму намириса - ми вели, додека уште бевме во џамијата?" - "Не ми мирисаше на ништо". И тогаш ми рече: "Оние двајца Турци, знаејќи по кој пат се враќаме, фатиле пусија (заседа) и чекале да поминеш за да те убијат. Тоа го одбегнавме, а оние со кои шепотевме таму, отидоа кај нив, ги фатија, им го зедоа оружјето, ги врзаа и ги отераа во Петрич. Му ги предадоа на полномошникот на Револуционерната организација".

Тоа беше единствениот случај кој беше непријатен при распределбата на земјата во Петричко. Во Петрич и Петричка околија до крајот на 1929 година имаше најголем број бегалци и сите беа снабдени со земја, и оние што беа предвидени за иселување според Општиот план за распределба на земјата на бегалците, и за нив се најде земја и им беше дадена. Не остана бегалец, независно од неговото занимање, што не добил земја во местото во кое живееше. Ќе беше уште подобро ако Дирекцијата за бегалци ги послушаше советите што ги даваат некои од административните инспектори, неодложно по распределбата на земјата да им се дадат и потребните имотно-сопственички документи. На таков начин бегалците ќе го одбегнеа одложувањето во врска со обезбедувањето нотарски документи, кое се влечеше со години, потоа и ќе заштедеа многу од трошоците, кои подоцна беа потребни за подготвување на сопственичките документи во Софија. Инспекторите беа таму, имаа на располагање бегалски комисии, ги имаа за помош учителите, општинските даночници и други образовани луѓе, па веднаш по добивањето земја, за месец-два најмногу, сите сопственички документи ќе беа подготвени и оверени од локалните мировни судии и ополномоштени од Дирекцијата, ќе беа потпишани од Народната банка или од друго ополномоштено лице. А не како што се случи - подоцна да бараат докази нивните наследници, откако оној што добил земја починал. Тоа беа големи промени.

Во согласност со инструкцијата на главниот директор да подготвам список на бегалците што сакаат да им се изгради куќа, по една недела испратив детални списоци за целата околија. Дирекцијата дозволи да се градат куќите. Изградбата почна под надзор на други технички лица. Во Петрич беше изграден цел реон помеѓу градот и станицата, а такви градби беа завршени и во разни места на градот. Во селото Нова Тополица покрај Струма беше изградено цело село за сите, со помош на Дирекцијата за бегалци се изгради и црква. Никна и ново село Покровник или Полковник Дрангов, на патот од Петрич спрема Кулата. Населбата доби и водовод. Во Петрич исто така се изгради водовод на сметка на бегалскиот заем. Во селото Скрт едно маало што немаше вода беше обезбедено со водовод и таму кметот Христо Гогов рече: "Поп Антов, ако ова маало добие вода, знај дека тоа е исто како да си изградил манастир. Од чешмата овде ќе ја гледаме Струмица и ќе те благословуваме". Јас на шега му кажав оти ќе ме пцујат. Според признанието на сите инспектори и самата Дирекција, распределбата на земјата на бегалците, снабдувањето со добиток и изградбата на куќи во Петричка околија - сето тоа беше оценето како за пример.

Истовремено со доделувањето земја на бегалците во Петричко, почна премерувањето и парцелизирањето на земјата во селата Крупник и Симитли во Горноџумајска (Благоевградска) околија. Уште во мај 1927 година, при првата обиколка на теренот, издадов наредба како во Петричката околија, така и во Благоевградската, сите документи од сите сопственици да бидат презентирани со писмени поднесоци. Целта беше од документите да се види колку земја може да им се додели на бегалците и на локалните луѓе што имаат малку или немаат имот. Сите ги презентираа документите за сопственишто на земјишните имоти. По измерувањето на целиот терен и споредбата со документите, се констатира колку има земја без стопан, за да им се додели на другите. Целта беше да не бидат издадени на брза рака

нови документи од страна на судовите врз основа на разни лажни сведоци. Така тие документи беа проверени од разни комисии во населбите и се виде колку има земја без стопани. Во Горна Џумаја, под претседателство на поранешниот претседател на Окружниот суд, Христо Кенин, проверките се правеа речиси во текот на целото лето 1928 година. Во Крупник имаше над 2000 декари премерена земја. Од документите на сопствениците имаше околу 700 декари. Останатите 1300 декари требаше да им се доделат на бегалците и малоимотните. За време на доделувањето земја разни ополномоштени лица почнаа да покажуваат турски документи, кои не се земаа предвид, зашто се сметаше дека тие имоти се без стопан. Им доделив земја на бегалците во Крупник. По кратко време добив од Дирекцијата барање да се изјаснам по повод една поплака од селото Србиново, од другата страна на реката Струма, оддалечено 7 км од Крупник. Србиновци се жалеле дека сум им ја одзел земјата што ја имале на теренот на Крупник и, меѓу другото, во поднесокот велат дека додека Поп Антов во Петричко идеално им ја поделил земјата на сите бегалци, овде "ни ги одзема нашите сопствени земјишта". По проверката на поплаката од србиновци дадов објаснување дека е констатирано: поднесокот го напишало едно лице што мене ми е познато. Ја имам неговата картичка, му го познавам ракописот. По споредбата беше констатирано дека молбата ја напишал Иван Ингилизов, потписите се од разни лица и имаше потпис К. Григоров, ракописно напишан со левата рака на Ингилизов. На Дирекцијата ѝ одговорив дека поплаката доаѓа од народниот пратеник Иван Ингилизов, кој како ополномоштен, во Крупишката општина покажал турски документ за 200 декари. И, бидејќи не го зедовме предвид, преку подметнати лица продолжува да ја напаѓа распределбата.

Во текот на зимата 1928 година, при крајот на февруари добив покана да се јавам на заедничка седница на Македонската парламентарна група во домот на народниот

пратеник Иван Каранџулов[32]. Таму се постави прашањето за поделбата на земјата на бегалците во Крупник и за другите неправилости. Детално им објаснив сè за распределбата, им ја објаснив и причината за поплаката на некои србиновци. Се замеша Иван Ингилизов и го спомна даденият поднесок. Му реков: "Иване, ние сме добри пријатели. Иване, поплаката си ја направил ти зашто не ти ги вратив оние 200 декари турски имоти за кои имаше полномошно". - "Не е вистина" - рече. Тогаш јас ја извадив неговата картичка што ми ја имаше испратено и реков: "Споредете го ракописот на картичката и на поплаката. Нели е јасно кој ги напишал?". Каранџулов се свртува и вели: "Се вмешавме во нешто што не е наша работа". Д-р Руменов му вели: "Тоа е токму наша работа. Од алчност ние ја забораваме нашата одговорност како народни пратеници. Поп Антов постапил најправило. Да се надеваме дека и во Горна Џумаја ќе ја заврши работата со доделувањето земја како што ја заврши во Петричко".

Во 1929 година имаше нови избори. И пред новата Македонска група Ингилизов пак поднел поплака дека распределбата на земјата во Крупник не била спроведена правилно. Во јануари 1930 година одново ме повикуваат за објаснување пред Македонската група. Таму беше поставено истото прашање. Им реков: "Оваа распределба Дирекцијата ја прифати како најредовна. Ако сметате дека не е во ред, дајте план за подобро спроведување. Лесно е да се расипе она што е направено, но на новото решение не му се гледа крајот". Тие не можеа да укажат на некои факти, со кои ќе ја поништат распределбата и ќе ја заменат со нова.

Во 1930 година заминав на истата задача во Разлог. Земјата што ТПС ја даде за бегалците од ден на ден се на-

[32] Иван Каранџулов (1856-1930), роден во Прилеп, правник, по Првата светска војна бил претседател на Македонскиот национален комитет, главен обвинител на Врховниот касационен суд во Софија и претседател на македонската парламентарна група во Народното собрание на Бугарија.

малуваше, бидејќи им се враќаше на разни турски полномошници. Еден познат инспектор од Дирекцијата на ТПС ми соопшти дека околу 300 хектари ќе бидат исклучени од Бегалскиот фонд и за тоа се прави список. Тие биле сопственост на Хаџиски, богат бег од Разлог и Горноџумајско. Веднаш заминав за Разлог, го свикав Општинскиот совет. Побарав да ми се предаде фондовската земја за бегалците. Тие ми ја предадоа. Го почнавме мерењето. На петтиот ден доаѓа ликвидаторот од Главната дирекција на ТПС и го известува Општинскиот совет дека од Бегалскиот фонд треба да се одземат 300 декари, сопственост на Хаџиски. Кметот ми соопшти дека завчера сите имоти со записник му ги предале на инспекторот за згрижување на бегалците: "Видете се со него". Тој одговорил: "Што има да се среќавам со него? Тие се веќе во рацете на бегалците. Од него јас не можам да земам ниту декар. Задоцнив и Хаџиски загуби сè". Таму бегалците добија мошне квалитетна земја и за месец-два се вратив во Дирекцијата.

Во Главната дирекција за згрижување на бегалците бев на работа од јануари 1927 до крајот на декември 1930 година, четири полни години. Добивав плата од 5000 лева месечно и, кога бевме упатувани на ново работно место, а тоа обично беше од април до крајот на декември секоја година, добивав патни, дневни трошоци и трошоци за стан, како и додатни за километража, по четири лева на километар при обиколка на полето.

При распределбата на земјата на бегалците, таа беше, како што реков, распределена по категории и секој бегалец требаше да добие од секоја категорија. Нестопанската земја, особено во Петричко, Горноџумајско и Разлошко, беше повеќе во мали парцели, сопственост на избегани Турци, многу пати измешани во полето со парцелите на сопственици што останале да живеат во селата. Овие мали парцели претставуваа голема незгода, особено поради неопходните меѓи, во кои се губеше доста работна земја. Се случуваше, особено во Подгорјето, да се даваат по 10-12 пар-

цели на едно семејство, и тоа распрснати по разни места, со големи меѓи оградени со камења. Во Коларово, на пример, по влечењето на ждрепката им оставив три дена едноподруго да си ги заменат имотите според нивна желба за да се обезбеди концентрација на имотите на едно место и дадените парцели да бидат поголеми. Ниту еден не направи таква замена. Секој си велеше: "Таков ми бил к'сметот", а зад тој к'смет се криеше стравот на стопанот да не биде некако измамен, па да загуби нешто. На други места, каде што бегалците добиваа земја од пасишта или од опустошени шуми, парцелите им беа поголеми и не повеќе од три на број - по едно парче од секоја категорија земја. Во тоа време во Стара Бугарија се вршеше комасација на земјата (собирање на земјишно стопанство на едно место). Оваа мерка не беше применета и на бегалците, а можеше да се примени, ако се води сметка за квалитетот и количеството на секој комасиран имот. Оваа мисла ми дојде токму во Петричко, да се соберат имотите на еден сопственик на едно место, но веќе реков - ниту еден не посака, макар што тоа е умна и корисна мерка.

АДВОКАТ ВО ПЕТРИЧ

Во 1931 година во горноџумајскиот Окружен суд се запишав како адвокат во градот Петрич. Мислев оти ќе има работа, меѓутоа, по тригодишниот престој таму дојдов до заклучок дека нема работа колку што очекував - нема големи предмети. Сопствениците на добиената земја штотуку ќе се стабилизираат, нарушените владенија беа многу малку, кривични дела речиси воопшто немаше. Во текот на тие три години поминати во Петрич не се сеќавам дека била извршена кражба, за која е покренатата постапка. Предмети од наследно право немаше, зашто земјата штотуку им беше дадена и уште не беше исплатена. Јас живеев сам во Петрич, а моето семејство живееше во Софија. Најпосле, се вратив во Софија.

Почнав со адвокатура во Софија. Во прво време беше тешко, но подоцна можев да заработувам за да си го прехранам семејството.

ПРОМЕНА НА ПРЕЗИМЕТО ПОП АНДОВИ ВО ПОП АНТОВИ

Татко ми, како свештеник, се викаше поп Андо и нашето семејство се презиваше Поп Андови (со буквата "д", а не со "т"). "Д" се претвори во "Т" само за нас тројцата: за мене, Тодор и за Јованче. Како била извршена промената кај Тодор во Солунската гимназија - не знам и не ми паднало на ум да го прашам Тодора додека беше жив. Во Скопје јас отидов како Поп Андов. Класен раководител во први клас ми беше Трајче Антов од Скопје. Промената ја извршил тој кога ме запишувале и на таа промена јас не сум обрнал внимание. Така уште од први клас од Поп Андов станав Поп Антов. Кај нас има семејство Антови во селото Мрзен Ораовец, Тиквешко, а во Ваташа името Андо е многу често. Татко ми го знаеја како Андов и при разни сеќавања или во разни раскажувања на други луѓе, надвор од Ваташа, го ословуваа "оче Андоне", а не "оче Антоне". Анто во нашето село нема. Андон - да.

МОЈАТА СОПРУГА И НЕЈЗИНОТО СЕМЕЈСТВО

Веќе кажав како се случи мојата свршувачка и свадбата со жена ми Марија Поп Алексиева.

Жена ми е родена во Солун, во август 1888 година од родителите Николаки Поп Алексиев, трговец со диви кожи во Солун и мајка ѝЦарева Николаки Поп Алексиева, по татко Димитар Миладинова од патриотското семејство на Миладиновци од Струга. По завршувањето на трети клас во Солунската женска гимназија учела на францускиот колеџ "Гуро" во Солун. По воведувањето стопански женски

курсеви во Солун, се запишала на тие курсеви. При еден напад на браќата Дамјанови од страна на Револуционерната организација и убиството на Јосиф Дамјанов таа била присутна на улицата, ги видела убиецот и паднатиот мртов Јосиф Дамјанов. Овој факт создал голема вознемиреност кај родителите, зашто таа била единствениот случаен сведок на убиството. Била шетана од истражниот орган и од судот како сведок, барале од неа да го посочи убиецот кој бил помеѓу неколкутемина затворени солунски младинци и кого требало да го препознае и посочи. Како во истрагата, така и пред судот, таа одговарала дека не може да го препознае убиецот, иако мошне добро знаела кој е тој. Ја прашувале во судот на француски и таа одговарала на француски. Се ределе прашањата "овој ли е убиецот" - за секој од затворените. На секое прашање таа одговарала: "Не, не, не". Последен бил самиот убиец, но и за него рекла "Но".

За време на Балканската војна, при навлегувањето на14-тиот баталјон на бугарската војска во Солун, таа, заедно со други солунски бугарски девојки, станала милосрдна сестра - доброволка при болницата и при напуштањето на Солун бугарските санитарни власти ѝиздаваат објава (дозвола за слободно движење) за слободно да замине во Софија. Ден-два пред 16 јуни 1913 година таа со брат и Владислав го напуштила Солун и со воз отпатувала за Цариград. Возот од Солун до Кукуш често бил задржуван од страна на грчките воени контроли, дури потоа се извлекле од воената зона, пропатувале низ Тракија, а од Луле Бургас се префрлиле на воз за Пловдив и Софија. Пристигнала на станицата Кричим и отишла во Перуштица кај својата роднина Марија Илија Групчева. Оттаму стасала во Софија, каде се собрале тројцата: двајцата браќа и таа. Зеле куќа под наем на ул. "20 април" бр. 11, кај Никола Мајсторов. По извесно време, истата година, стасуваат и родителите заедно со нејзината помала сестра Рајна.

Француската поговорка вели: "Ки се расамбл, се асамбл" (тие што си одговараат, се привлекуваат). Така

беше и со нас. Таа е од големо патриотско семејство, а и нашето не е помалу од нивното. Познати се страдањата на нејзиниот дедо, големиот преродбеник Димитар Миладинов, кој загина како една од првите жртви за бугарскиот јазик и себугарската слобода, во борба против фанариотското духовенство. Отруен е во цариградските турски зандани во јануари 1862 година заедно со брат му Константин. А не помалку патриотско е и семејството на нејзиниот свекор, кој уште во младоста им откажал послушност на грчкиот владика и на Грчката патријаршија и на демонстративен начин, пред официјалната власт, му префрлил на владиката во врска со неговата светост, поради што трипати бил на заточение и, благодарение на неговата претпазливост не загинал од грчка рака, за подоцна бесчовечно да биде убиен од заштитниците на грчката кауза - турската власт.

Ние не се зедовме од љубов, меѓутоа, нѐ здружи животот како маж и жена за да живееме секогаш во целосна слога и долгиот живот ни ја создаде навиката добро да се разбираме. Таа беше многу слаба. Во бракот имавме тројца синови. Како добра мајка, секогаш се грижеше за своите деца. Трепереше над нив ден и ноќ. Гледаше да воспита добри синови за семејството и за општеството. Јас бегалец и таа бегалка - формиравме семејство.

Татко на мојата жена е Николаки Петров Поп Алексиев (1852 - 1 ноември 1941 г.) од Охрид. Се преселиле во Битола каде што учел во грчко училиште и оттаму, веќе 15-16-17-годишен, како кожуварски работник, заминал во Солун. Големиот град му ги отворил очите. Покрај кожуварската работа, почнал и да тргува со диви кожи (од дивеч). Си воспоставил врски со Липиска. Основал самостојна канцеларија во Солун. Го изучил добро грчкиот, се служел со еврејскиот, албанскиот, турскиот, францускиот и италијанскиот јазик. Честите патувања во Лајпциг, во Германија, му помогнале да го научи германскиот јазик, устен и писмен. Често патувал во Романија, зашто поголемиот

брат Христотуле бил на работа во Букурешт. Руско-турската војна го затекнала во Одеса. Оттаму се префлил во Романија, Германија и преку Италија се вратил во Солун. Во1884 година се оженил за Царевна Миладинова, директорка на првата бугарска женска гимназија во Македонија, во Солун. При отворањето на пансионот на Машката гимназија, дедо ми Никола зел активно учество во работата на Пансионската комисија за уредување на пансионот, каде што низа години бил член на Комисијата. По Балканската војна, во 1913 година доаѓа во Бугарија. Беше многу активен и трудољубив.

Мајката на мојата сопруга, Царевна Димитрова Миладинова, е родена на 1 јануари 1856 година во Струга. Останала сираче по несреќната смрт на татко ѝ во цариградските зандани. Учела основно училиште во Струга. Била трудољубива и понекогаш читала "Апостол" во црквата. По едно такво читање на "Апостол" во црквата присуствувал и рускиот конзул воБитола, Хитрово. Тој бил трогнат од раскажувањето на стружани и посакал да го види домот на Димитар Миладинов и неговите сираци. Откако се распрашал подетално за семејната положба, искажал желба да земе едно од децата да го испрати да се воспитува во Русија. Помеѓу петте девојчиња и едно машко, тој го побарал Панделиј - малолетниот син на Димитар Миладинов. Меѓутоа, мајката Митра по никоја цена не сакала да си го даде детето да го пратат во туѓина. Потоа мајката се согласила да биде испратена нејзината малолетна ќерка Василка, која татко ѝ ја прекрстил во Царевна. Во 1868 година баба Царева била одведена во Цариград и оттаму заедно со други ученици заминала за Русија, со брод до Одеса. Од Одеса до Киев немало железничка линија, па патувале со санка. Пристигнала во Киев и била сместена во Киевската фундуклиевска женска гимназија и живеела во гимназискиот пансион, со руска стипендија. Во 1874 година ја завршила гимназијата и се вратила во Цариград. Кога разбрала дека ќерка ѝ се вратила во Цариград, и баба

Митра лично отишла во Цариград да ја земе ќерка си за учителка во Македонија, при што истовремено го водела и струшкиот учител Георги Икономов, за да го сврши со ќерка си и да го направи зет.

Средбата помеѓу мајката и ќерката во Цариград била трогателна. По радосните изблици, облеани во солзи дека се гледаат здрави и живи, баба Митрај рекла: "Ќерко, еве го и нашиот учител, белким ќе се задомиш со него и да станеш учителка по нашите места заедно со него". Ќерката веднаш се возбудила и рекла: "Јас уште не сум дорасната за мажење. Треба да учителствувам таму каде што ќе ме пратат од Егзархијата" и од тага и очај одвај се воздржала од самоубиство. Се замешале луѓето од Егзархијата и ја пратиле за учителка во Женското училиште во Шумен. Таму таа работела неколку години заедно со познатите учители Добри Војников, револуционерот - апостол Панајот Волов и други. Во1877 година, за време на Руско-турската војна, во Шумен таа го пречекала со букет и со одличен говор главниот командант на руската војска, кнезот Николај Николаевич - постариот. По ослободувањето била назначена за наставничка во Свиштов, а во 1882/83 година од здравствени причини заминала да учителствува во старото планинско гратче Етрополе. За време на распустот во 1883 година Егзархијата ја поканила да замине и да ја отвори Првата женска гимназија во Солун. Таа е основач на таа гимназија. Таму се запознала со енергичниот и млад трговец Николаќи Поп Алексиев и се омажила за него. Жена ми Марија е второто дете од живите четири деца на нивното семејство.

Кога се преместиле да живеат во сопствена куќа во реонот "Пиргите" во Солун, каде што немало бугарско училиште, маалските деца оделе во грчко училиште, а во тоа време и Србите во истиот реон се подготвувале да отворат училиште. Таа отворила приватно училиште во сопствениот дом, при што за учителка ја ангажирала Марија Думбалакова од познатото семејство Думбалакови. Подоцна

ова училиште било прогласено за општинско. Во 1892 година заминала за директор на Женското училиште во Прилеп. Потоа го напуштила учителствувањето и била пензионирана. Останала во Солун да си го гледа семејството и била една од најактивните членки на тамошното Женско здружение. Во 1913 година, по погромот на сѐ бугарско во Солун, таа со тага го напушта Солун и доаѓа во Софија, каде што ѝ биле и трите деца, претходно собрани таму.

Таа беше тивка, говорот ѝ беше мирен и убедлив. Многу им се радуваше на внуците и внучките од ќерка ѝ и синовите. Го сакаше рускиот јазик, го сакаше својот народ и погледот ѝ беше постојано кон Солун и Македонија. Во устата ѝ беа зборовите: "Македонија е наша и пак ќе биде наша". Поголемиот дел од нејзината мала пензија го трошеше за општествена помош на болни и немоќни. Во декември 1934 година, откако ја зела пензијата, без никому да каже отишла во општината да го внесе својот прилог за зимската помош на бедните. Го побарала кметот, курирот ѝсоопштува дека е зафатен со комисијата. Налутена од таков остар одговор и недозволување да биде примена, таа се упатила кон дома и толку била изнервирана што, наместо да помине по ул. "Солунска", која води кон нејзината куќа на ул. "Ивајло" бр.19, тргнува по улицата "Гледстон" и на крстопатот со Бул. "Сталин" ја повлекол и тешко ја повредил трамвајот. Ја однесле во болницата и по три дена, на 18 декември истата година - починала. Погребот бил извршен на 20 декември во црквата "Св. Георги" во присуство на голема маса почитувачи и познати, меѓу кои присуствуваше и веќе познатиот од Шумен варненски митрополит, Неговото високопреосвештенство Симеон.

Жена ми има двајца браќа, проф. д-р Владислав Алексиев и помалиот брат Димитар Алексиев (1892) и една сестра, Рајна (1896).

ЖЕНАТА НА БРАТ МИ ПОЛИКСЕНА КОСТОВА МОСИНОВА

Во септември 1909 година во Солун брат ми Тодор се венча со учителката Поликсена Костова Мосинова, родена од Охрид во 1882 година. Школувањето го завршила во Солунската гимназија во учебната 1897/98 година. Првите години била учителка во Охрид, а во 1900/01 година беше учителка во Пехчево, Малешевско, каде што брат ми Тодор беше главен учител. Уште со завршувањето на гимназијата срцето ѝ копнеело да биде корисна за народот и уште како учителка во Охрид во 1899/900 година земала живо учество во Организацијата, откако неколку од учителките формирале Женски кружок меѓу охридските жени. Охридскиот владика Методи ги претчувствуваше тие активности на Кружокот, па иницијаторката Поликсена ја праќаат за учителка во Пехчево. Таа и таму зема најактивно учество во револуционерните активности на месната организација. Во 1902/03 година пак е назначена за учителка во Охрид. При објавувањето на востанието, таа и нејзината другарка Клија Самарџија, со која пред тоа била затворена во битолскиот затвор поради револуционерна дејност, решиле да заминат во некоја од четите. Ги напуштиле своите стари родители и уште вториот ден по востанието се упатиле преку турското маало во Охрид кон селото Вевчани, каде што се надевале оти ќе ја најдат четата и ќе се вооружат, зашто двете тргнале само со високиот револуционерен дух да ги вложат своите сили во полза на Македонија. Тргнале без никаква подготвка, дури без повеќе облека, ранец или леб. Штом наближиле кон селото, слушнале истрели, го виделе селото во пламен и патот од селото кон градот се исполнил со жени и деца што бегале голи и боси и ранети. Со тоа патот на нашите револуционерки кон четата и планината бил попречен, се вратиле назад и уште до вечерта смислиле како ќе можат да бидат корисни за својата Револуционерна организација. Решиле да офор-

мат болница, во неа да ги приберат ранетите селани, селанки и четници, да им дадат медицинска помош, да ги лекуваат и да им ги преврзуваат раните. Тоа веднаш го сториле не само со збор, туку и со дело. Влегле во училиштето и го прогласиле за болница. Со помош на други жени од градот собрале постели, покривки, перници. Ги оспособиле болничките легла и пребеганите ранети селани и четници веднаш биле прибрани во болницата. Поликсена ја раководела болницата како главен лекар, а сите околу неа притрчуваат секој да биде од корист колку што може: жени и млади девојчиња и момчиња собирале и направиле голем магацин со храна и облека. Многу од охридските невести и моми го давале својот чеиз за преоблекување и преврски на четниците и ранетите луѓе. Болницата била отворена дење и ноќе. Ноќно време собите светеле, макар што било време на распустот. Ноќната патрола (деврие) од турски жандарми и војници забележала дека во училиштето свети. Има движење на луѓе. Го известиле кајмакамот Мејдибег, по потекло Албанец од Тоските, високоинтелигентен човек. Лично решил да дојде и да провери што се случува таму. Заедно со патролата чукнал на портата, милосрдните сестри и лекарките како Поликсена, Клија и др. истрпнале - што ќе биде ова чукање ноќно време. Тропањето се повторило. Тогаш Поликсена оди, ја отвора вратата и околискиот началник ѝ се обрнува: "Каков е овој калабалак овде? Што има во оваа зграда?". Поликсена му рекла: "Господине началник, ние неколку жени видовме во градот дека по калдрмите лежат и по тротоарите се влечат ранети и болни жени и деца и некои селани и од милосрдие се сожаливме и ги прибравме овде". Тој ги праша: "Тогаш зошто не ја известивте околиската управа?" - "Во брзината, г. началник, потресени од несреќните, не се сетивме претходно да го направиме тоа, но зборувавме меѓу нас да ве известиме и дури да побараме ваша помош." Кајмакамот се смирил и рекол: "Целта ви е благородна. Имате ли вие лекар што ќе ги прегледа болните?" - "Не, немаме". - "Тогаш јас

ќе ви го испратам градскиот лекар да ги лекува болните." Поликсена му заблагодарила на околискиот началник и со радост им го соопштила тоа на своите другарки. Одговорот на околискиот началник им ги стоплил срцата на сите охриѓани.

До завршувањето на востанието, во октомври 1903 година болницата работела и многу од ранетите четници преоблечени како селани биле лекувани во таа болница. По три месеци пристигнал еден англиски комитет за помош со целиот свој санитарен и лекарски персонал (Роксворд) и ја презел болницата во свои раце. Поликсена за идната 1903/4 година била назначена за наставник во Кавадарци, каде што бевме колеги, а главен учител беше Тодор. Во Кавадарци Поликсена се смести да живее во семејството на Пане Иванов, кој штотуку се вратил од заточение. Тој е првиот организатор на Револуционерната организација во Кавадарци во 1894 година, меѓутоа, револуционерниот оган што горел во него згаснал по неговото враќање од робија; разочаран од настаните што се случуваа често ја советувал Поликсена да не се занимава со комитски работи, зашто ќе биде лошо и за неа и за него. Во Кавадарци таа земаше живо учество во револуционерните активности: често ги собираше поразбудените жени, им зборуваше да бидат корисни за народот, секоја со она со што може, да даваат облека и други работи за четниците и разните курири. По Кавадарци била назначувана за учителка во други градови. Во септември дојде во Солун, каде што се венчаа со брат ми во домот на солунчанецот Коста Бакалов и на другиот ден заминаа за Мустафа-паша (Свиленград), каде што Тодор беше назначен за главен учител. Во 1914 година беше назначена за учителка во Ксанти, каде што во декември 1914 година им се роди синот Здравко. Во 1916 година Тодор е поставен за околиски управител во Кавадарци. Во 1916/17 година и Поликсена беше назначена за наставник во Кавадаречкото трикласно училиште, каде што ја вршеше должноста главен учител. На празникот

Св. Св. Кирил и Методи (11 мај 1917 г. - ст.ст.) одржала блескав говор за делото на Светите браќа Кирил и Методи. Слушателите биле трогнати до солзи, а била топло и срдечно поздравена од угледни претставници на власта, како и од Неговото високо преосвештенство струмичкиот владика Г. Герасим и од граѓанството. Таму продолжила да работи како наставник и во 1917/18 година при отстапувањето на нашата војска на крајот на септември и во октомври, таа со своите две малолетни деца, Здравко и Венета, го напушта Кавадарци и со една воловска кола тргнува за Штип. Тодор останал во градот.